УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА

# САМОЕВАЛУАЦИЈА ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Докторски труд

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Институт за педагогија
Инв.Бр. 14286
12.11. 2012 год.
СКОПЈЕ

КАНДИДАТ:

м-р Ристевска Марија

МЕНТОР:

проф. д-р Снежана Адамчевска

Скопје, 2011 година

ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА

СОДРЖИНА

Foreword........................................5

ПРЕДГОВОР........................................*6*

ВОВЕД........................................7

ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

**1. САМОЕВАЛУАЦИЈА**........................................10

***1.1. Поим и суштина***........................................10

***1.2. Почетоци***........................................12

***1.3. Поими за самоевалуација***........................................13

***1.4. Како треба да изгледа извештајот од самоевалуацијата спроведена во училиштето***........................................17

***1.5. Елементи на самоевалуација***........................................18

***1.6. Искуства***........................................19

**2. ОБЛАСТИ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА**........................................36

**3. СУБЈЕКТИ ВО ПРОЦЕСОТ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА**........................................51

**4. СРЕДСТВА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА**........................................57

***4.1.Средства и постапки за самоевалуација кај учениците***........................................58

***4.2.Средства и постапки за самоевалуација во училницата***........................................61

***4.3.Средства и постапки за самоевалуација во училиштето***........................................63

***4.4.Средства и постапки за самоевалуација надвор од училиштето***........................................63

***4.5.Суштина на средствата за самоевалуација, нивни предности и недостатоци***.64

***4.6. Адаптирачки прашалници за самоевалуација (примери)***........................................69

***4.7. Квантитативни и квалитативни показатели на индикаторите за самоевалуација***........................................73

**5. САМОЕВАЛУАЦИЈА ВО НЕКОИ ЗЕМЈИ ВО СВЕТОТ**........................................86

***5.1. Англија***........................................86

***5.2. Северна Америка***........................................93

**5.2.1. САД**........................................94

**5.2.2. Квебек**........................................94

**5.2.3. Британска Колумбија**........................................95

**5.2.4.Канада**........................................95

*5.3. Австралија и Нов Зеланд*..........96
*5.4. Хонг Конг*..........98
*5.5. Израел*..........99
*5.6. Данска*..........100
*5.7. Шпанија*..........101
*5.8. Италија*..........101
*5.9. Холандија*..........102
*5.10. Ирска*..........102
*5.11.Шкотска*..........103
*5.12.Австрија*..........104
*5.13. Португалија*..........104
*5.14.Француска говорна заедница во Белгија*..........105
*5.15. Есен*..........105
**6. САМОЕВАЛУАЦИСКО УЧИЛИШТЕ**..........106
**7. САМОЕВАЛУАЦИЈАТА КАКО ДОБРА ОСНОВА ЗА ИНСПЕКЦИИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО**..........117
*7.1. Односи помеѓу екстерната и интерната евалуација*..........117
*7.2. Семинари и други работни средби во Република Македонија*..........119
*7.3. Искуства од Велика Британија*..........120
**8. САМОЕВАЛУАЦИЈАТА ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**..........125
**МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО**
**ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ**..........138
**ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ И ОСНОВНИТЕ ПОИМИ**..........140
**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО**..........143
**ХИПОТЕЗИ**..........144
**ПРИМЕРОК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО**..........150
**МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО**..........151
**ОБРАБОТКА НА РЕЗУЛТАТИТЕ**..........151

**АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО**.....152
**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА НА РЕЗУЛТАТИТЕ** .....193
**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**.....200
**ПРИЛОЗИ**.....208

## Foreword

School self - evaluation is now considered a priority in improving the quality of education in many advanced countries. It springs from a common concern for safety, quality and effectiveness.

In recent years much has been achieved in the process of understanding the conditions for learning and for management that creates and encourages those conditions.

Therefore schools need self-evaluation process that is in step with the quality of teaching and learning, in order to inform and helps schools to improve by sharing information and views. By sharing the goals, framework, criteria and appropriate means of work, schools will be able to perform their own self - evaluation.

*ПРЕДГОВОР*

*Училишната самоевалуација денес се смета за приоритет во подобрувањето на квалитетот на образованието, во многу напредни земји во светот. Таа извира од заедничката грижа за сигурност, за квалитет и ефективност.*

*Во последните години е постигнато многу во процесот на разбирање на условите за учење, како и за менаџментот кој ги создава и поттикнува тие услови.*

*Според тоа на училиштата им е потребен процес на самоевалуација кој е во чекор со квалитетот на учењето и поучувањето, информира за него, им помага на училиштата да се подобруваат преку споделување на информации и погледи.*

*Со споделување на целите, рамката, критериумите и соодветните средства за работа, училиштата ќе можат да ја извршат сопствената самоевалуација.*

# ВОВЕД

Во воспитно – образовниот систем покрај другите фактори, неминовна е улогата на училиштето во развојот на младата личност. Како институција која му овозможува на детето средина во која тоа треба да се воспитува и образова, но и да помине долг период од детството во неа, училиштето е должно да му овозможи на детето квалитетно образование и воспитание. Периодот кој детето го поминува во училиштето е период кога детето се наоѓа во една значајна фаза од развојот, па поради тоа доста е значајна средината во која тоа ќе се стекнува со квалитетно образование. Какво образование ќе понуди, колку ќе вложи во сопствениот развој, каква поддршка ќе им даде на своите ученици, сето тоа зависи од многу фактори, но секако најважен фактор е самото училиште.

Проблемот што го проучуваме во овој труд се однесува на самоевалуацијата во основното училиште, како алатка за креирање на посистематичен развој и контрола на сопствениот квалитет.

Трудот е структуиран во три глобални дела: Теоретски дел, Методологија на истражување и Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето со заклучни согледувања.

Во теоретскиот дел е прикажана самоевалуацијата како појава, нејзиниот поим и суштина, почетоците, понатаму поимите за самоевалуација, нејзините елементи, искуствата. Даден е детален опис на областите и нивната поставеност во рамката на самоевалуацијата, субјектите кои се опфаќаат со процесот на самоевалуација. Во четвртата тема од теоретскиот дел прикажани се средствата за самоевалуација, нивната широка употреба во различните индикатори и за најразлични корисници, нивните предности и недостатоци. Понатаму во оваа тема дадени се примери за адаптирачки прашалници за самоевалуација, како и квантитативни и квалитативни показатели на индикаторите за самоевалуација. Во петата тема од теоретскиот дел прикажани се искуства од повеќе земји во светот меѓу кои: Англија, Северна Америка, Австралија и Нов Зеланд, Хонг Конг, Израел, Данска, Шпанија, Италија и др. Шестата тема зборува за самоевалуациското училиште, какво треба да биде, како се однесуваат субјектите во

ваквите училишта и за карактеристиките на ефективното училиште. Понатаму седмата тема зборува за самоевалуацијата како рамка за добра основа за инспекциите во училиштето, односот помеѓу екстерната и интерната самоевалуација, искуства од Република Македонија и Велика Британија. Во последната тема од теоретскиот дел прикажана е состојбата на самоевалуацијата во основните училишта во Република Македонија, како училиштата ја спроведуваат самоевалуацијата во поодделните области, со кои средства и методи.

Во вториот дел од трудот прикажана е методологијата на истражувањето со сите нејзини составни делови: проблемот на истражување, целта, поставените хипотези, примерокот, методите, техниките и инструментите на истражувањето.

Во третиот дел следи анализата и интерпретацијата на резултатите, како и заклучните согледувања од резултатите.

Целта на овој труд е да им понуди на училиштата докажан и едноставен инструментариум за спроведување на самоевалуација со сите нејзини индикатори и показатели, потврдени од примерокот и прилагодливи во секое училиште со јасна цел - планирање на сопствениот развој.

# ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

# 1. САМОЕВАЛУАЦИЈА

## *1.1. Поим и суштина*

Бројни училишта во светот развиле програми за набљудување на напредокот на училиштето, за евалуација на наставниците, нивниот професионален развој, за прогресот на учениците, нивните постигнувања и многу повеќе. Многу од нив имаат јасна претстава за нивниот развој, бистра слика за тоа како ја исполниле обврската кон заедницата, кон општеството, вредностите кои ги освоиле и обезбедување на образование кое го зацртале за нивните ученици. До ваквата слика многу од училиштата доаѓаат преку анализирање на постојаните состојби односно преку процесот на самоевалуација.

Училишната самоевалуација е важен елемент во процесот за континуиран напредок. Таа дава можност целата училишна заедница да влијае на резултатите на учениците и клучните стратегии за напредување, и истата се фокусира на можните акции од страна на училиштето кои во иднина ќе водат до понатамошно напредување. Овој процес на влијание е од клучно значење за понатамошниот развој. Таа вклучува собирање на информации за полесно донесување на одлуките. Во училишен контекст, секоја информација или увид кој помага во процесот на донесување на одлуки може да се смета за самоевалуација. Клучната практична задача е да се донесе одлука кои информации се потребни и на кој начин може да се дојде до нив.

Процесот на самоевалуација не бара посебни истражувачки вештини туку истиот се темели на спектар од способности со кои располагаат добрите наставници, интервјуерите.

Самоевалуацијата нуди можности за самостојна проценка на поставените задачи, проценка на реализацијата на задачата, идентификување на добрите и лошите страни во животот и работата на училиштето, подобра поставеност за инспекторирање и надворешна евалуација, поставување на реални цели, приоритети и задачи. (Петковски Л. М., 2004, стр. 67)

Самоевалуацијата ја дефинираме како процес каде училиштето и субјектите во него оценуваат колку ефективно ги достигнуваат зацртаните цели и визија.

Таа може да биде сеопфатна или парцијална. Сеопфатната самоевалуација се спроведува на ниво на цело училиште, а парцијалната или делумна самоевалуација се однесува само на некој дел од училиштето пр. самоевалуација на стручното усовршување на наставниците, на раководењето, на постигањата на учениците, на слободните активности на учениците, на соработката со родителите и др.

Самоевалуацијата за најмалите ученици започнува со три прашања на самиот почеток од нивниот училишен живот:

Во што сум добар?

Во што можам да бидам подобар?

Кој може да помогне?

Овие се истите три прашања за наставникот, директорот и административните работници. За самото училиште тие претставуваат појдовна точка во процесот на евалуација. Трите прашања на училишно ниво се следниве:

Во што сме добри ние како училиште?

Во што можеме да бидеме подобри?

Кој може да помогне? (MacBeath J. , School must speak for themselves, 1999)

Според Петковски, (Петковски, Нови аспекти на инспекторирањето во образованието, 2003) следењето и вреднувањето на работата на училиштата треба да се реализира преку три нивоа, и тоа:

- самоевалуација;

- инспекција и евалуација;

- екстерна евалуација.

**Самоевалуацијата** се реализира во училиштето. Учесници во овој процес се: директорот на училиштето, стручните соработници (педагог, психолог, социјален работник), наставниците, учениците и нивните родители.

**Инспекцијата и евалуацијата** ги реализираат инспектори претходно подготвени според однапред подготвен протокол.

**Екстерната евалуација** ја спроведува специјализирана институција преку претходно подготвени стандардизирани инструменти.

## *1.2. Почетоци*

Во 1995 година Националната Унија на наставници нарача студија во врска со училишната самоевалуација. Нејзината цел беше да се открие дали моделот кој беше развиен во Шкотска во раните деведесетти може да се примени или да се адаптира во Англиско - Велшки контекст. Публикацијата „Училиштата зборуваат сами за себе„ (*Schools Speak for Themselves*) беше издадена во Јануари 1996 година и истата беше дистрибуирана од страна на Националната Унија на наставници до сите основни, средни и посебни училишта во Англија и Велс.

Во 2001 година започна финансирањето напроектот на SICI од Северна Ирска, наменет за самоевалуацијата во училиштата со цел да се постигне висока модернизација на образовниот систем во Европа до 2010 година. SICI (The Standing International Conference of Central and General Inspectorates of Education) функционира од 1959 година. Некои нејзини членки се: Англија, Австрија, Белгија, Италија, Португалија, Луксембург и други.

Во 2003 година се објави Извештајот од проектот ESSE (Effective School Self-Evaluation project).

Целите на проектот беа насочени кон:

- Идентификација на клучните индикатори за евалуација и за ефективност на училишната самоевалуација;

- Развивање на методологија за испитување на училишната самоевалуација;

- Идентификација на слабостите од самоевалуацијата низ земјите и регионите;

- Анализа: како самоевалуацијата и надворешната евалуација на училиштата најефективно да се комбинираат;

- Изработка на студии на случај (case studies) за ефективната самоевалуација во практиката. (Милошевска М. , 2008)

Во понатамошната работа на ESSE се промовираше самоевалуацијата, се обучуваа наставниците, се изработи документација за процесите и резултатите од самоевалуацијата и се инволвираа сите субјекти во процесот. Училиштата најпрво ја опишаа моменталната состојба а потоа и очекуваниот исход од самоевалуацијата.

Од поблиското окружување можеме да ја спомeнеме работилницата која се одржа од 17 до 19. 03. 2003 година во Белград на тема „Инспекцијата и оценувањето во училиштата; искуства идеи размена" организирана од страна на Министерството за образование и спорт на Република Србија во соработка со CEPS (Centre for Educational Policy Studies) од Љубљана и SICI (The Standing International Conference of Central and General Inspectorates of Education) од северна Ирска.

## *1.3. Поими за самоевалуација*

Самоевалуацијата се појавува во различни форми и под различни имиња. Нејзините различни цели се откриваат под различни имиња, поими како што се самопроценување, самоиспитување, ревизија и ветување на квалитет. Една од најчестите варијанти во Англија е самоиспитувањето (self – rewiew), додека пак во Северна Америка поимот самопроценување (self – assessment) се користи многу често. Иако сите овие поими се однесуваат на истата работа, сепак многу е важно да се прави концептуална разлика .

Самоиспитувањето (self – rewiew) се повеќе се користи како синоним и е поим кој е прифатен од страна на повеќето локални власти во Англија. Некои, како на пример Shropshire, прават разлика помеѓу поширокото единствено испитување и тековната самоевалуација. Поимот испитување укажува на повторно разгледување, кое повеќе води до разбирлив преглед отколку до длабоко истражување на одбраните области.

*Испитувањето (inquiry)* е Северно Американски поим и се користи за означување на процеси со отворен крај, кои не се врзуваат за спефични критериуми. Една форма на испитувањето е позната како „испитување кое е полно со разбирање„ и која ги разбира јаките страни на училиштето во неговата рамка. Тоа е многу повеќе формативно отколку сумативно.

*Самопроценување (self – assessment)* исто така се користи како синоним за самоевалуација. Разликата помеѓу проценување и евалуација е сепак од големо значење. Во Велика Британија проценувањето се однесува на знаење, вештини и однесувања кои ги карактеризираат учениците а кои се користат и сумативно и формативно. Евалуацијата пак, од друга страна, се грижи да направи критичко истражување до степен кога секој процес е ефективен и за истиот тој процес носи евалуациска пресуда, како сумативна така и формативна.

*Истражувањето (research)* понекогаш се користи како синоним за испитувањето и има многу сличности со самоевалуацијата посебно затоа што е процес без интерес насочен кон обелоденување на работите такви какви што се. Додека многуте истражувања правени од страна на учениците, наставниците или училиштата се многу слични на самоевалуацијата, испитувањето е е поширок концепт кој вклучува многу училишта. Тоа може да биде и формативно и сумативно.

*Самоевалуацијата (self – evaluation)* како поим кој се почесто се користи во Европските и Азиско - Пацифичките држави и кој сега е се почесто употребуван од страна на Канцеларијата за образовни стандарди - Ofsted ги определува своите клучни елементи претставени на следниов начин:

1 Интелигентната одговорност треба да биде заснована на училишните погледи за тоа колку добро училиштето им служи на учениците и на своите приоритети за подобрување.

2 Силната самоевалуација треба да е составен дел на секојдневната пракса на училиштето.

3 Ефективната самоевалуација треба да ги поставува најважните прашања за учењето на учениците, нивните достигнувања и нивниот развој.

4 Треба да користи цел спектар на докази за да одговори на овие прашања.

5 Треба да постави појдовна точка која ќе помогне во споредување на училишните достигнувања и изведбите на учениците со останатите најдобри училишта.

6 Треба да ги вклучува персоналот, учениците, родителите и властите на сите нивоа.

7 Треба да биде составен дел на централниот систем на училиштетото за напредок на учениците и за менаџирање на персоналот.

8 Треба да води кон акција. (MacBeath, School Inspection and Self - Evaluation, 2006)

Според истражувањето на Националната Фондација за Образовни Истражувања - NFER во 2001 година се направени разлики помеѓу самоиспитувањето и самоевалуацијата. (MacBeath, School Inspection and Self - Evaluation, 2006) Во табелата бр. 1. се прикажани некои од нив:

| Самоиспитување<br><br>self - inspection | Самоевалуација<br><br>self - evaluation |
|---|---|
| Горе-долу | Долу-горе |
| Еден настан | Последователен и дел од работата на наставниците и директорите |
| Обезбедува една слика | Е филм |
| Троши време | Штеди време |
| Повеќе се однесува на одговорноста отколу на подобрувањето | Повеќе се однесува на подобрувањето отколку на одговорноста |
| Има општа рамка | Флексибилна е и спонтана |
| Користи претходно одредени критериуми | Користи, прилагодува и создава релеванти критериуми |
| Создава отпор | Ги ангажира и ги вклучува луѓето |
| Може да го поцени учењето и подучувањето | Го подобрува учењето и подучувањето |
| Поттикнува на сигурна игра | Превзема ризици |
| Бара косензус | Ги величи разликите |

Табела бр. 1

## *1.4. Како треба да изгледа извештајот од самоевалуацијата спроведена во училиштето?*

Според (School Self - Evaluation Guidelines 2010, 2009) извештаите треба да бидат концизни и нивната должина треба да биде од 10 до 20 страни. Најпрво запознавање со училишната самоевалуација и методологијата, училишниот контекст и евалуацијата на работата во однос на резултатите и клучните стратегии за подобрување. Јасно и концизно да се потенцираат слабите и јаките страни на училиштето како и областите на кои им е потребно понатамошно подобрување, и колку ефективно училиштето ги остварува целите од претходниот стратешки план. Исто така, и предлози за во иднина.

Во делот на методологијата треба да е опфатен процесот кој бил употребен во училиштето за подготовка на самоевалуацијата, бидејќи самиот пристап се менува од едно до друго училиште. Овој дел може да го опише учеството и постапките на сите учесници кои учествувале во подготовката на самоевалуацијата, како и да даде заклучок во врска со консултациите при подготовката.

Во делот за училишниот контекст треба да се опишани сите физички промени во однос на средината како и демографските и општествените карактеристики и тоа помага во дефинирањето на природата и разновидноста на училишната заедница. Тоа се потпира на самиот профил кој е даден во училишниот стратешки план. Училишниот контекст може да се развива заедно со еколошкиот контекст на училишниот стратешки план. Училишниот контекст се консултира кога треба да се објаснат целите кои беа постигнати во рамките на училиштето. Овој дел потенцира ги важните трендови во средината во која училиштето работи и има големо влијание врз развојот на училишниот стратешки план.

За секој од трите резултати на ученикот, а тоа се учењето на ученикот, ангажираноста на ученикот и патеките на движење на ученикот, училиштата се повикуваат на група клучни прашања кои се однесуваат на управувачите на ефикасноста, ефективноста на клучните стратегии и препораките за во иднина.

### *1.5.Елементи на самоевалуација*

Според Макбет, (MacBeath, School Inspection and Self - Evaluation, 2006) самоевалуацијата има седум елементи и недостатокот на само еден од нив може да доведе до неуспех во имплементацијата. Тие се: цел, публика, рамка, критериуми, средства, процес и производ.

Целта подразбира прибирање на различни погледи, создавање на форум или форуми за дискусија, испитување на потенцијалните цели и согласување околу она што е еминентно за училиштето. Може да се случи да нема само една единствена цел, туку цела група на цели, кои групирани заедно обезбедуваат една визионерска цел, која не е ниту премногу грандиозна ниту нејасна, туку е онаа која луѓето ја сметаат за репрезент на нивните приоритети.

Тешко е да се дискутира за целта без да се има предвид и публиката за самоевалуацијата.

Кога зборуваме за рамката на самоевалуацијата заклучуваме дека самоевалуацијата често е неорганизиран процес па со цел да се изгради и се слее во целата училишна политика на одделни елементи на практиката им е потребна структурирана рамка.

Самоевалуацијата мора да биде заснована врз основа на докази. За да зборуваме за критериумите мора да ги споменеме областите на самоевалуацијата како на пример успехот и напредокот, ресурсите, постигањата на учениците, квалитетот на учењето, етосот и др. Најлесно мерливи критериуми се постигнувањата на тестовите и испитите. Тие можат да бидат изразени во поени, нивоа и проценти. Критериумот кој го мери квалитетот на учењето или поучувањето или етосот во училиштето и културата на пример, се потешко мерливи и тешко е истите да се изразат. Тие се најзначајни кога наставниците ги прават заедно со помошта на учениците.

Процесот на самоевалуација во едно училиште вклучува учесници како наставници, персонал, ученици, родители кои можат да ги следат критериумите и да направат проценка на се, користејќи ја скалат од четири нивоа која е широко прифатена.

Средствата може да имаат различни форми и големини. Средствата кои наставниците и учениците ги користат се едноставни и достапни и во исто време моќни.

Крајниот производ мора да има форма на пишан извештај, видео или пауер поинт презентација, група фотографии со коментари, интернет страна или комбинација од претходно споменатите. Всучност, самоевалуацијата нема краен производ бидејќи таа е тековен процес кој се развива постојано. Може да има форма на секвенци од извештаи или отворено портфолио кое може постојано да се дополнува и да се зголемува.

Колку и да е вградена, спонтана или интуитивна самоевалуацијата таа е исто така систематична, заснована на докази и со јасна цел и исход. Не смее да се случи еден од овие елементи да недостасува. Што ако не е разбирлива целта или нема публика? Како може самоевалуацијата да биде ефективна без критериумите? Како може самоевалуацијата добро да функционира без правилни средства за работа? Кој е крајниот производ кон кој се стреми поединецот?

**1.6. *Искуства*** (MacBeath J. , School must speak for themselves, 1999)

Комисијата на Националната Унија на наставници во 1995 година работела заедно со група училишта на развивање пристап на самоевалуација. Потпирајќи се на претходната работа на Шкотските училишта, од групата истражувачи било побарано да создадат нивна сопствена рамка и инструменти за самоевалуација.

Задачата била да им се помогне на училиштата да одредат критериуми кои се реални, значајни и кои се однесуваат на есенцијалните цели на училишното образование, да создадат клима во која на процесот ќе се гледа како енергетски а не како исцрпувачки, да се обезбедат почетни точки и упатства и да се развие доволно силна рамка која ќе биде веродостојна за широк спектар но истовремено и флексибилна за да ги задоволи потребите на поединечните училишта.

Истражувачкиот тим работел со десет училишта во Англија и Велс во периодот Јуни – Јули 1995 година. Училиштата биле избрани со цел да покријат колку што е можно покарактеристичен спектар. Шест основни училишта географски распределени од Лондон

до Њукасл и средни училишта во Лондон, Кантербури и Велс. Исто така било вклучено и едно посебно училиште во Лидс. Училиштата покривале социо - економски спектар, руралните и урбаните локации и училишта од оние со најмали до оние со најголеми приходи. Исто така биле вклучени и мулти - расни училишта. Едно училиште било само женско, а едно било државно училиште.

Табела бр. 2 Учесници во истражувањето од 1995 година

| | **Основни/посебни** | **Средни** |
|---|---|---|
| **Наставници** | 48 | 61 |
| **Менаџмент** | 10 | 16 |
| **Помошен персонал** | 19 | 15 |
| **Ученици** | 201 | 181 |
| **Родители** | 67 | 31 |
| **Управители** | 24 | 29 |

Биле поставени две клучни прашања:

- Кои се клучните карактеристики на едно “добро“ училиште според вас?
- Кои од дадените дваесет и три критериуми ги сметате за најважни а кои за најмалку важни за вашето училиште?

Првото прашање било реализирано преку задача со отворен крај. Сите учесници требало да направат своја лична листа на пет клучни индикатори за добро училиште. Од малите деца се барало да нацртаат што им се допаѓа и што не им се допаѓа во училиштето. Од учениците во основните училишта се барало да направат кратка листа на работи кои наставниците ги карактеризираат како добри.

Во средните училишта била спроведена дополнителна активност. Од учениците се побарало да работат во групи од пет до шест со шпил карти од кои секоја претставувала еден од критериумите на “Нова рамка за училишна проверка“ (New Framework For School Inspection) на Канцеларијата за стандарди во образованието - OFSTED. Задачата на групите била да ги распределат картите на масата и да се согласат меѓусебно за пет кои ги сметаат за најважни и три за кои сметаат дека се најмалку важни.

На прашањето кои се петте показатели на доброто училиште **учениците** одговориле:

- Учениците се фини едни кон други
- Секој се третира на фер начин
- Постои пријателска атмосфера
- Наставниците можат да го контролираат класот но не се строги
- Наставници кои ти помагаат со работите кои не ти одат баш најдобро

На ова прашање најчести одговори на **наставниците** биле:

- Добра меѓусебна комуникација
- Добар развој на персоналот и училишниот напредок
- Добра атмосфера за работа (згради, одржување, презентација)
- Учениците се среќни и мотивирани
- Им се помага на учениците да го постигнат тоа за што се способни

Одговорите на **родителите** биле:

- Постои добра атмосфера
- Грижлив персонал кој комуницира добро со учениците
- Добра дисциплина

- Повеќе време им се посветува на учениците кои побавно учат
- Добар однос наставници - родители

Во врска со ова прашање мислењата на **менаџментот** биле:

- Учениците се чувствуваат безбедни
- Сите членови на училишната заедница имаат заеднички јасни цели
- Висок квалитет на информации за родителите и посетителите
- Правилата се применуваат подеднакво за сите
- Им помага на сите ученици да го постигнат тоа за што се способни

**Помошниот персонал** одговориле:

- Добри современи извори
- Училниците се чисти, топли и удобни
- На помошниот персонал им се вреднува компетентноста и придонесот
- Средината е пријателска и пријатна
- Развојот на персоналот го вклучува целиот персонал

Мислењата на **директорите** биле:

- Одлична репутација кај локалната власт
- Силно водство од страна на менаџментот
- Среќна и пријатна атмосфера
- На учениците им се помага да го остварат својот потенцијал
- Сигурно место за учениците и наставниците.

Од дадените одговори на учесниците била направена првичната рамка со десет показатели:

**1. Училишна клима**

На почетокот се наоѓа училишната клима бидејќи истата била спомнувана најчесто, од страна на сите групи. Зборовите "атмосфера", "клима" или "обичај" биле многу повеќе употребени од страна на наставниците и родителите, помалку од средношколците а едвај од основновците. Сепак, за нив училиштето претставува пријателско место. Најчести искази од страна на родителите биле: "училиште кое е светло и пријатно", "училиште во кое се слуша жагор кога ќе влезиш", "учениците и персоналот се поздравуваат и се насмевнуваат еден на друг кога се разминуваат во ходниците".Овие впечатоци ги стекнувале при влегувањето во училиштето или училницата - топлината, добродојденоста, како и чувствата кои ги понесуваат при напуштањето на истите. За разлика од родителите наставниците пишувале за "грижлива атмосфера", "атмосфера за корисна работа" и "среќни ученици и среќен персонал". Учениците го опишале училиштето како место "каде наставниците се однесуваат кон тебе со почит и не викаат на тебе". Сето ова било сместено во категорија "училишна клима".

| **1. Училишна клима** | |
|---|---|
| Подкатегории | Пет клучни карактеристики: |
| 1.1 Дисциплина и старателска грижа<br>1.2 Воннаставни активности | • Училиштето е сигурно и среќно место<br>• Постојат места каде учениците можат да одат и да прават конструктивни работи надвор од времето во училницата<br>• Учениците и персоналот се однесуваат релаксирано и уредно<br>• Учениците, персоналот и родителите чувствуваат дека нивниот придонес кон училиштето е ценет<br>• Училиштето е пријатно кон посетителите и новодојденците |

Табела бр. 3

## 2. Односи

Односите се сместени во посебна категорија бидејќи истите биле често и прецизно споменувани како одлучувачки карактеристика на доброто училиште. Најчестата форма на интеракција која била спомeнувана бил односот ученик – наставник, но персоналот исто така ги споменувал и колегијалните односи, комуникацијата помеѓу наставниците и помошниот персонал и односите помеѓу наставниците и менаџментот. За учениците оваа врска била поттикната од наставниците кои биле “достапни“, “пристапачни“ и “ полни со разбирање и кои помагаат“. За наставниците, добрата интеракција била потпомогната од учениците кои “добро се однесуваат“, “имаат почит“, “одговорни се“ како и “мотивирани“. Ова кажува многу за начинот на кој учениците ги евалуираат своите наставници и обратно, на кој начин наставниците ги евалуираат учениците.

| **2. Односи** | |
|---|---|
| Подкатегории | Пет клучни карактеристики: |
| • Односи наставник - ученик<br>• Односи ученик - ученик<br>• Односи наставник - наставник<br>• Односи родител - наставник | • Постои соработка и тимски дух помеѓу целиот персонал<br>• Постарите ученици им помагаат на помалите<br>• Силеџиството не се толерира<br>Родителите и властите се чувствуваат пријатно и ценето во училиштето<br>• Луѓето си се обраќаат еден на друг на начин кој ја потврдува индивидуалноста на секој од нив |

Табела бр. 4

## 3. Организација и комуникација

Училишната клима и односите се под големо влијание на организацијата и комуникацијата во училиштето. Оваа категорија е направена заради укажувањата на наставниот кадар за неговата ефикасност во комуникацијата со управата на училиштето.

| 3. Организација и комуникација | |
|---|---|
| Подкатегории | Пет клучни карактеристики: |
| 3.1 "Избалансирано" училиште е она училиште во кое:<br>• Јасни се начините на кои се прават работите<br>• Постои добра комуникација<br>• Луѓето разговараат за својата работа<br>• Проблемите се решаваат веднаш и не се дозволува истите да се таложат<br>• Луѓето можат да сметаат едни на други<br>• Работите се средуваат на неформален начин<br>• Луѓето работат на нивната интеракција<br>• Постои постојаност во очекувањата<br>• Се ослободува време за работите кои се од големо значење. | • Донесувањето на одлуки е отворен процес во кој сите учествуваат<br>• Се слушаат мислењата на сите<br>• Учениците имаат свои форуми за дискутирање на нивните грижи и проблеми<br>• Родителите и властите се добро информирани за политиката на училиштето<br>• Заедницата има силен, позитивен поглед на училиштето |

Табела бр. 5

## 4. Време и извори

Ефикасноста на организацијата и комуникацијата носи одредени релации со времето како критичен извор кој треба да се исцрпи. Споменати биле (повеќе од страна на учениците) “материјали“, “ опрема“ и “можности и време кои треба да се искористат“. За наставниците најголем проблем е да имаат време за работите кои се важни, а тоа се учењето и поучувањето.

| **4. Време и извори** |
|---|
| Пет клучни карактеристики: |
| • Часовите се организираат со цел да спроведат ефективно учење за сите ученици<br>• Развојот на изворите е резултат на пристапот на преговарање<br>• Времето на наставниците за планирање, пристап и професионален развој се користи добро<br>• Изворите им се достапни на учениците во текот на училишниот ден и надвор од него<br>• Училиштето е извор на заедницата. |

Табела бр. 6

**5 .Препознавање на постигнувањето**

Постигнувањата на учениците се главната цел на училиштето, а тоа значи препознавање и наградување на трудот. Во овој показател е сместено и препознавањето на постигнувањата од страна на наставниците.

| **5 .Препознавање на постигнувањето** |
|---|
| Пет клучни карактеристики: |
| • Во училиштето постои клима на постигнување<br>• Сите ученици имаат подеднакви шанси да им се признаат постигнувањата<br>• Награда наместо казна е пристапот на училиштето<br>• Постои консензус во врска со значењето на терминот "успех"<br>• Постигнувањата на персоналот се препознаваат и се наградуваат |

Табела бр. 7

## 6. Праведност

Поимот "праведност" се однесува на отвореноста на училиштето кон луѓето со недостатоци и на можноста за луѓето со специјални потреби. Тој се однесува на еднаквоста помеѓу луѓето без оглед на пол, раса или академската способност.

| 6. Праведност | |
|---|---|
| Подкатегории | Пет клучни карактеристики: |
| 6.1 Училиштето како место за сите<br><br>6.2 Можност за учество во животот во училиштето<br><br>6.3 Односи кон различностите и посебностите<br><br>6.4 Постапки за справување со расизмот, сексизмот и дригите форми на дискриминација | • Учениците имаат доверба во политиката на училиштето за еднакви можности<br><br>• Културната, моралната, интелектуалната и општествената разновидност е составен дел од училишниот живот и од учењето<br><br>• Целиот персонал верува дека има улога во промовирањето на културата на еднакви можности<br><br>• Планирањето и организацијата на наставниот план води сметка за потребите на сите ученици<br><br>• Сите ученици имаат можност да преземат одговорност во рамките на училницата, училиштето и воннаставните активности. |

Табела бр. 8

### 7 . Односи дом - училиште

Во оваа категорија се сместени родителската вклученост, размената на информации помеѓу домот и училиштето, внимателност од страна на училиштата да не го поттикнат неуспехот на децата кои веќе се хендикепирани од страна на домот или заедницата.

| 7 . Односи дом - училиште |
|---|
| Пет клучни карактеристики: |
| • Родителите играат активна улога во учењето на нивните деца<br>• Родителите се сигурни дека проблемите ќе се решат и ќе се постигне повратна информација<br>• Училиштето им обезбедува на учениците општествена, културна и лингвистичка позадина<br>• Состаноците родител - наставник се корисни и продуктивни<br>• Напредокот на ученикот се следи и истиот се споделува со родителите. |

Табела бр. 9

## 8. Поддршка на поучувањето

За наставниците односите дом - училиште биле значајни за поддршка на поучувањето. Во оваа категорија се вклучени и услови кои се однесуваат на потпомагањето на наставничката функција во училницата.

| 8. Поддршка на поучувањето | |
|---|---|
| Подкатегории | Пет клучни карактеристики: |
| 8.1 Структурна поддршка - големина на класот | • Поддршката за учење и поучување се централен дел од политиката и развојниот план на училиштето<br>• Наставниците добиваат поддршка од менаџментот<br>• Големината на класот обезбедува ефективно поучување<br>• Наставниците ги споделуваат успесите и проблемите меѓусебе<br>• Родителите се партнери во учењето на учениците. |

Табела бр. 10

## 9. Клима во училницата

Учениците училницата ја опишувале како стимулативна или интересно место. Оваа категорија ги вклучува начините на кои наставниците ги поставуваат условите за “правење на лекциите интересни“ или различни.

| 9. Клима во училницата | |
|---|---|
| Подкатегории | Пет клучни карактеристики: |
| 9.1 Ученици<br><br>Учениците ја опишуваат училишната клима во рамки на следниве категории:<br><br>*Услови за совладување на материјата*<br><br>• Соодветно време за секоја лекција<br>• Прифатливи стандарди за опремата<br>• Не премногу луѓе за да не се направи гужва<br><br>*Општествен контекст*<br><br>• Неуривачка средина<br>• Без дискриминација или фаворизирање<br>• Можност да се зборува и да се биде слушнат<br><br>*Програма за работа*<br><br>• Работата е на вашето ниво на способност<br>• Постојат високи стандарди на работа за секоја лекција<br>• Има доволно време за да се заврши работата и | • Училницата е задоволувачко место за учениците и наставниците<br><br>• Постои ред, цел и релаксирана атмосфера во училниците<br><br>• Учениците се чувствуваат доверба кога бараат помош од наставниците<br><br>• Учениците соработуваат и работат индивидуално кога тоа е потребно |

| | |
|---|---|
| истата да се провери<br>*Поддршка за учењето*<br>• Наставниците се движат низ училницата и им помагаат на учениците на кои тоа им е потребно<br>• Наставниците јасно и внимателно ги објаснуваат работите<br>• Чувствуваш дека нешто постигнуваш<br>9.2 Родители<br>Показателите на родителите се паралелни на оние на учениците:<br>• Чисти и пријатни училници<br>• Наставникот создава атмосфера која води до целисходна работа<br>• Програмата за работа е во согласност со индивидуалните способности<br>• Наставникот создава интерес за предметот<br>9.3 Наставници<br>Наставниците ја проценуваат климата во училницата според учениците кои:<br>• Покажуваат спремност за работа<br>• Се самомотивирани<br>• Се точни | • Ниту едно дете не е исклучено од можноста за успех |

| | |
|---|---|
| • Имаат чувство на гордост во својата работа<br>• Имаат желба да постигнат нешто<br>• Се спремни да прифатат помош и совет<br>• Се спремни да соработуваат со другите | |

Табела бр. 11

## 10. Поддршка на учењето

Во училиштето сите треба да работат заедно со цел да ги поддржат младите луѓе во нивното учење. Оваа категорија е составена бидејќи учениците, многу повеќе од другите групи, често ги споменувале оние кои им помагале во учењето.

| 10. Поддршка на учењето | |
|---|---|
| Подкатегории | Пет клучни карактеристики: |
| 10.1 Скриено значење<br><br>10.2 Важноста на повратната информација | • Учениците се сметаат за индивидуални изучувачи<br>• Наставниците веруваат дека сите ученици можат да учат и да постигнат успех<br>• Училиштето е фокусирано на учењето<br>• Учењето во и надвор од училиштето се смета за една целина<br>• Учениците се вклучени во процесот на прегледување, регистрирање на постигнувањата и поставувањето на целите. |

Табела бр. 12

Во претходниот текст се прикажани почетоците на креирањето на индикаторите за самоевалуација. Понатаму секоја земја ги прилагодува на сопствените потреби во зависност од многу фактори како на пример финансиската состојба на државата, целите и карактеристиките на воспитно – образовниот систем, целите на подсистемите, релациите на воспитно – образовниот систем со општествените појави карактеристични за одредена земја, прифатените вредности и појдовните позиции од кои поаѓа образовната политика во една земја.

На пример кога зборуваме за односите во едно училиште на односот наставник - ученик се гледа како на движечка сила на се што се случува во училиштето и училницата, таа комуникација може слободно да го заземе централното место во училишната самоевалуација. Сепак од друга страна односите ученик - ученик се сместени во срцето на училиштето и тоа може да предизвика многу полемики.

Понтаму кога станува збор за поддршката во поучувањето која наставникот му ја дава на секое дете, големината на одделението, иако не е водечки показател за добро училиште сепак во одреден контекст е доста значаен. Бројот на луѓето во даден простор влијае на движењето и на личниот простор. Истиот влијае на времето кое наставникот му го посветува на секое дете или група, постигнувањата, оценувањето како и на квалитетот на повратната информација дадена на секое дете, на стилот на предавање, врските помеѓу учениците, групната работа и разновидноста. Наставниците кои предаваат во поголеми класови поминуваат повеќе време во подготовка на лекциите. Во помалите класови повеќе време се посветува на задачите, има подобра повратна информација, има непрекинати интеракции, помалку време се троши за контролирање на класот, помалку време се троши на рутинско проверување.

На крај и во рамките на прифатените индикатори од страна на една земја, се дозволува секое едно училиште да ги прифати оние индикатори за самоевалуација кои смета дека најдобро ќе му помогнат во напредокот и остварувањето на целите.

## 2. ОБЛАСТИ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

*Самоевалуацијата е повеќе процес на*
*откривање отколку тенденциозно следење на добро изодена патека.*

*(MacBeath, 2006)*

За да постигнат развој и подобрување училиштата мора да ги користат стратегиите за самоевалуација. Различни автори различно ги нарекуваат. Некои се одлучиле да ги наречат етапи на самоевалуација, некои се одлучиле за стратегии, некои критериуми, некои ги нарекуваат области, показатели и така натаму. Како и да е сите овие се ставени во една рамка. Исто како и областите и на рамката и се дадени различни имиња. Во секој случај тоа е она што ги држи областите заедно, им обезбедува структура и им дава некоја замислена форма. Рамката се потпира на колективната мудрост на оние што ја создале. Учесниците во креирањето на ваквата структура редовно го поставуваат прашањето кои треба да бидат составните делови (компоненти) на самоевалуацијата. Според третиот принцип на Ofsted: „ефективната самоевалуација треба да ги поставува најважните прашања за учењето на учениците, нивните достигнувања и развој„. Од наставниците било побарано од листа од осум компоненти да одберат кои компоненти им изгледаат најважни. Поголемиот број се одлучиле за *мотивацијата и интересот на учениците, условите во училиштетото и факторите кои го промовираат учењето* и *вредности или мерки кои обезбедуваат напредок помеѓу клучните фази и/или испити.* Останатите наставници одбрале: *квалитетот на врските помеѓу наставниците и учениците, однесувањата на учениците во училиштето* и *резултатите на учениците на крајните тестови.*

На прашањето кој треба да ги дефинира критериумите за квалитет мислењата биле поделени. Некои мислеле дека критериумите треба да се развијат преку соработка на училиштето и *критичкиот партнер* (Critical friend). Други сметале дека критериумите треба да ги постави училиштето врз основа на неколку извори, а некои мислеле дека тоа треба да го направи Ofsted. Некои мислеле дека критериумите треба да бидат поставени единствено од страна на училиштето, додека пак други сметале дека критериумите треба да ги постави Локалната образовна власт - LEA.

Според **Петковски** (Петковски, Нови аспекти на инспекторирањето во образованието, 2003) Програмата за интегралната евалуација на училиштата (ИЕУ) ја поставува структурата на модулите на следниов начин:

Модул I - резултати од постигнувањата

Модул II - воспитување, поучување и учење

Модул III - клима и воспитен контекст

Модул IV - организација и водење

Значи рамката ја нарекуваат структура а областите се наречени модули.

Во модул I - резултати од постигнувањата, е поставена следнава табела:

| **Главни области** | **Полиња на опсервација** | **Показатели за работата** |
|---|---|---|
| **Постигнатиот успех на ученикот** | - Брзина на постигнувањето<br>- Квалитет на постигнувањето<br>- Прилагодени мерки<br>- Заеднички анализи | - Ефективност<br>- Успешност<br>- Постигнување |

Табела бр. 13

Во модул II - воспитување, поучување и учење, е поставена следнава табела:

| **Главни области** | **Полиња на опсервација** | **Показатели за работата** |
|---|---|---|
| **Наставни планови на класовите и училиштата** | - Работење со курикулум<br>- Организација на работата<br>- Оценување<br>- Заеднички анализи | - Ефективност<br>- Успешност<br>- Постигнување |

| | | |
|---|---|---|
| **Работа во училница** | - Природа на активностите<br>- Управување со времето<br>- Педагошка диференцијација<br>- Педагошки односи | - Јасност<br>- Разновидност<br>- Самопочитување<br>- Ставови |
| **Извори на учење** | - Помошни материјали<br>- Експериментални и истражувачки активности | - Разновидност<br>- Пристапност<br>- „Користена брзина" |
| **Евалуација** | - Евалуација на развојот на учениците | - Цел<br>- Повратна информација<br>- Фреквентност |
| **Воспитна поддршка** | - Помошни модалитети | - Координација<br>- Успешност |

Табела бр. 14

Во модул III - клима и воспитен контекст, е поставена следнава табела:

| **Главни области** | **Полиња на опсервација** | **Показатели за работата** |
|---|---|---|
| **Укинување на верската и етничката поделба во училиштата** | - „Училишната област"<br>- Меѓусебни односи<br>- Општествено воспитување | - Интеграција<br>- Учество<br>- Обезбедување клима на соработка |
| **Информации** | - Внатрешно ниво<br>- Надворешно ниво | - Соодветност<br>- Разновидност |
| **Интеракција во локалната заедница** | - Други училишта<br>- Локални власти<br>- Други ентитети | - Соработка |

| | | |
|---|---|---|
| **Водење и професионален развој** | - Водење<br>- Училишна обука<br>- Самоевалуација<br>- Воспитно здружување | - Поврзаност<br>- Мобилизација<br>- Фреквентност |

Табела бр. 15

Во модул IV - организација и водење, се поставени следниве три табели:

Организациска структура

| **Главни области** | **Полиња на опсервација** | **Показатели за работата** |
|---|---|---|
| **Управни и административни тела** | - Училишен одбор<br>- Совет на родители | - Демократичност<br>- Оперативност<br>- Водство |
| **Воспитно - водствени структури** | - Наставнички совет<br>- Класен совет<br>- Стручни активи | - Воспитно - образовни интервенции<br>- Соодветност на курикулумот<br>- Вклученост на родителите |

Табела бр. 16

Административни служби

| **Главни области** | **Полиња на опсервација** | **Показатели за работата** |
|---|---|---|
| **Глобална административна дејност** | - Административна работа | - Ефективност<br>- Ефикасност<br>- Организираност<br>- Меѓучовечки односи (персонал – корисници) |

Табела бр. 17

Ресурско управување

| **Главни области** | **Полиња на опсервација** | **Показатели за работата** |
|---|---|---|
| **Финансиски извори** | - Буџет<br>- Доход<br>- Трошоци | - Ефективност<br>- Усогласеност<br>- Соодветност |
| **Општествено воспитна поддршка** | - Социјална помош<br>- Исхрана<br>- Превоз | - Квалитет на услугата |
| **Воспитно – образовни ресурси** | - Управување со просторот<br>- Управување со времето<br>- Квалитет на просторот<br>- Работа на библиотеката<br>- Користење на лаборатории<br>- Користење на опрема | - Квалитет на обезбедената услуга<br>- Искористеност на ресурсите |
| **Планови за воспитно – образовна дејност** | - Училишен курикулум<br>- Училишни проекти<br>- План на активности | - Воспитна цел<br>- Разновидност<br>- Споделени погледи |
| **Воспитно – образовна организација** | - Поделба на работата на наставниците | - Соодветност<br>- Континуитет<br>- Тимска работа |
| **Активност за збогатување на курикулумот** | - Понудени можности | - Разновидност<br>- Соодветност |

Табела бр. 18

Критериуми за квалитет

Според К. Петковски (Петковски, Нови аспекти на инспекторирањето во образованието, 2003, стр. 32) главните области, полињата на опсервација и показателите за работата во табелите ке бидат оценети со скала од 1 до 5.

5 – одлично (сите разгледани единици се беспрекорно точни)

4 – многу добро (сите разгледувани единици се точни,со мал степен на неточност кој може да биде евидентиран и прифатлив)

3 – добро (повеќето од разгледуваните единици се точни. Немаголем број на случаи кои треба да бидат корегирани и исто така, нема грешки од посебна важност)

2 – задоволително (некои аспекти се неточни до значителен степен, или неточни во помал обем)

1 – незадоволително (голем степен на неточност во комплетот единици кои се разгледувани)

Како што спомнавме претходно според **Макбет** (MacBeath J. , School must speak for themselves, 1999) Комисијата на Националната Унија на наставници во 1995 конструирале рамка со десет показатели. Заради поголема прегледност ги претставуваме во следната табела:

| | |
|---|---|
| **1. Училишна клима**<br>Како подкатегории на категоријата “училишна клима“ биле дадени:<br>1.1 Дисциплина и старателска грижа<br>1.2 Воннаставни активности | **6. Праведност**<br>Четири категории:<br>6.1 Училиштето како место за сите<br>6.2 Можност за учество во животот во училиштето<br>6.3 Односи кон различностите и посебностите<br>6.4 Постапки за справување со расизмот, сексизмот и дригите форми на дискриминација |

| | |
|---|---|
| **2. Односи**<br>Категоријата „односи“ е поделена на четири категории:<br>• Односи наставник - ученик<br>• Односи ученик - ученик<br>• Односи наставник - наставник<br>• Односи родител - наставник | **7 . Релација дом - училиште** |
| **3. Организација и комуникација**<br>3.1 “Избалансирано“ училиште | **8. Поддршка на поучувањето**<br>8.1 Структурна поддршка - големина на класот |
| **4. Време и извори** | **9. Клима во училницата**<br>9.1 Ученици<br>Учениците ја опишуваат училишната клима во рамки на следниве категории:<br>*Услови за совладување на материјата*<br>*Општествен контекст*<br>*Програма за работа*<br>*Поддршка за учењето*<br>9.2 Родители<br>9.3 Наставници |
| **5 .Препознавање на постигнувањето** | **10. Поддршка на учењето**<br>10.1 Скриено значење<br>10.2 Важноста на повратната информација |

Табела бр. 19

Предвидената скала е:

Оценка 1 Одлично

Оценка 2 Добро

Оценка 3 Задоволително

Оценка 4 Несоодветно

Според **Милошевска** (Милошевска, 2008) предвидени се седум области на прашања:

Област 1 – Наставните планови и програми

Област 2 – Постигањата на учениците

Област 3 – Учењето и наставата

Област 4 – Поддршката / помошта на учениците

Област 5 – Училишната клима

Област 6 – Ресурсите

Област 7 – Управувањето / раководењето и креирањето на образовната политика

Предвидени се две скали и тоа:

- Скала за значајност на тврдењето која има три степени:

  1 – незначајно

  2 – значајно

  3 – многу значајно

- Скала на точност на тврдењето која има три степени:

  1 – неточно / не е присутно

  2 – делумно е точно / присутно

  3 – точно / присутно во целост

Прирачникот издаден од страна на **OfSTED** - ***SEF to Improvement Planing Handbook*** (OfSTED, 2009) предложи форма за самоевалуација. Формуларот во форма на табела изгледа вака:

| **Бр.** | **Наслов** | **Содржина и цел** |
|---|---|---|
| **А1** | **УЧИЛИШТЕТО ВО КОНТЕКСТ** | ▪ Училиштето, неговата местоположба, средината, карактерот и бројот на учениците<br>▪ Сите посебни или различни карактеристики.<br>▪ Стандардите и Постигнувањата<br>▪ Личен Развој и Добросостојба |
| **А2** | **ИСХОД: колку** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **добро напредуваат учениците, водејќи сметка за сите варијации?** | |
| A2.1 | Постигнувањата на учениците | Од училиштата се бара да посветат големо внимание на работата на :<br>▪ Примероци од последните три години<br>▪ Под или над државниот просек<br>▪ Групи и индивидуалци<br>▪ Клучни предмети<br>▪ Моменталната работа на учениците. |
| A2.2 | Квалитетот на учењето на учениците и нивниот напредок | Елементи на мислењата се:<br>▪ Колку напредуваат учениците во однос на почетните точки, вклучувајќи и дали постои значајна разлика помеѓу групите на ученици.<br>▪ Вредностите на училиштата за различни групи на ученици.<br>▪ Колку добро учениците стекнуваат знаења, го развиваат своето разбирање, учат и ги применуваат вештините и развиваат свои компентенции како ученици.<br>▪ Дали учениците уживаат во учењето и дали се заангажирани и покажуваат интерес.<br>“Учењето“ успешно е одделено од “ поучувањето“ бидејќи првото е резултат а второто аспект на подготовка; поврзувањето на учењето со напредокот ја дава идејата за долгорочно и краткорочно знаење и разбирање. |
| A2.3 | Квалитетот на учење кај учениците со посебни потреби и/или недостатоци и | Се одбира учењето и напредокот во врска со почетните точки на една одредена група. |

| | | |
|---|---|---|
| | нивниот напредок | |
| A2.4 | Постигнувањата на учениците и степенот до кој тие уживаат во учењето | Оваа оценка е сумативна, која произлегува од мислењата кои се однесуваат на учењето и постигнувањата. |
| A2.5 | Границата до која учениците се чувствуваат сигурни | |
| A2.6 | Однесувањето на учениците | |
| A2.7 | Степенот до кој учениците присвојуваат здрави животни навики | ▪ Акцентот се става на учениците за кои училиштето смета дека се под ризик.<br>▪ Степенот до кој учениците, посебно оние ученици кои се под ризик, превземаат акции во рамките на училиштето за подобрување на нивното здравје. |
| A2.8 | Степенот до кој учениците придонесуваат во училиштето и во пошироката заедница | ▪ Придонесот на учениците за заедницата и нивното учење.<br>▪ Учениците како партнери во подобрувањето на училиштето, не само корисници на истото.<br>▪ Примената на основните вештини ( писменост и информатички вештини)<br>▪ Поголемо внимание на личните квалитети кои ќе му бидат од помош на ученикот во иднина- точност, управување со финансии, работа во групи, решавање на проблеми, организирање на активности и преземање на лидерски улоги. |
| A2.9 | Присуството на учениците | |
| A2.11 | Степенот на | ▪ Културните елементи |

| | | |
|---|---|---|
| | духовен, морален, социјален и културен развој на учениците | ▪ Вклученоста во заедницата<br>▪ Единството на заедницата |
| **А3** | **КОЛКУ ЕФЕКТИВНА Е ОДЛУКАТА?** | |
| А3.1 | Квалитетот на наставата | ▪ Употреба на нова технологија при учењето;<br>▪ Врската помеѓу проценката и наставата преку идентификација на учењето |
| А3.2 | Употреба на проценувањето како поддршка на учењето | |
| А3.3 | Степенот до кој наставниот план им излегува во пресрет на потребите на учениците, онаму каде што тоа е можно преку партнерство | ▪ Партнерство<br>▪ Наставниот план им излегува во пресрет на потребите на учениците преку надградување на нивното претходно знаење<br>▪ програми кои ги задоволуваат потребите на групите ученици |
| А3.4 | Ефективноста на грижата, водењето и поддршката | ▪ Грижата и поддршката<br>▪ Личниот развој и добросостојбата<br>▪ Квалитетот и пристапноста до информациите, советите и упатствата за учениците<br>▪ Ранливите поединци и групи, вклучувајќи ги и оние кои имаат проблеми со однесувањето и постојаните отсуства, како и врската со згрижувањето |
| **А4** | **КОЛКУ** | Дали работата на водството и менаџментот е добра? Не |

| | | |
|---|---|---|
| | **ЕФЕКТИВНО Е ВОДСТВОТО И МЕНАЏМЕНТОТ?** | само работата на директорот туку и работата на членовите на управниот одбор, координаторите за настава и сите кои имаат лидерска позиција.<br>Целта на водството и менаџментот е да обезбеди добра подготовка и добри резултати. |
| А4.1 | Ефентивноста на водството и менаџментот во воведувањето на амбициите и спроведувањето на подобрувањата | ▪ Оценка за вкупното водство и менаџментот<br>▪ Ефективноста на сите лидери<br>▪ Формирање на мислење за капацитетот за подобрување<br>▪ вкупното мислење целокупната ефективност на училиштето. |
| А4.2 | Водството и менаџментот на наставата и учењето | Со формирањето на водството и менаџментот на наставата и учењето се донесува мислење кое е поврзано со амбицијата и подобрувањето. Канцеларијата за стандарди во образованието ја нагласува централната улога на управувачкото учење. И самоевалуацијата е дел од оваа точка. |
| А4.3 | Ефективноста на управниот орган во поддршката на училиштето, одлучно откривање на слабите страни и реализација на одговорностите | Угледот на управувањето се појавува бидејќи сега има свој дел и своја оценка. Сообразноста на угледот, вклучувајќи ги и врската со заедницата и еднаквите можности остануваат, а постои и многу појасен фокус на одредување на насоката на училиштето. |
| А4.4 | Ефективноста на врската на училиштето со родителите | Постои само појасен фокус на групите до кои тешко се стигнува и ефективноста на врските кои се мерат преку допринесот од родителите и ученичкиот напредок. |

| | | |
|---|---|---|
| A4.5 | Ефективноста на партнерството во промоцијата на учењето и добросостојбата | ▪ "Придонесот на партнерите" |
| A4.6 | Ефективноста преку која училиштата промовираат еднакви можности и ја отфрлаат дискриминацијата | Концептот на ефективност го одредуваат резултатите на групите и поединците, дури и во случаи кога бројот на учениците во групите е многу мал. |
| A4.7 | Ефективноста на мерките за заштита | ▪ Примањето и контролата на персоналот<br>▪ Заштитата на децата,<br>▪ Пријавување на злоупотреба на учениците или нивно губење. |
| A4.8 | Ефективноста на училиштето во промовирањето на единството на заедницата | ▪ разбирање на контекстот на заедницата<br>▪ планирање на акциите и мерење на влијанието |
| A4.9 | Ефективноста на училиштето во искористување на паричните ресурси со кои располага | |
| **A5** | **СУМАТИВНИ ПРОЦЕНКИ** | |
| A5.1 | Релутатите на учениците и групите на ученици | Збир на седумте оценки за резултатите:<br>▪ Колку постигнале учениците и колку уживаат во своето учење |

| | | |
|---|---|---|
| | | ▪ Степенот на сигурност која ја чувствуваат учениците<br>▪ Однесувањето на учениците<br>▪ Степенот на присвоени здрави навики од страна на учениците<br>▪ Колку придонесуваат учениците за училиштето и пошироката заедница<br>▪ Колку учениците го развиваат местото на работа и другите вештини кои придонесуваат за нивна идна економска добросостојба<br>▪ Духовниот, моралниот, општествениот и културниот развој на учениците<br>Опишувањата на оценките даваат многу прецизни упатства како инспекторите да ги соединат оценките, а директорите треба да ги имаат во предвид овие упатства при правењето на нивната самоевалуација.<br><br>▪ континуирани податоци за подобрувањето<br>▪ точноста во планирањето на самоевалуацијата<br>▪ амбициите на водачите за подобрување. |
| А5.2 | Капацитетот на училиштето за долготраен напредок | Претставува сублимат на оценката за резултатите и Капацитетот како и мислењата во една оценка за целото училиште. |
| А5.3 | Целосна ефективност: колку добро е училиштето? | |
| А5.4 | Важни постапки за училиштето | |

Табела бр. 20

Кога би избрале десет училишта, од различни средини и би им дале за задача самите да ги одредат приоритетите и целите на нивното училиште и врз основа на тоа да формираат една рамка за самоевалуација, сигурно би добиле десет различни рамки.Тоа е така бидејќи ниту едно училиште не е исто со другото. Секое си има свои цели, сопствени планови, посебна комуникација помеѓу вработените, учениците, посебен дух во ходниците, свои проблеми. Рамката подразбира поставување на оние области за кои постои најголема веројатност дека ќе помогнат во реализирањето на визијата и ќе постигнат успех и нивна последователност. Тие се значаен дел на истражувањето и водат до професионален и организациски развој. Добро организираната и осмислена самоевалуација може значајно да помогне во одредувањето на развојните приоритети на училиштето, целното планирање и остварување на договорените цели. Истите овие училишта кога би ја повториле самоевалуацијата по една или две години, поучени од претходното искуство сигурно би формирале сосема нова рамка на самоевалуација. Би ги повториле добрите критериуми и би ги поправиле слабите. Како што кажавме и претходно секое едно училиште треба да има право да ја формира рамката за самоевалуација и да ги прифати оние критериуми кои најдобро ќе му помогнат во напредувањето.

## 3. СУБЈЕКТИ ВО ПРОЦЕСОТ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

Врз основа на целите поставени од страна на образовната политика секоја една земја одлучува кои субјекти ќе бидат обфатени во процесот на самоевалуација. Изборот на субјекти зависи и од целта на самоевалуацијата, дали тоа ќе биде сеопфатна или парцијална самоевалуација, дали ќе се испитува одреден подсистем, дали ќе се изведува во пооделни училишта и многу други фактори. На пример, доколку едно основно училиште изведува парцијална самоевалуација во индикаторот – „постигањата на учениците", тогаш како субјекти во ваквиот процес на самоевалуација би биле наставниците, учениците и родителите. Или доколку се изведува парцијална самоевалуација во индикаторот – „ресурси" тогаш сигурно би биле изоставени родителите и учениците.

На Националната Унија на наставници во 2005 година, 192 наставници пополнија прашалници, понатаму поведија дискусија со цел да ги елаборираат нивните одговори.

На прашањето, кој треба да учествува во училишната самоевалуација, наставниците ги рангираа субјектите за самоевалуација со оценки од 1 до 5. За да можат истите потоа да се споредат, беше пресметан просечен резултат како мерка за приоритетот кој се дава на секоја група. **Самото училиште** се покажа како прва најпретпочитана публика со просечна оценка 5,0. По неа следуваа **родителите** со оценка 3,5. **Локалните образовни власти - LEA** беа рангирани трети со оценка 3,2. Иако **Канцеларијата за образовни стандарди (Ofsted)** се смета за фокус на училишната самоевалуација, сепак наставниците истата не ја рангираа многу високо, со просечна оценка 2,3, додека пак **медиумите** имаа најмала оценка 1,0. Побарано беше наставниците да одговорат зошто Канцеларијата за образовни стандарди (Ofsted), локалната образовна власт - LEA, родителите и медиумите не ги сметаат за примарна публика на самоевалуацијата на училиштата и нивниот одговор беше дека самоевалуацијата е проблем кој се однесува стриктно на училиштетето а не на пошироката публика. (MacBeath, School Inspection and Self - Evaluation, 2006) Слика 1.




Слика 1

Без разлика на изборот и размислувањата на наставниците околу самоевалуацијата и без оглед на тоа кој одговор го означиле во анкетните листови, самоевалуацијата беше разгледувана како средство за да се стигне до една основна јасна цел - да им излезе во пресрет на потребите на учениците и да го подобри квалитетот на наставата.

Доколку самоевалуацијата е водена од неважни мотиви, без образовни вредности, таа ќе биде безцелна и празна. Затоа треба да се запрашаме кој е придонесот за различните групи. Што имаат од тоа наставниците, учениците и родителите? За кого е евалуацијата? Кој е крајниот корисник или “публика“ на таа информација?

**Директорите** и **училишните совети** се одговорни за надгледување на подготовките за училишната самоевалуација, вклучувајќи го и развојот на методологијата која ќе се користи. Училишната самоевалуација е значајна можност за дискусија, консултации и повратни информации помеѓу сите групи во училиштето и се очекува **учениците, персоналот** и **родителите** да имаат можност да учествуваат. Вистинската вредност на процесот на училишна самоевалуација е целосно остварена тогаш кога **пошироката училишна заедница** е вклучена во процесот.

**Владиното тело** може рутински да влијае врз својата ефикасност и на развој на патеката по која училиштето се движи. Тоа може да укажува или да иницира форми и средства за подобр опис. Одговорот на **родителите** во однос на учењето на нивните деца, понекогаш се јавува и во форма на поплака, е индиректна форма која може да се искористи и во научна цел. Неразделната енергија на проценувањето на поучувањето и училишниот живот од страна на **учениците** колку позитивно толку и негативно може да биде предност во насочување на енергијата за создавање на нови и креативни форми на самоевалуација. (MacBeath, School Inspection and Self - Evaluation, 2006)

***Наставниците*** се самоевалуатори во нивната училница. Тие користат мноштво на средства за да го одредат квалитетот на учењето и прибираат докази за нивното влијание. Тие носат интуитивни и често експлицитни пресуди за квалитетот на наставата и во одредени прилики ги прашуваат и учениците за нивната работа и добиваат повратна информација. Ова понекогаш е активност иницирана од наставниците иако лесно може да остане само во рамките на нивната училница. Сепак, кога училишната клима ги поттикнува наставниците да ги споделуваат своите согледувања постои можност да се создадат богати извори за раскажување. Со текот на времето, наставниците градат тело од експерти кое станува склад на идеи на кој можат да се потпрат иако во минатото тоа беше нешто кое не им беше достапно.

Единствената најважна состојка на доброто училиште е добриот наставник. Тој е доверлив, дарежлив, љубезен, сака да го предава својот предмет, сака да поучува деца, ги објаснува работите, им помага на бавните, ги третира сите подеднакво, ја кажува вистината, ви помага да го сакате неговиот предмет, ве охрабрува, ве слуша, ви помага кога ќе заглавите, ви допушта, ви кажува како работите, се осигурува дали сте го разбрале, го цени вашето мислење, се зазема за вас.

Добриот наставник треба да поседува три вида на карактеристики - лични квалитети, меѓучовечки вештини и професионални карактеристики. Личните квалитети вклучуваат добрина, дарежливост или дух, чесност и хумор - карактеристики кои тешко се учат, но кои се многу значајни. Втората категорија содржи група вештини кои можат да се стекнат или да се дотераат: на пример, слушање, смиреност, доверба, нагласување на позитивното. Во категоријата "професионални вештини" ги вклучивме оние работи кои

наставниците ги учат додека студираат - објаснување на работите, забележување кога сте заглавиле, помагање да ви се допадне тоа што наставникот го предава. (MacBeath J. , School must speak for themselves, 1999)

Наставниците се природни евалуатори. Природата и комплексноста на поучувањето значи дека наставниците се вклучени на дневна основа во евалуациски активности, прегледување на сопствената и работата на учениците како и модифицирање на практиката. Во поучувањето, како и во многу други професии, обврзувањето на критичко и систематско осврнување на праксата е клучно за истото да биде професионално. Тоа е основата на секој индивидуален и колективен професионален успех. Самоевалуацијата на наставниците не е ништо ново и истата не смее да се гледа како дополнително оптоварување. (MacBeath J. , School must speak for themselves, 1999)

Денес наставниците се надгледуваат меѓу себе и си даваат повратна информација што всушност е од големо значење како за оние кои набљудуваат така и за оние кои се набљудувани. Како што се шири таквата практика, набљудувањето станува се посистематично и се помалку инпресионистичко. Наставниците развиваат свој сопствен распоред или се фокусираат на тоа што ќе го набљудуваат. Овие форми на испитување и повратна информација по својата природа се формативни но тие исто така се дел од приказната за училиштето.

Самооценувањето е важна алатка на наставникот за формативното оценување. Откако ученикот еднаш ќе научи како да го оценува своето моментално знаење и пропустите во него, тој се здобива со појасна идеја за тоа како да си помогне да се подобри. Главниот проблем (со самооценувањето) е фактот што учениците можат да се самооценуваат единствено доколку имаат доволно јасна претстава за целите на нивното учење. За жал, малку ученици имаат таква претстава. (Џерарлд, 2008, стр. 68)

Кога на наставниците и директорите им се поставува прашањето кој најдобро знае што се случува во училницата, тие ги наведуваат учениците исто како што и учениците ги наведуваат наставниците. Тие сепак се најблиску до самата акција, тие се информирани внатрешни членови кои имаат детално познавање на внатрешната работа на училницата. Наставниците се способни да го надгледуваат целото одделение и да го набљудуваат

однесувањето на сите ученици, а додоека пак учениците ретко ја гледаат целата слика за разлика од наставниците кои често мораат да го гледаат она што е скриено, бидејќи сепак тие се експерти.

***Учениците*** можат да се вклучат во самоевалуацијата преку различни активности. Многу е важно сопственото оценување на извршените активности во училиштето анализата на сопствената работа и проценување на сопствените постигања. Се покажало дека учениците најдобро работат кога имаат увид на сопствените активности и стратегии за учење. Според Џерарлд (Џерарлд, 2008) некои активности за самооценување вклучуваат:

- Самопрашување и метакогниција;
- Меѓусебно допишување и разговори меѓу наставникот и ученикот;
- Дискусија ( во целото одделение или во мали групи);
- Дневници за рефлексија/дневници за учење;
- Неделни самопроценки;
- Листи за проверка и инвентари за самооценување;

Самоевалуацијата и евалуацијата од соучениците има за цел да согледа каква е корист од вклучувањето на учениците во оценувањето за наставниците и за учениците, да ги утврди стратегиите за самооценување и оценување од страна на соучениците и да ги идентификува можностите за оспособување на учениците да се вклучат во оценувањето. Самоевалуацијата ги мотивира учениците и ги охрабрува да се движат кон поефикасно учење, кон разменување на идеи со своите соученици и наставникот, споредување со другите и критикување, чувство дека нивните идеи се почитуваат, дека се вклучени во нешто значајно и влијателно.

Не треба да се биде многу мудар за да се признае дека позитивното однесување на учениците, позитивно влијае врз постигнувањата во учењето, додека различните облици и манифестации на негативно однесување и тоа како влијаат врз образовните постигнувања. (Атанасоска, 2008, стр. 21)

Според Џерарлд (Џерарлд, 2008, стр. 70) учењето се категоризира во когнитивни, афективни и психомоторни домени (на пример таксономијата на образовни цели во

когнитивниот домен на Блум). Вудвард и Мунс (Woodward &Munns, 2003) истакнуваат дека учењето кое ги соединува когнитивните (мислење), афективните (чувствување) и операциските (правење) аспекти на учењето ја зголемува вклученоста на учениците. Тие предлагаат самооценувањето на учениците да не биде поврзано само со задачата на проценување на учењето, туку да вклучува и коментари за учењето и начините на кои тоа може да се подобри. Прашувањето на учениците што знаат, што научиле и што сакаат да знаат може да има ограничени резултати.

Освен формативното и сумативното оценување на учениците постои и т.н. ипсативно или кон себе насочено оценување. Ова оценување ги поттикнува учениците да се натпреваруваат со себеси, со своите постигања со цел да се самоподобруват.

***Родителите***, што знаат родителите за животот во училниците. Тие можеби знаат, но тоа го дознаваат преку нивното дете. Со помош на средствата за самоевалуација, родителите доаѓаат во ситуација, да се запрашаат за случувањата во училницата, да поведат разговор со своето дете што доведува до комуникација помеѓу нив, самоевалуацијата исто така доведува и до комуникација помеѓу родителот и наставникот.

Со помош на средствата за самоевалуација родителите доаѓаат до информации за кои што претходно не помислувале дека се случуваат, едноставно не размислувале за нив. Сето тоа помага во вклученоста на родителите во животот на нивното дете и во животот на институцијата каде нивното дете поминува половина од времето. Со помош на овие средства родителите имаат чувство на вредност, се чувствуваат важни и испочитувани што можат да го дадат своето мислење.

На крајот доаѓаме до заклучок дека сите вклучени субјекти во самоевалуацијата ќе бараат резултати кои ќе ги задоволат нивните потреби и кои ќе се вклопат во нивните приоритети. Самоевалуацијата може да ги однесе луѓето подалеку. Публиката е разновидна, внатрешна во училиштето и надворешна. Самоевалуацијата може да им ги прошири хоризонтите па следниот пат тие да одат подалеку и да бараат попредизвикувачки прашања.

## 4. СРЕДСТВА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Во претходниот текст ги објаснивме областите на самоевалуацијата и субјектите – учесници во неа. Стигнавме до прашањето како да се испита, со кои средства, постапки, инструменти да се докажи важноста од самоевалуацијата, точноста, потребата од самоевалуација на ниво на училиште и училница. Рековме дека самоевалуацијата може да биде сеопфатна и парцијална. Сеопфатна е кога се спроведува на ниво на цело училиште, а парцијална кога се зема само еден дел односно кога се испитува само една од областите.

Средствата за самоевалуација имаат широка употреба во различни контексти и најразлични корисници. Ова според Макбет (MacBeath, School inspection and Self - Evaluation, 2006, p. 144) може да биде претставено дијаграмски во концентрични кругови од централниот фокус на учениците и како субјекти и како корисници на средствата, до следниот круг каде се наоѓа училницата каде како корисници можат да се јават учениците, наставниците или други посетители, до средниот менаџмент или одделенско ниво и на крај училиштето како целина. Со излегување од границите на училишните зидови, родителите, општините и други сите субјекти можат да бидат корисници на средствата за самоевалуација. Слика 2

Слика 2 Круг на влијание



## *4.1. Средства и постапки за самоевалуација кај учениците*

Си го поставувме прашањето: Како можеме да ја имплементираме самоевалуацијата кај помалите ученици? Како можат тие да ја разберат? Кои инструменти да се искористат кога можеби некои од нив не знаат да читаат или можеби не го разбираат значењето на текстот во прашалниците?

За помалите ученици можат да се употребат забавните средства. Забавни средства се оние средства кои им помагаат на децата и младите да размислуваат за своето учење, да покажат каде, како и со кого најдобро учат како и да го прошират репертоарот на навики и вештини на учење. Забавните средства им помагаат на учениците да ги препознаат факторите кои им помагаат или ги спречуваат во напредокот и истите да ги соберат со цел да ја откријат одговорноста за своето учење.

Како средство кое може да се искористи кај помалите ученици го одбираме *семафорот*. Тоа средство е веројатно најекономично и најлесно за употреба. Ги повикува учениците да го изразат своето моментално знаење во врска со дадена задача или активност. Доколку тие се чувствуваат сигурни дека разбираат дел од работата, тие го користат зеленото светло. Доколку не се сигурни за своето знаење тие користат жолто светло. Доколку се несигурни или збунети тие го користат црвеното светло. Ова може да се изведе и со помош на обоен круг на картон кој би го кревале во текот на предавањето. Семафорите не можеме да ги користиме како крајно средство за проценување туку како самоизразување на нечие сопствено знаење, веројатно како израз на довербата на ученикот во своето учење. Целта е учениците да размислуваат кое знаење да го поместат од црвено, преку жолто па до зелено светло. А наставниците можат да го користат ова средство со цел да добиваат повратна информација од нивните ученици.

*Забавните средства* за самоевалуација им помагаат на учениците да стекнуваат сознанија за нивното учење, да ја превземаат одговорноста и самите се контролираат себеси, да си поставуваат цели да добијат претстава како поедини активности се поврзани со тие цели, да мерат колку добро ги оствариле своите цели. Тие имаат алтернативни

решенија или стратегии за постигнување на целите и стратегии за поправање на грешките и нивно пренасочување кога нивните планови не успеваат.

*Социометриската анализа* е едноставна алатка која ги разгледува меѓусебните односи на луѓето. Истата може да се употреби за да се види каде и како учениците добиваат поддршка во учењето. Оваа техника може да ја употреби набљудувач или самите себе. Во овај случај набљудувачот бележеше во рок од 15 минути кое дете (црната точка) побара помош и од кој.



Самиот ученик може да ја искористи за да прикаже од кои тројца добива најмногу помош. Луѓето дома (родители, браќа, сестри или дедо и баба) исто така можат да бидат вклучени. Постојат многу начини на користење на оваа техника. (MacBeath J. , School must speak for themselves, 1999, стр. 135)

Учењето најдобро може да се провери кога ученикот работи сам, на пример во изработувањето на *домашните задачи*. Документот за домашна работа е извор за училиштето кое го поддржува развојот на персоналот во целина во однос на прашањата поврзани со домашните задачи. Тој има бројни цели и употреби. Еден дел од документот се однесува на испитување на училишната и праксата и политиката во одделот и училницата и оценувањето на домашната работа на учениците. Документот останува кај ученикот една седмица. Потоа истиот може да се употреби за проверка на работата на различни нивоа и од различни групи. (MacBeath J. , School must speak for themselves, 1999, стр. 137) Документот е претставен во следната табела:

| Пополнете ја табелата во соодветната колона означувајќи ја сегашната состојба со ✓ и состојбата која се надевате да ја постигнете до крајот со X | Без искуство | Под просечно | Во развој | Скоро развиено | Моментална пракса |
|---|---|---|---|---|---|
| Домашната задача е тесно поврзана со работата во училницата. | | | | | |
| Домашните задачи вклучуваат различни активности. | | | | | |
| Постои јасен модел. | | | | | |
| Домашните задачи се различни. | | | | | |
| Сите домашни задачи имаат цел и се корисни. | | | | | |
| На учениците им се даваат соодветни упатства. | | | | | |
| Задачите се во пишана форма. | | | | | |
| Наставниците водат евиденција за задачите. | | | | | |
| Индивидуалната домашна задача се надгледува. | | | | | |
| Одделот е свесен за барањата на другите оддели. | | | | | |
| Краток преглед на домашната задача е секогаш достапен. | | | | | |

Табела бр. 21

## *4.2.Средства и постапки за самоевалуација во училницата*

Вториот круг се однесува на училницата како место за учење и поучување. Постојат голем број на средства за самоевалуација кои се од огромно значење за докажување на ефективноста и одговорноста на наставниците. Наставникот е примарен и највоочлив елемент во училницата. Наставниците можат да добијат повратна информација од нивните највредни извори - учениците, нив им помагаат и средствата кои им помагаат да го измерат нивното поучување и да го планираат своето однесување во иднина. Наставниците кои сакаат да се самооценуваат си поставуваат прашања од типот: Дали јас поставувам тешки прашања прерано? Поставувам несоодветни прашања? Поставувам премногу прашања во исто време? Секогаш поставувам ист вид на прашања? Поставувам прашање и самиот одговарам на истото? Поставувам прашање само на побистрите или поомилените ученици? Им давам на учениците време да размислат?

Овие прашања можат да се споделат со учениците со цел да се воспостават критериуми кои ќе бидат јасни и дел од рутината во училницата. Со ова учениците можат да го мерат квалитетот на поучувањето, а и да ги применат овие критериуми за себе и за соучениците.

Постапката на водење *дневници* за одреден период е техника која ја користат наставниците и истата често дава многу интересни резултати. Наставникот води дневник за текот на еден ден од утро до вечер. Потоа прави анализа за тоа што правел, со кого разговарал, каде бил. Анализирањето на податоците запишани во дневникот, на наставникот му дава слика за начинот на кој тој го поминува времето и за неговите приоритети. Со тоа самиот наставник ги идентификува сопствените слабости. Оваа постапка може да ја направи секој член во училиштето: наставниците, директорот, педагошко – психолошките служби.

Едноставен механизам е вежбата „поле на сила“ (MacBeath J. , School must speak for themselves, 1999, стр. 126), која учениците можат да ја работат индивидуално или во мали групи.

Работи кои ми помагаат во учењето → → →

работи кои го прават учењето потешко ← ← ←

На овој начин наставникот добива важна повратна информација. Пр:

| ***Работи кои помагаат*** | ***Работи кои попречуваат*** |
|---|---|
| • Ви кажуваат зошто дадено нешто го учите | • Наставниците ве исмеваат пред целиот клас |
| • Примери и приказни кои ви помагаат да разберите | • Наставниците прават да се чувствувате глупаво |
| • Покажуваат каде и како сте погрешиле и зошто | • Другите ученици ви се смеат за напорниот труд |
| • Наставникот може да го држи класот под контрола | • Луѓето ве спречуваат во извршувањето на вашите задачи |
| • Ви помагаат да учите на различни начини | • Кога работата е премногу лесна |
| • Ви дозволуваат сами да ги поставите вашите цели | • Кога добивате премногу примери за нешто кое веќе го знаете |
| • Вашите пријатели ви помагаат | • Кога има напната атмосфера |

Табела бр. 22

### *4.3.Средства и постапки за самоевалуација во училиштето*

На ниво на училиште, средствата за испитување и прегледување се од два вида - квантитативни и квалитативни. Квантитативните податоци го отсликуваат училиштето преку оценки, резултати и вредности. Квалитативните мерки се проценки, во суштина тие се субјективни, оформени врз основа на податоци и истите се мерливи. Заедно, квантитативните и квалитативните мерки можат да кажат многу за училиштето, тие се сумативни по карактер и ограничени и со нивна помош може да се дојде до суров преглед.

### *4.4.Средства и постапки за самоевалуација надвор од училиштето*

Учењето надвор од училиштето е идеално за самоевалуација бидејќи тогаш има време и простор за размислување и самооценување. Домашната задача е една област во која самоевалуацијата е многу важна. Тука не постои зависност од управувањето на наставникот. Домашната задача најчесто има форма на нешто што треба се направи и да му се предаде на наставникот за тој да даде свое мислење, а не да биде тема на критичко оценување преку својата содржина или во однос на стилот на учење и условите во кои била направена. Постои тело за истражување на ефектите од домот и средината иако учењето надвор од училиштето е најмалку истражувано. Табела 4 (MacBeath, School inspection and Self - Evaluation, 2006) е средство со чија помош се испитува каде во какви услови учениците најдобро учат.

| Најдобро учам | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Место | Цел | Луѓе | Време | Стратегија |
| Во мојата соба | За да го завршам и да се ослободам | Сам | Рано наутро | Меморирање и тестирање |
| Во дневната соба | За да му удоволам на | Со пријатели | Веднаш после училиште | Самоиспитување за подобро |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | наставникот | | | разбирање |
| Пред телевизорот | За да избегнам невољи | Со родителите | Рано навечер | Визуелни техники |
| Кога го шетам кучето | Заради подобра оценка | Со браќата или сестрите | Доцна навечер | Фаќање белешки |
| Во библиотека | За да го усовршам предметот | Со миленичето | Во сабота | меморирање |
| Во интернет кафе | За поголемо уживање при учењето | Со кукли, плишани мечиња | Во недела | |

Табела бр. 23

## ***4.5.Суштина на средствата за самоевалуација, нивни предности и недостатоци***

Во следниот текст подетално ќе ги објасниме повеќето од средствата кои можеме да ги искористиме за самоевалуацијата во едно училиште. Засекоја постапка ќе дадеме подетален преглед, предности и недостатоци.

### 4.5.1. Анализа на квантитативни податоци

Квантитативните податоци покриваат цел спектар на показатели на училишната ефентивност вклучувајќи ги присуството, постигнувањето и бројните неодделувања на пример по пол, општествени фактори или најдобри постигнувања. Вредносните анализи обезбедуваат понатомошни извори на информации. Податоците за постигнувањата нудат сумативни, дијагностички и научни цели и ги снабдуваат наставниците со информации кои претходно им биле недостапни. Овие податоци треба да се користат селективно и заедно со советите од експертите за нивниот потенцијал и ограничувања. Стручноста и довербата при справување со квантитативните податоци и различните, а понекогаш и контрадикторни извори можат да се јават како недостаток во оваа постапка. Тоа може да одземе многу време и да ги покрие другите извори на податоци.

### 4.5.2. Прашалници

Многустрано средство кое може да послужи за многу цели, а главно се користи во контекст на целото училиште но може и за поедини училници, вон наставни активности или други контексти. Обезбедува квантитативни податоци. Брзи се, лесни за анализа, анонимни се и исто така можат да се користат за прибирање на квалитативни податоци. Како недостаток на прашалниците се јавува тоа што можат да имаат ограничен одговор, најчесто се отворени за различни толкувања. Можат да поттикнат различни одговори, чувствителни се и не се многу сигурни.

### 4.5.3. Поединечни интервјуа

Можат да се користат за најразлични цели и можат да бидат спроведени преку надворешни критички пријатели, или учениците можат меѓусебно да се интервјуираат, најчесто постарите ученици ги интервјуираат помалите. Обуката е важен предуслов. Оваа техника може да обезбеди длабока анализа посебно во контекст кој се карактеризира со анонимност и со нив не мораат да се задоволуваат очекувањата на соучениците и наставниците. Интервјуата бараат вербални вештини, желба да им се отворат на водителот и да му веруваат. Можат да бидат неудобни и откривачки за учениците. Се засноваат на вештините на водителот. Одземаат многу време и не се многу ефективни.

### 4.5.4. Групни интервјуа

Се користат за да покријат поголеми подрачја и траат пократко од поединечните интервјуа. Лесни се за спроведување, дозволуваат дијалог, косензус и предизвик. Учениците, наставниците и родителите се порелаксирани во група. Идеите кои можат да не се искажат при поединечните интервјуа тука се искажуваат. Поефективни се од поединечните интервјуа. Како недостаток во оваа техника е тоа што се јавува опасност од притисок од страна на врсниците, тешки се за мерење освен во случаи кога се користат системи на гласање или други кои дозволуваат снимање.

4.5.5. Фокус групи

Често се мешаат со групните интервјуа, но се карактеризираат со поструктуриран протокол, кој го води обучено стручно лице. Во оваа постапка се јавува можност да се извлечи максимум информации на основа на нивната збиена структура. Како недостаток се издвојува тоа што ваквата постапка бара стручност при управување со групата и се базира на обуки.

4.5.6. Набљудување

Ова е еден од најчесто употребуваните методи за проценување на квалитетот. Набљудувањето може да биде отворено или високо структурирано. Дава директен пристап до тоа што всушност го прават наставниците и учениците. Може да се користи за најразлични цели. При користење на оваа постапка сигурноста е мала бидејќи луѓето гледаат различни нешта. Тешко е да се следат протоколите за набљудување и истите можат да бидат многу детални па набљудувачот може да ја пропушти целата слика.

4.5.7. Видови карти

Видовите карти имаат различни форми. Се употребуваат во група. Го стимулираат дијалогот. Може да се случи посилните членови на групата да доминираат. Крајниот резултат може да биде незначаен, без доказ.

4.5.8. Q вид

Видот Q претставува индивидуален вид на карта во која наставниците или учениците поминуваат низ група на карти и ги делат истите на три или четири купчиња кои пак одговараат на категориите во прашалникот. Оваа техника посебно е корисна за деца и млади луѓе заради лесната преносливост. Помалку заплашувачка е од прашалникот. Како недостаток е забележано тоа што одзема премногу долго време при анализа на податоците.

4.5.9. Дополнување на реченица

Реченицата „Јас најдобро учам кога...„ може да биде олеснувачки почеток за учениците, наставниците како и за родителите. Ваквата техника поттикнува одговор со

отворен крај и допира до чувствата. Но, често е несигурна затоа што зависи од контекстот, неодамнешните настани и чувствата во тој момент.

4.5.10. Цртање и боење

Многу корисна техника за работа со мали деца, но исто така моќно средство кога возрасните го користат за да го претстават нивното училиште, нивната работа или нивната интеракција на пример. Креативно средство. Нема точни и грешни одговори. Дава внатрешен пристап лесно преку молив и лист или разговор. Учениците сакаат да разговараат за работите кои самите ги направиле. Како недостаток е тоа што може да биде двосмислено, тешко за анализирање и да бара заклучоци, освен ако се користи само како основа на пошироко поединечно или групно интервју.

4.5.11. Фотографска проценка

Може да се јави во повеќе форми. Посебно е од помош кога учениците работат во групи а со камерата се снимаат местото и луѓето кои се највредни и оние кои се намрзеливи. Му овозможува на училиштето да се види од различни агли преку камерата. Учениците уживаат во оваа активност. Може да биде многу моќна. Оваа постапка е ограничена од самиот медиум и од тоа што може да се види како и од самата перцепција. Може да се случи да се прикажат работи кои луѓето не сакаат да ги покажат.

4.5.12. Случајни проверки

Ова е инструмент кој дава моментална повратна информација за тоа што се случува во даден момент во училницата или било каде, како помош за изработка на истржување или домашна задача. Дава моментална слика за ангажираноста на учениците и нивните чувства и претставува основа за конструктивен разговор во врска со поучувањето. Но може да доведе до изложување на праксата и истакнување на перцепциите на наставниците и учениците, што може да биде непријатно.

4.5.13. Анализа на полето на сила

Алатка која има широка примена во работата и образованието. Полето на сила ги испитува условите кои или го спречува или го олеснува развојот - применет во

училиштето или училницата или други услови за учење. Лесна е за користење и економична. Едноставна алатка која учениците или наставниците можат да ја завршат во неколку минути. Таа може да ги открие отровите и хранливите состојки во училишната култура, водејќи до размислување како тие можат да бидат откриени. Може да биде заканувачка во однос на тоа што го открива случајно бидејќи неговата селективност може да остави многу работи некажани.

4.5.14. Работа на учениците

Работата која произлегува од учениците преку нивните пишани, визуелни, музички или драмски форми се едни од најмерливите извори за проценување на квалитетот на учењето. Критичките дискусии за одбрани примери во група на персонал исто така и служи на една поголема научна цел повеќе отколку на самоевалуацијата. Производот кој произлегува од работата на учениците е еден од основните тестови за квалитетот и истиот дава мноштво факти кои не можат да бидат откриени од другите форми или стандардизирани испитувања. Како недостаток се јавува тоа што оваа постапка вклучува субјективни проценки, одзема многу време и најкорисна е кога постојат докази за напредок.

4.5.15. Следење

Следењето најчесто се случува во текот на еден ден или повеќе. Може да биде следење на ученик, наставник или директор. Ова е начин на прибирање на многу погледи за нивното искуство. Му дозволува на набљудувачот да ја набљудува училницата или животот во училиштето ,,од внатре,,. Недостаток е тоа што е ситуацијата е напната во однос на времето. Треба да знае на што да се фокусира и како да го извлече максимумот од разговорот со учениците или наставниците. Кога се следи ученик во текот на еден ден тоа може да стане здодевно и лесно се губи концентрација.

4.5.16. Критичка анализа на настан

Се користи за повторно да се одигра некој настан и истиот да се отпакува за да се открие што било погрешно или што можело да се направи поинаку. Многу моќно средство

за анализа на клучните моменти или делови од настани во училишниот или училничкиот живот. Но, потребни се критички вештини за анализа, отвореност и бесрамност.

4.5.17. Играње на улоги

Играњето на улоги значи повторно одигрување преку драма за да се покаже перцепцијата на ученикот или за да се испита некој детал или аспект од тој настан. Оваа постапка може многу да открие и изгледа како да ставите огледало пред наставникот или училиштето. Бара способност и доверба од играчите на улогите. Постои ограничување на тоа што може да биде прикажано со оваа постапка.

4.5.18. Дневници

Чувањето на податоци за некои настани, успеси, проблеми, пронајдени решенија, можат да се користат од страна на учениците, наставниците, директорите или родителите. Дневниците даваат податоци за самоевалуацијата. Располагаат со богатство од детали. Недостаток е тоа што дневниците се субјективни и го прикажуваат она што се гледа од едни очи.

## ***4.6. Адаптирачки прашалници за самоевалуација (примери)***

Следниве неколку табели според Макбет (MacBeath J. , School must speak for themselves, 1999) претставуваат примери за можни прашалници за самоевалуација. Прашалниците можат да бидат подолги, пократки, да се додадат или отфрлат прашања, со еден збор секое училиште или субјект може да ги адаптира според постоечката ситуација. Содржат некои општи прашања за училишната клима, за односите помеѓу субјектите и поддршката за учењето, кои можат да бидат употребени за голем број различни групи: на пример учениците, наставниците, властите и родителите. Различните одговори потоа можат да се споредат и да се види каде лежат сличностите и разликите. Табела бр 24, 25 и 26

| ПОДДРШКА НА ПОУЧУВАЊЕТО | Целосно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| ❖ Големината на класот дава сигурност дека ефективното поучување може да биде спроведено<br>❖ Училишниот менаџмент е свесен за тоа што се случува во училниците<br>❖ Со лошото однесување се справуваат ефективно<br>❖ Поддршката за поучувањето и учењето е во центарот на училишната политика и планирањето<br>❖ Родителите го поддржуваат учењето на нивните деца<br>❖ Учениците ги почитуваат наставниците<br>❖ Се има доволно време за важните работи<br>❖ Постои соодветно ниво на извори за поучување<br>❖ Персоналот си ја почитува својата работа меѓусебно<br>❖ Работата се дели подеднакво на целиот персонал<br>❖ Наставниците се достапни<br>❖ Персоналот ги споделува проблемите во наставата меѓусебно<br>❖ Постигнувањата на наставниците се забележани и наградени<br>❖ Менаџментот има време да ги ислуша проблемите на наставниците | | | | |

Табела бр. 24

| УЧИЛИШТЕТО | Многу случно како ова училиште | Прилично слично како ова училиште | Не многу слично како ова училиште | Различно од ова училиште |
|---|---|---|---|---|
| ❖ Училиштето е сигурно место<br>❖ Учениците и наставниците се почитуваат меѓусебно<br>❖ Посетителите се чувствуваат добредојдени во училиштето<br>❖ За училиштето заедницата има добро мислење<br>❖ Големината на класовите е гаранција дека секој ученик добива внимание<br>❖ Учениците се однесуваат добро и пристојно<br>❖ Училиштето има желба да се менува и да го прилагодува својот начин на работа<br>❖ Учениците чувствуваат дека учат нешто вредно<br>❖ Учениците добиваат помош и поддршка кога тоа им е потребно<br>❖ Постои добро водство<br>❖ Постои добар степен на присуство<br>❖ Сите ученици се охрабруваат за да го постигнат својот максимален потенцијал<br>❖ Учениците имаат задача да го направат училиштето подобро место<br>❖ Има ред и цели кои го помагаат учењето | | | | |

Табела бр. 25

Следниов пример е за тоа што учениците мислат за нивните наставници. Прашалникот може да се користи од страна на сите - ученици, наставници, родители или за самоевалуациски процеси на наставниците или за самите да ги споредат своите и гледиштата на учениците.

| НАСТАВНИЦИТЕ | Вистинито за скоро сите наставници | Вистинито за повеќето наставници | Вистинито за некои наставници | Вистинито за само неколку наставници |
|---|---|---|---|---|
| ❖ Го сакаат поучувањето | | | | |
| ❖ Се однесуваат кон сите исто | | | | |
| ❖ Им дозволуваат на учениците да знаат како тие работаат | | | | |
| ❖ Ги прават своите предмети интересни | | | | |
| ❖ Охрабруваат | | | | |
| ❖ Ги слушаат мислењата на младите | | | | |
| ❖ Работат повеќе со учениците со потешкотии | | | | |
| ❖ Ги објаснуваат работите | | | | |
| ❖ Не се откажуваат од вас | | | | |
| ❖ Знаат како да ви помогнат кога не разбирате нешто | | | | |
| ❖ Доверливи се | | | | |
| ❖ Ви помагаат да се чувствувате задоволни од самите себе | | | | |
| ❖ Очекуваат од вас напорно и добро да работите | | | | |

Табела бр. 26

## *4.7. Квантитативни и квалитативни показатели на индикаторите за самоевалуација*

За секој индикатор според Макбет (MacBeath J. , School must speak for themselves, 1999) се предложени пристапи или инструменти со квантитативна и квалитативна евиденција. Во текстот што следува се дадени индикаторите со некои нивни показатели прилагодливи на нашата образовна практика.

а) ИНДИКАТОР - УЧИЛИШНА КЛИМА

Во индикаторот „училишна клима" се издвоени неколку елементи односно показатели за кои можеме да дадеме квантитативен и квалитативен доказ. Исто така и со кои методи и инструменти поединечните показатели можат да се докажат.

✓ Во показателот - **Персоналот и учениците се однесуваат релаксирано и во ред** како квантитативен показател е тоа што во училиштето се спроведуваат специфични форми на однесување, наградите и санкциите се спроведуваат на ниво на целото училиште, дисциплината во училиштето и информираноста на родителите. Како квалитативен доказ за овој индикатор се издвоени: движењето во ходниците, атмосферата во мензата, состојбата на тоалетите и надгледувањето на истите, состојбата на училишниот објект и улогата на персоналот/учениците во одржувањето на редот во училиштето. Овој показател може да се истражи со анализа на содржината на училишните правила.

✓ Во показателот - **Има места каде учениците можат да одат и да прават нешто конструктивно надвор од часот,** како квантитативен доказ се зема бројот на деца кои си одат дома за ручек ( иако во нашите училишта учениците не го напуштаат училиштето до завршувањето на последниот час), бројот на деца кои ги користат училишните простории за време на одморите, понатаму можностите на учениците за конструктивни активности во училиштето и дворот исто така е квантитативен доказ. Квалитативен доказ за овој показател е чувството на доверба помеѓу учениците, атмосферата во училниците, ходниците и дворот на училиштето, почитувањето на училишниот имот од страна на учениците и улогата на вработените во набљудување на однесувањето на учениците/ употребата на опремата. Овој показател може да се докаже со истражување на училишните трошоци на родителите, на пример за храна, со истражување на активностите

на учениците на игралиштата или доколку се забележани вандализам и графити какви акции се преземаат за нивно отстранување.

- ✓ За показателот - **Училиштето е сигурно и весело место,** квантитативен доказ се сигурносните мерки превземени од страна на училиштето, а квалитативен доказ е однесувањето на вработените кон учениците и родителите, чувството на сигурност кај учениците, чувството на сигурност кај вработените и отсуство на закана од страна на локалните власти. Овој показател може да се истражи со анализа за можно малтретирање на учениците, со истражување дали локалните родители децата ги испраќаат во други училишта, истражувања за однесувањето на ученикот, родителот и персоналот.

- ✓ За показателот - **Учениците, персоналот и родителите сметаат дека нивниот придонес за училиштето се цени,** квантитативен доказ е учеството на вработените во настаните од информативен карактер, присуството на училишни состаноци и настани, членување на учениците во секции, хорови и др. Квалитативен доказ за овој показател е желбата на персоналот да го користи училиштето за вечерни настани (ваквите настани во нашата практика се многу ретки или воопшто ги нема но се мисли на патронен празник, театарска претстава одржана во училиштето, забава за децата на вработените по повод новогодишни празници и др.) Понатаму како квалитативен доказ е доколку учениците се горди на училиштето и чувствуваат дека припаѓаат таму. Овој показател може да се докаже со истражување за односот на родителите, учениците и персоналот кон училиштето.

- ✓ Последен пример во овој индикатор е **Посетителите се добродојдени во училиштето.** Квантитативен доказ за овој показател е бројот на закажани посети од страна на родителите (иако во нашата практика ретко кога родителите ги закажуваат своите посети во училиштето) и посети од членови на заедницата кои не се родители. Како квалитативен доказ е земена довербата од страна на родителите во врска со посетите и можноста луѓето да даваат сугестии. Инструменти со кои се докажува овој показател се: внесување на податоци во листата на посетители, сандачиња за предлози, прашалници за првите впечатоци на новите ученици.

б) ИНДИКАТОР - ОДНОСИ (ВРСКИ)

И во индикаторот „врски“ исто се дадени некои показатели кај кои што можеме да дадеме квантитативен и квалитативен доказ како и инструменти со кои можат да се истражат и докажат.

- ✓ Во показателот - **Чувство на тимска работа помеѓу целиот персонал** како квантитативен доказ се согледува можноста за заедничко работење на персоналот во рамките на распоредот, склоноста кон заедничко планирање и предавање, а како квалитативен доказ е доколку вработените чувствуваат дека нивните погледи се ценат, доколку бараат поддршка од колегите, или нудат конструктивна критика или совети.Овој показател може да се докаже со истражување како вработените го користат времето, понатаму со преглед на училишната документација и др.
- ✓ За показателот - **Постарите ученици им помагаат на помалите,** квантитативен доказ е на пример бројот на вклучени ученици кои даваат и примаат помош, а квалитативен доказ е кога помладите ученици им веруваат на постарите и кога учениците гледаат едни на други како извор на помош и поддршка. Овој показател се докажува со забележување на учеството на учениците во некои активности, со ученички дневници и база на податоци.
- ✓ За показателот - **Родителите и останатите посетители се чувствуваат добредојдени во училиштето,** квантитативен доказ може да биде бројот на родители кои присуствуваат на средбите организирани во училиштето ( родителски состаноци, патронен празник, маскенбали, панагури и др.), бројот на родители кои ги користат просториите на училиштето, фреквенцијата на весници. Квалитативен доказ е ако родителите се чувствуваат слободни да дојдат во училиштето, ако персоналот е достапен и ценет од страна на родителите. Овој показател се докажува со анализа на бројот на родители кои го посетуваат училиштето, со преглед на училишните документи, со прашалници за родителите.
- ✓ Показателот - **Малтретирањето не се толерира,** квантитативно се докажува доколку се разгледаат зачестеноста на малтретирања, пријави и преземени акции, информирањето на родителите во врска со ваквите случувања и позитивните односи помеѓу учениците во училиштето. Квалитативен доказ е кога се утврдува дека учениците

се чувствуваат сигурни во училиштето, кога знаат кому да се обратат за помош и совет и кога родителите имаат доверба во училишните постапки. Овај показател се докажува со анализа на инциденти/поплаки, со интервју на учениците и родителите.

✓ За показателот - **Луѓето се обраќаат еден на друг со почит кон нивната личност,** квантитативен доказ е доколку постојат правила во училницата и можност учениците и наставниците да разговараат за надворешни интереси. Квалитативен доказ е кога се забележува опуштеност помеѓу учениците и вработените во и надвор од училиштето, кога имињата и титулите не исклучуваат никого, кога вработените се чувствуваат почитувани од страна на учениците и учениците се чувствуваат почитувани од страна на вработените. Овој показател се докажува на пр. со бројот на посетители на воннаставни активности.

в) ИНДИКАТОР - КЛИМАТА ВО УЧИЛНИЦАТА

Квантитативен и квалитативен доказ постои и во показателите во индикаторот – „климата во училницата".

✓ Во показателот - **Училницата е задоволувачко место за учениците и наставниците,** квантитативни докази се: присуството на учениците и нивно доцнење, присуството на наставниците и нивно доцнење, иницијативи од страна на учениците во креирањето на дизајнот на училницата. Квалитативен доказ кога учениците и наставниците се чувствуваат пријатно во училницата, мислењето на родителите за климата во училницата. Овој показател се докажува со анализа на присуствата, набљудување на училницата, повратна информација од учениците и наставниците, анализа на полето на сила.

✓ За показателот - **Постои ред, цел и релаксирана атмосфера во училницата,** квантитативен доказ се пофалбите за добро однесување и дисциплина во училницата, јавно истакнување на правилата и принципите во училницата, информации за оценките. Квалитативен доказ се мислењата на учениците за училниците како места каде се учи, довербата од страна на родителите, планирано користење на времето од страна на наставниците. Овој показател се докажува со анализа на различните погледи за климата во училницата, со редовни набљудувања на училниците и набљудување на интеракцијата во училницата.

✓ За показателот - **Учениците имаат доверба да се обратат на наставниците за помош,** квантитативен доказ се учениците кои бараат помош (по способност, пол, општествена група), пристапот до наставниците надвор од училницата. А квалитативен доказ е улогата на вработените кон поддршката на учењето, довербата на учениците кон вработените, природата на неформалните контакти помеѓу учениците и наставниците, Вербалниот и невербалниот јазик на вработените. Овај показател се докажува со: табели за набљудување, интервјуа, ученички дневници.

✓ За показателот - **Учениците соработуваат,** квантитативен доказ е соработката помеѓу учениците, поддршката од соучениците, а квалитативен доказ се принципите на наставниците во врска со различните стилови на учење, задоволството на учениците во врска со различните стилови на учење, можноста вработените да вршат набљудување и во други оддели заедно со колегите. Овој показател се докажува со социометриска анализа, чек листи за соучениците, анализа на говорот на наставниците/ учениците, поврзување на стиловите на учење со резултатите на учениците.

✓ За показателот - **Ниту едно дете не е исклучено од можноста за успех,** квантитативни докази се: индивидуалната и групната анализа на постигнувањата на учениците, оценувања за постигнувањата по класови, развој на учениците со посебни потреби, а квалитативни докази се: чувството на припадност кај учениците, довербата на вработените во системот на работа, задоволството на родителите од напредокот и уживањето на децата. Овој показател се докажува со: анализа на испитувањата на учениците, интервјуа со учениците, родителите, персоналот, дневници, форми на повратни информации од страна на родителите, преглед на резултатите од тестирањата.

Кога зборуваме за климата во училницата, можеме да го искористиме „полето на сила“ со цел да ги испитаме предностите и недостатоците на поддршката за учењето. На учениците им се дава формулар во кој се бара од нив да напишат на секоја од стрелките работи кои го помагаат и работи кои го отежнуваат нивното учење. Ова е еден пример: (MacBeath J. , School must speak for themselves, 1999, стр. 135)

| Работи кои ми помагаат во учењето | работи кои го прават учењето потешко |
| --- | --- |
| *јасни објасувања* → | ← *луѓето се мешаат* |
| *наставниците ги нагласуваат важните точки* → | ← *наставниците брзаат* |
| *награди* → | ← *наставниците не знаат што знаеме и што не знаеме* |

г) ИНДИКАТОР - ПОДДРШКА НА УЧЕЊЕТО

И кај овој индикатор постојат показатели кои можат квантитативно и квалитативно да се докажат.

✓ Во показателот - **Учениците се сметаат за независни ученици,** квантитативен доказ е бројот на ученици кои добиваат помош, времето за самостојно учење кое го користат учениците, употребата на библиотеката и други извори на материјали, балансот во предавањата. Квалитативен доказ е погледот на учениците кон самите себе како ученици, размислувањата за поддршката на учењето од страна на вработените, учениците и родителите, атмосферата во училницата кога се работи, односот на учениците кон можноста за самостојно учење. Овој показател се истражува со интервју со ученици со различни способности, истражувања за трошењето на времето од страна на учениците, стилови на учење и др.

✓ Во показателот - **Наставниците веруваат дека сите ученици можат да научат и да постигнат успех,** квантитативен доказ се: стапките на напредок меѓу различните групи ученици, а квалитативен доказ се очекувањата и аспирациите на учениците, сфаќањата на персоналот за очекувањата и аспирациите на учениците, бројот на ученици кои учествуваат во вонnаставни активности, оценките за постигнувањата. Овој показател се докажува со: интервју со групи ученици, анализа на информациите од испитувањата, дневници за искуствата на учениците, испитување на методите на предавање, распределување на постигнувањата според етничката и општествената позадина.

✓ Во показателот - **Главниот фокус е ставен на ефективното учење,** квантитативен доказ е времето за учење во текот на неделата, споредба на напредокот на различните групи ученици. Квалитативен доказ е самопроценката на учениците, структурата на

распоредот, предизвиците на персоналот. Овој показател се докажува со анализа на заднинските фактори кои влијаат на напредокот на учениците, анализа на распоредот и неговото влијание врз учењето и предавањето, прашалници за наставниците и учениците, истражување на официјалните документи.

✓ За показателот - **Учењето во и надвор од училиштето е кохерентна целина,** квантитативен доказ е количеството, времето и распоредот на домашните задачи, вклученоста на родителите во учењето надвор од училиштето, помошта од соучениците, а квалитативен доказ е кога учениците чувствуваат предизвик во училницата, кога се цени учењето надвор од училиштето. Овој показател може да се докаже со интервјуа/ прашалници, дневници на учениците.

✓ Во показателот - **Учениците се вклучени во испитувањето на напредокот, бележењето на постигнувањата и поставувањето на целите,** квантитативен доказ можат да бидат податоците за напредокот на учениците, самостојното учење, распоредот на времето за извршување на задачите и времето за прегледување од страна на наставниците. Квалитативен доказ е самодовербата и аспирациите на учениците, како гледаат учениците на нивниот сопствен напредок и како оценките им се показател за нивниот напредок. Овој показател се докажува преку анализа на информациите од испитувањето, дневници за искуството на учениците.

Кај индикаторот „поддршка на учењето“ како олеснителна околност за наставниците е повремената евалуација на учениците со цел полесно да ги дефинираат нивните цели. На пример на крајот од часот може да ги запраша учениците со кој начин (форма) на работа најдобро учат (фронтална, индивидуална, групна, во парови, со помош на наставна техниологија и др.) или да постави прашања од типот: „Дали бевте во можност да побарате помош кога нешто не разбиравте?“, „Дали работата беше премногу лесна, соодветна или тешка?“

д) ИНДИКАТОР - ВРЕМЕ И ИЗВОРИ

За овој индикатор може да се изготви табела за набљудување на училницата која ќе содржи податоци за предметот, дата, колку минути се потребни за да се совлада материјалот на часот, како учениците работат (дали сами, во парови, во групи), да се

забележи активноста на учениците (дали само слушаат, запишуваат, зборуваат, даваат кратки или долги одговори, читаат, вежбаат), податоци за работата на наставникот (излагање со интеракција, без интеракција, разговорот на наставникот поединечно со секој ученик или во групи, во парови), податоци за материјалите кои се користат на часот (учебници, брошури, прирачници, работни листови), податоци за наставната технологија што се користи за време на часот (аудио, видео, компјутер, графоскоп, видео бим)

ѓ) ИНДИКАТОР - ОРГАНИЗАЦИЈА И КОМУНИКАЦИЈА

Во индикаторот – „Организација и комуникација" издвоивме неколку показатели за кои што ке дадеме пример за квантитативно и квалитативно докажување како и со кои методи можеме да ги испитаме.

✓ За показателот - **Донесувањето одлуки во училиштето е отворен процес** квантитативен доказ можат да бидат можности кога вработените се вклучени во донесувањето одлуки и давањето предлози, а квалитативен доказ е кога постои доверба кон вработените во донесување на одлуките, кога се чувствува пријатна атмосферата на состаноците, отвореност во дискусиите и желба за учество во работни групи. Овој показател се истражува со анализа на училишниот календар, анализа на состаноците и нивното времетраење како и времето посветено на секое прашање.

✓ Во показателот - **Се слушаат мислењата на сите во училиштето** квантитативен доказ е бројот на вработени кои дискутираат на состаноците, бројот на родители вклучени во училишните комитети, како и повратните информации од испитувањата на вработените. Квалитативен доказ е довербата на вработените, желбата на вработените да ги споделуваат своите грижи и проблеми и справувањето со несогласувањата и конфликтите. Овој показател можеме да ги истражиме со аудио/видео записи од состаноците како и времетраење на состаноците и преземени дејства како резултат.

✓ За показателот - **Учениците имаат свои форуми каде дискутираат за своите грижи и проблеми,** квантитативен доказ е постоењето на ученички форуми, бројот на ученици кои учествуваат во нив, бројот на одржани состаноци, односите помеѓу ученичките форуми и персоналот, како и обраќањето на учениците за совет до вработените. Квалитативен доказ е квалитетот на дискусиите на ученичките форуми, вербата на учениците дека вработените ќе ги слушнат нивните грижи и желбата за

дискутирање на „чувствителните“ прашања. Овој показател се докажува со истражување за погледите и очекувањата на учениците, набљудување на состаноците, евалуација на ефективноста на учениците и анализа на говорот.

✓ За показателот - **Родителите се информирани за училишната политика и пракса,** квантитативен доказ е фреквенцијата на весници за родителите ( иако кај нас родителите не добиваат весници, сепак ова може да биде добра идеја со цел да се подобри инволвираноста на родителите), посети и вклученост на властите во информативните настани и можности за дискусии помеѓу персоналот, родителите и властите. Квалитативен доказ е запознаеноста на родителите со училишната политика, како и справувањето со поплаките на родителите. Се докажува со анализа на контактите со родителите и анализа на присуството на властите на училишните настани.

✓ За показателот - **Заедницата има позитивен став кон училиштето,** квантитативен доказ е информираноста на заедницата за училишните настани, застапеноста на училишните активности во локалниот печат и преземените иницијативи од страна на заедницата за поддршка на училиштето. Квалитативен доказ е репутацијата на училиштето помеѓу локалното население, учеството на локалната заедница на училишните настани и поддршката од училиштето кон настаните кои ги организира заедницата. Овој показател се докажува со испитување на погледите на заедницата, како и анализа на медиумската покриеност.

е) ИНДИКАТОР – ПРАВЕДНОСТ

И кај овој индикатор откриваме показатели со квантитативна и квалитативна докажаност, како и со кои инструменти се докажува.

✓ Во показателот - **Учениците веруваат во политиката за еднакви можности,** квантитативен доказ е вклученоста на учениците во донесувањето одлуки и учеството во ученичките совети. Квалитативен доказ е сфаќањето дека училиштето е фер систем во сите области. Овој показател се докажува со снимање на одлуките во рамките на училишните совети и постапките преземени како резултат, преглед на документите, преглед на постапките кои ги вклучуваат учениците, интервјуа.

✓ Во показателот - **Културната, моралната, интелектуалната и општествената разновидност се додатна вредност на училишниот живот и учењето,** квантитативен

доказ се изборните предмети, дисциплината, информациите од испитувањето и тестирањето и информациите за учениците кои бараат помош. Квалитативен доказ се погледите на вработените кон добросостојбата на учениците, чувството на еднаквост и правда, довербата од родителите за начинот на кој се третирани децата, довербата на учениците кон вработените и нивната поддршка, позитивните постапки кон малцинските групи. Овој показател се докажува со дневници/следења/ набљудувања на одредени групи ученици по однос на одредени прашања, целни набљудувања.

✓ Во показателот - **Вработените веруваат дека имаат дел во промовирањето на културата на еднакви можности,** квантитативен доказ е вклученоста на вработените во комитети, вонваставни активности, можност вработените да волонтираат во комитетите, иницијативи од страна на вработените за подобрување на училиштето. Квалитативен доказ се погледите на вработените кон нивната улога, чувство на добросостојба. Овој показател се докажува со анализа за вклученоста на вработените, со анализа на можностите за развој на вработените,со истражување на моралот на вработените и истражување на придонесите на вработените.

✓ Во показателот - **Сите деца имаат шанса да превземат одговорност во рамките на класот, училиштето и воннаставните активности,** квантитативен доказ е број на ученици кои бараат помош, присуството во воннаставни активности, а квалитативен доказ се мислењата на учениците за нивниот статус, вклученоста на вработените, родителите и учениците во донесувањето на одлуките. Овој показател се докажува со набљудување на учениците, анализа по категории на учениците вклучени во различни активности, со дневници и со истражување за учениците вклучени во воннаставните активности.

ж) ИНДИКАТОР - ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊЕТО

✓ Во показателот - **Во училиштето има клима на постигнување,** квантитативен доказ се постапките за следење на напредокот, податоците од постигнувањата и податоците од присуството, а квалитативен доказ се квалитетот на работата на учениците, општите погледи кон училиштето. Овој показател се докажува со анализа на постигнувањата на наставниците, мерење на работата на учениците, преглед на оценките, испитување на документите и истражување на мислењата.

✓ За показателот - **Сите ученици имаат еднакви шанси да им се признаат постигнувањата,** квантитативен доказ се постигнувањата на учениците во различни области, можностите за различни постигнувања и поддршката на учениците со послаби постигнувања. Квалитативен доказ е чувството кај учениците дека се почитувани, вербата на учениците во можноста за успех, вреднување на личните постигнувања и успехот од тестирањата. Овој показател се докажува со набљудување на учениците, анализа на добитниците на награди по општествени групи / пол итн. и разгледување на резултатите / наградите / воннаставните активности.

✓ Во показателот - **Постигнувањата на персоналот се ценат и наградуваат,** квантитативен доказ е стапката на присуство на вработените, упатеноста на вработените во весниците, изјавите и сл. Квалитативен доказ е задоволството од работата, познавањето и ценењето на работата на колегите. Овој показател се докажува со набљудување, студии на случај, анализа на училишната документација.

з) ИНДИКАТОР - ОДНОСИ ДОМ – УЧИЛИШТЕ

✓ Во показателот - **Родителите играат активна улога во учењето на нивните деца,** квантитативен доказ е комуникацијата со родителите во врска со учењето дома / домашните задачи, посети на домовите на учениците, а квалитативен доказ е познавањето на наставниот план од страна на родителите, значењето на информациите за родителите. Овој показател се докажува со истражувања и интервјуа, преглед на документацијата.

✓ Во показателот - **Родителите веруваат дека проблемите ќе се решат успешно,** квантитативен доказ се информациите за вклученоста на родителите во креирањето на училишната политика, записи на поплаки, дневници за телефонски разговори, посети и сл. Квалитативен доказ е односот на вработените кон поплаките од родителите и свесноста на родителите за училишните процедури. Овој показател се докажува со анализа на контактите со родителите, прашалници за родителите, студии на случај.

✓ За показателот - **Училиштето им обезбедува на учениците општествена, културна и лингвистичка основа,** квантитативен доказ се категориите на родители кои го посетуваат училиштето, а квалитативен доказ е чувството на добредојденост кај родителите, почитувањето на индивидуалноста на учениците и родителите. Овој

показател се докажува со анализа на вклученоста на различните општествени групи, испитување на заедницата.

- ✓ За показателот - **Состаноците родител - наставник се корисни и продуктивни,** квантитативен доказ се планираните состаноци, термините за посети на родителите, а квалитативен доказ е ефективноста на состаноците, содржината на состаноците, атмосферата на состаноците, исходот од состанокот. Овој показател се докажува со истражување, интервјуа со родителите, анализа на полето на сила.
- ✓ За показателот - **Се следи напредокот на ученикот и истиот редовно се споделува со родителите,** квантитативен доказ е праксата за известување на родителите и колку често тоа се прави - формално и неформално, можноста родителите да допринесуваат за развојот и јазикот кој се користи при известувањето. Квалитативен доказ е користењето на набљудувачки постапки од страна на родителите, природата на поддршката за учениците во бележењето на постигнувањата. Овој показател се докажува со преглед на извештаите, истражување за времето кое наставниците го поминуваат во пишување извештаи.

## ЗАКЛУЧОК

Во претходниот текст се дадени изобилство од примери кои што можете да ги искористите за самоевалуација на вашето училиште. Сите шеми имаат своја рамка која се обидува да најде баланс, да не биде премногу слаба како би предизвикала забуна ниту многу цврста па луѓето да се чувствуваат како заковани и онеспособени. Постои континуитет во моделите на самоевалуација од отворени до затворени. Каде што има голем степен на отвореност, многу им е тешко на училиштата да иницираат и да ја спроведуваат самоевалуацијата. Ова е возможно само во многу самоуверени и еластични училишта, бидејќи притисокот од надвор го намалува времето и енергијата за воведување на промени.

Заедничко на многу системи на самоевалуација им е скалата со четири точки наспроти посебните показатели или критериуми. Тие се извлекуваат од инспекциските модели и често го имаат на себе епитетот задоволителни или добри.

Како што може да се најде во многу проекти за самоевалуација многу одлуки се наоѓаат помеѓу 2 и 3 и тоа доведува до забуна. Природата на тие средни одлуки зависи од тоа каде седите, што и колку можете да видите, предрасудите и контекстот во кој се разгледува. Проценката на инспекторот после час и половина поминат во училницата се разликува од проценката на ученикот, наставникот или директорот.

Алатките кои им се достапни на училиштата играат круцијална улога во самиот процес. Колку се тие поекономични толку е поголема веројатноста истите да се употребат. Нивната примарна цел не е постигнување на сумативни проценки или оценки, туку стимулација на дијалог, бидејќи само преку дијалог наставниците и директорите го продлабочуваат своето разбирање и тоа води до информирано планирање и поставување на целите. Поддршката и предизвикот од *критичкиот пријател* е често важна за управување со процесот и ги потсетува луѓето на основните правила. *Критички пријател* треба да биде личност на која може да и се верува, за луѓето да можат да му се доверат и пред кој можат да бидат самокритични без страв.

Најважно е да се придржувате до она што е важно и да не паднете во замка да го мерите само тоа што лесно се мери. Исто така не смеете да бидете во искушение да ги користите алатките кои ви се само при рака. Најважните работи се оние кои се најтешко мерливи. Поставете ги критериумите, испитајте ги различните извори кои постојат и прилагодете ги на вашето училиште. Процесот може да се повтори и измени.

# 5. САМОЕВАЛУАЦИЈА ВО НЕКОИ ЗЕМЈИ ВО СВЕТОТ

## *5.1. Англија*

Во Англија училиштата го снабдуваат *Одделот за деца, училишта и семејства* (DfES - Department for Education and Skills) со информации за секој ученик кој е во нивна надлежност, а за возврат добиваат широк пакет на информации за постигнувањата на учениците.

Секоја година во Јануари или околу Јануари, училиштата ги пополнуваат своите Годишни извештаи за постигнувањата на учениците во училиштето заедно со податоци за дата на раѓање, дата на запишување во училиште, пол, етничка припадност, мајчин јазик, поштенски број на местото на живеење и единствениот идентификационен број на ученикот. За возврат тие добиваат „Есенски пакет,, (*Autumn Package*) кој содржи Податоци за постигнувањата и испитувањата (PANDA – *Performance AND Assessment data*). Со овој голем број на информации со кој располага *Одделот за деца, училишта и семејства* - DfES лесно може да се прикаже секој аспект од идентитетот на ученикот во однос на неговите постигнувања.

Со помош на ваквите извештаи не е изоставено ниту едно дете. Одделите за ученици, Болниците и Самостојните училишта задолжително пополнуваат *Годишен попис за нивото на училиштата* (SLASC – School Level Annual School Census) додека пак градинките имаат можност да пополнат или ваков попис или Годишен попис на постигнувањата на учениците во училиштетото.

Според Одделот за деца, училишта и семејства - DfES, *Годишниот попис на постигнувањата на учениците во училиштето* ги дава основните информации кои се потребни за да се разбере што се случува во училиштата и за да се биде сигурен дека националната политика се спроведува правилно и доследно, додека пак броевите на учениците даваат основа за пренесување на средствата до Локалните образовни власти - LEA и до самите училишта. Оваа голема база на податоци за учениците на национално ниво, и нивното објавување обезбедуваат достапност до податоците за истражувачите,

додека пак владините оддели, надворешните агенции и сите други ги користат податоците за најразлични цели.

Извештајот со податоци за постигнувањата и испитувањата од страна на *Одделот за деца, училишта и семејства* е дефиниран на следниот начин: „Средтсво за управување кои им помага на училишните менаџери да споредат колку е ефективно нивното училиште во споредба со другите училишта.„ (MacBeath, School Inspection and Self - Evaluation, 2006, p. 92)

*Есенскиот пакет* на PANDA (Performance and assessment data) - Податоци за постигнувањата и испитувањата има две задачи. Обезбедува информации со цел споредување и обезбедува посебни податоци за секое училиште. Училиштата добиваат вкупни резултати на национално ниво, табели со информации во врска со почетните точки со цел да може да се прави споредба со сличните училишта, незадолжителни активности со кои им се помага на учениците да користат информации од споредбен карактер за прв пат, информации за вредностите со кои се прави споредба на релативниот напредок на учениците и дополнителни информации за училиштето заедно со лесноразбирливи проценки за работата на училиштето во клучните подрачја.

Информациите во PANDA ги даваат оние податоци кои училиштето им ги дава на инспекторите од Канцеларијата за образовни стратегии – Ofsted, кога тие доаѓаат во посета. Има три вида на извештаи - за основните училишта, за средните и за специјалните училишта. Интернет страната на Канцеларијата за образовни стратегии нуди анонимни верзии на сите извештаи за пошироката јавност. Заедно со пакетот на PANDA оди и анекс наречен *Национален извештај со крајни податоци* (NSDR – National Summary Data Report) кој содржи упатства и широк спектар на информации извадени од инспекциските евиденции, кои дозволуваат споредби од типот однос ученик - наставник, трошоци, јаки и слаби страни на училиштата на национално ниво. Секој пакет содржи активности дизајнирани да им помогнат на оние кои бараат споредбени податоци за прв пат, обезбедувајќи им детално разработена анализа. Бидејќи податоците за постигнувањата се доверливи, *Канцеларијата за деца, училишта и семејства* - DfES не ги објавува без дозвола и истите им се достапни само на *Одделот за деца, училишта и семејства* и на

Локалните образовни власти - LEA. Самите училишта можат да ги споделуваат овие информации со нивниот персонал доколку сметаат дека тоа е потребно.

Од 2005 година наваму извештаите на PANDA се спроведуваат по електронски пат преку интернет страната на PANDA. Училиштата кои немаат интернет пристап можат да побараат и печатена форма. Електронската верзија се наоѓа на ЦД РОМ и училиштата сами ги внесуваат податоците со што им овозможуваат на владините тела да им помогнат да ја планираат својата иднина.

Воведувањето на софтверот *Трагач по постигнувањата на учениците* (PAT - Pupil Achievment Tracker), им овозможи на училиштата и на Локалните образовни власти да воведат и да прават анализа на податоците за изведувањето на учениците наспроти почетните точки поставени од страна на државата и објавени во Есенскиот пакет. Персоналот на училиштето сега може да користи вредности со кои ќе ги споредува учениците поединечно или во групи со државните вредности за напредок.

Многу училишта придонесуваат со информации во *Одделот за деца, училишта и семејства* а тие информации доаѓаат од Фондацијата на семејството Fischer. Нивната база на податоци содржи информации за изведбите на преку десет милиони ученици во Англија и Велс заедно со аналитички средства за поддршка на самоевалуацијата. Фондацијата неодамна обезбеди додатни материјали кои Ofsted ги стави на ЦД за обука, за истото да им биде достапно на училиштата преку интернет страната на Ofsted. Ова ЦД беше насловено „*Толкување на податоци*„ и истото се фокусираше на анализа на податоци кои беа извлекувани од *Извештајот за постигнувања и испитувања* - PANDA и во истото можеа да се најдат материјали за различни видови на анализи. Податоците,дополнителните материјали и многу други работи можат да се најдат на интернет страната www.fischertrust.org. Овие податоци имаат за цел да обезбедуваат информации за родителите и нивниот избор, да обезбедуваат податоци за истражувања, да информираат за плановите на училиштата и нивните стратегии за напредок, да обезбедуваат основни податоци за наставниците и др.

### 5.1.1. NRwS (New Relationship with Schools)

Концептот на NRwS (New Relationship with Schools) - Нова Врска со Училиштата, за прв пат беше образложен од страна на владиниот Министер David Miliband во неговиот еминентен говор на 8 Јануари 2004 година.

Оваа рамка го потенцира обезбедувањето на ефективност и тековната самоевалуација во секое училиште во комбинација со надворешната проверка.

NRwS, детално образложена во серија документи, им вети поголема слобода на училиштата, како и ослободување од бирократскиот неред и градење на подобри односи со родителите.




Седум елементи на Нови врски со училиштето (MacBeath, School Inspection and Self - Evaluation, 2006)

*1. Самоевалуација*

Првиот елемент во рамката е самоевалуацијата. NRwS (New Relationship with Schools) ги советува училиштата да ја прифатат самоевалуацијата и да ја прилагодат според нивниот спотвен пристап.

Според истражувањето на Националниот Колеџ за Училичен менаџмент (National College of School Leadership (NCSL) кога било побарано од училиштата да ја опишат модел рамката која ја користат училиштата одговориле дека најчесто користат комбинација од водичот на LA (Local Authorities) - Локалните Власти и рамката на Канцеларијата за образование (Ofsted).

Додека пак според истражувањето на Националната фондација за образовно истражување (NFER) во 2001 година кое испитуваше 16 училишта во 9 локални образовни подрачја откри дека 10 го користат моделот на LEA, 4 ја користат рамката на Канцеларијата за образование (Ofsted) додека другите користеа метод *Pick and mix* ,,одбери и мешај,, во комбинација со рамката на (Ofsted) Канцеларијата за образование, и рамката на *Училиштата мораат да зборуваат самите за себе* (Schools Must Speak fot Themselves). (MacBeath, School Inspection and Self - Evaluation, 2006, стр. 3)

*2. Проверка*

На училиштата им се препорачува да ја обновуваат самоевалуацијата еднаш годишно. Формата за самоевалуација (SEF) - Selfevaluation form е земена како појдовна точка на испитување.

3. SIP (The School Improvement Partner)

Училишниот партнер за подобрување (A School Improvement Partner), е опишан како ,,критички пријател,, кој би соработувал со училиштата и би ги поддржувал истите во нивното постигнување. Во најголемиот број случаи треба да биде некој кој поседува

моментално или неодамнешно искуство со управување, некој кој е одговорен пред авторитетот кој ја поседува одговорноста за неговото дејствување и кој ги изведува функциите кои претходно ги изведувал надворешниот советник. The School Improvement Partner - SIP, е врската помеѓу централната власт, локалната власт и училиштето. (MacBeath, School Inspection and Self - Evaluation, 2006, стр. 9) SIP им „нуди„ совети во врска со целокупната насока на училиштето како и во врска со менаџирањето од страна на директорот. Во текот на нивната набљудувачка работа, SIP ги известуваат локалните власти доколку сметаат дека училиштето предизвикува дадени проблеми. Тогаш, властите можат да ја искористат својата моќ и да интервенираат со што процесот на водење на училиштето ќе им го препуштат на партнерот. (MacBeath, School Inspection and Self - Evaluation, 2006, стр. 9)

*4. Разговор*

Се мисли на разговорот помеѓу SIP - (A School Improvement Partner), и директорот на училиштето со цел да продискутираат за работата на училиштето во врска со приоритетите и целите за подобрување и како училиштето ќе ги постигне истите, потоа за системите на менаџирање на училиштето и како тие придонесуваат во зголемувањето на резултатите и постигнувањата , клучни фактори во работењето на училиштето и др.

*5. Училишен профил*

Училишниот профил е документ направен за родителите, како и за останатите, вклучувајќи го и Одделот за деца, училишта и семејства – DfES и истиот треба да содржи информации за достигнувањата на учениците и нивниот напредок, споредени со ученици од слични училишта, за најновите достигнувања во образованието според Ofsted наспроти постигнувањата на самото училиште, податоци, како училиштето им служи на сите ученици, не само на просечните ученици, што нуди училиштето, во однос на поширокиот наставен план, како директорот и членовите на управниот одбор ги гледаат приоритетите

за идно подобрување. Како дополнување на табелите за постигнувањата, родителите исто така имаат право на пошироко и подлабоко разбирање на тоа што училиштето го прави.

*6. Податоци*

Податоците им помагаат на наставниците, директорите како и на тимот за менаџирање да ги откријат слабостите и да превземат нешто во врска со тоа. Тие го заземаат централното место во секој разговор, тие се главната грижа на SIP - партнерот за подобрување на училиштето и претставуваат добра основа за училишната самоевалуација.

*7. Комуникација*

Комуникацијата, седмото парче од сложувалката, е неопходен предуслов за секоја врска. *Новата врска* (The New Relationship) вклучува интернет сервис за нарачување, ,,кој им дава слобода и избор на училиштата да нарачаат што сакаат и кога сакаат. (MacBeath, School Inspection and Self - Evaluation, 2006, стр. 13)

*Клучните зборови кои ги опкружуваат седумте делови на сложувалката*

Клучните зборови се *предизвик и поддршка, соработка и поврзување и доверба.* Заклучокот е дека *новата врска* е заснована на овие зборови и дека би било тешко да се реализира доколку овие вредности не се на своето место.

Некои од седумте елементи на NRwS (New Relationship with Schools) (Нови Врски со Училиштето) беа прифатени како позитивен чекор а додека за некој претставуваа потенцијално проблематични елементи. Се поставуваше прашањето: која е целта на самоевалуацијата? Што таа значи за училиштето и субјектите во него?

- Самоевалуацијата може да биде претставена како добра **основа за инспекција.**

- Клучната цел на самоевалуацијата е да ги подигне **стандардите на училиштето**. Интерпретирано во целост стандардите можат да придонесат за поефективно учење и предавање со што се подобруваат постигањата.
- Самоевалуацијата може да се интерпретира како „помош“ за **професионален развој**. Кога учителите и останатиот персонал ги користат алатките за самоевалуација за професионално да се развиваат стануваат посвесни, самокритични и поспособни да го набљудуваат нивниот професионален раст и нивните достигнувања.
- Есенцијална цел на подобрувањето на училиштето е да се изградат **способности** за одговарање и управување со обврската за самоевалуација.

### 5.1.2. Истражувањето на Националната Фондација за Образовни истражувања (NFER- National Foundation for Educational Reasearch)

При крајот на 2004 година Националата Фондација за Образовни Истражувања - NFER даде извештај за својата проценка на пилот - фазата на *Новата Врска со Училиштата* (NRwS) која опфати 93 училишта.

Овие училишта претходно имаа искуство со некои од клучните компоненти на *Новата Врска* и понудија докази за нивното искуство со формата за самоевалуација. Формата за самоевалуација се сметаше за подетална, поригорозна и поефективна но и потешка за извршување, истовремено претставувајќи тешкотија за училишниот персонал.

## *5.2. Северна Америка*

Во Северна Америка во последните години во образованието постојано се трага по квалитет, се бара баланс помеѓу внатрешната и надворешната евалуација. Во политичката агенда се сретнуваат прашања за државните стандарди и показатели, а додека пак на државно или провинциско ниво, постојат различни практики.

### 5.2.1. САД

Во САД "Проектот за испитување на училиштата" е делумно интересен, ги вклучува училиштата во презентирањето на нивното дигитално портфолио, вклучува ЦД-РОМ направен од страна на учениците и наставниците.

Националната Централна Образовна Лабораторија (NCREL – National Central Educational Laboratory) објавува алатка за самоевалуација и нуди шест клучни области кои училиштата треба да ги имаат во предвид, а секое подрачје е придружено од клучни прашања:

*Квалитет:* Колку е добро....(нешто) и/или колку добро е ...(нешто) направено?

*Непристрасност:* Колку е фер и независно...(нешто) и /или колку фер и независно е ...(нешто) направено?

*План:* Колку добро...(работите) си одговараат меѓу себе?

*Интегрирање:* Колку добро е ...(клучна пракса) вградена во поширока смисла и цел?

*Поддршка:* До која мера поединците ја фаворизираат или негираат самоевалуацијата?

*Обврзаност:* До која мера поединците се обврзуваат или го поседуваат самиот процес? (MacBeath, School Inspection and Self - Evaluation, 2006, стр. 174)

### 5.2.2. Квебек

Во провинцијата Квебек, Министерството за Образование објавува опширни податоци за работата на училиштето и прави споредби на провинциско ниво помеѓу учениците од провинцијата Квебек и учениците од Француските училишта. Паралелно со тоа, Министерството објавува сет за сопствена проценка на училиштата кој содржи прашалници и други инструменти за истражување наменети за наставниците, учениците и менаџментот а кои покриваат широк спектар на карактеристики на училишниот живот. Инструментите беа извлечени од истражување во кое беа вклучени 6500 ученици и 1600

наставници во франкофонските училишта. Во исто време, одделен пилот проект се спроведе во Универзитетот МекГил за училиштата во Квебек. Проектот “Училиштата им зборуваат на акционерите“ (Schools Speaking to Stakeholders) дојде до многу слични заклучоци во врска со важноста на акционерите во процесот на самоевалуација.

### 5.2.3. Британска Колумбија

Британска Колумбија разви пристап наслов “ Заедничко градење на одличност“ (Building Ehcellence Together). Министерството за Образование на Британска Колумбија ги води училиштата низ процесот на самоевалуација, вклучувајќи истражувања и инструменти за испитување на училишната култура, развојот на персоналот, училиштето и заедницата, водството и учењето. Нивна задача е, како што стои во прирачникот, да се сретнат со персоналот и да разговараат за добрите страни и оние кои треба да се променат, да му дадат поддршка на училишниот план и да се договорат на кој начин резултатите ќе се презентираат пред широката јавност.

### 5.2.4.Канада

Во Канада Федерацијата на Канадски наставници (CTF – Canadian Teachers Federation) ги поставува критериумите за професионалниот модел на самоевалуација и одговорност:

- Наставниците се одговорни за предметот кој го имаат во моментот и основата на педагошкото знаење, преку чија употреба носат одлуки кои се најдобри за учениците, им ги објаснуваат своите одлуки на родителите и јавноста и работат на подобрување на својата пракса.
- Пристапот кој е основан врз база на квалитетот на училницата мора да биде главна одлика на образовната одговорност.
- Одговорноста мора да се рефлектира преку мноштвото цели на јавното образование и разновидната природа на учениците, училиштата и заедниците.

- Одговорноста мора да биде фокусирана на поддржување и усовршување на учењето на учениците.
- Родителите имаат право на јасни, разбирливи и навремени информации за напредувањето на нивните деца.
- Јавноста има право да знае колку добро системот ги остварува своите цели. (MacBeath, School Inspection and Self - Evaluation, 2006, стр. 176)

### *5.3. Австралија и Нов Зеланд*

И во **Австралија** не постои национален систем туку сите држави развиваат свој сопствен модел на самоевалуација.

*Гаранцијата за квалитет во Викторијанските училишта* (Quality Assurance in Victorian Schools) е пристап кој го користат персоналот на училиштето заедно со надворешната инспекција и истите не и даваат отчет на јавноста за својот неуспех. Училишната самоевалуација се спроведува според упатствата на Кацеларијата за испитување според чија рамка училишните совети ги сочинуваат родителите, заедницата и претставници на персоналот кои имаат значајна контрола врз училишната политика. (MacBeath, School Inspection and Self - Evaluation, 2006, стр. 176)

Во **Нов Зеланд** од државните училишта се бара да користат процес на самоевалуација кој што документ е постојано подложен на промени. Министерството за образование има одговорност да ги поддржува училиштата преку обезбедување на средства и информации. Екстерната евалуација на *Канцеларијата за образовни истражувања* (ERO – Education Review Offices) е дополнение на самоевалуацијата која ја врши училиштето. Преку длабока анализа на секое училиште на неколку години, Канцеларијата обезбедува сигурност дека проблемите се идентификувани и приоритетите се поставени. Понатаму се очекува од училиштата да ги искористат резултатите на Канцеларијата при пречистувањето на нивните цели и препознавање на понатамошните планови.

Во **Тасманија** целта на самоевалуацијата се опишува како развојна и е од голема помош за училишната заедница.Клучен аспект на процесот на самоевалуација е врската помеѓу домот и училиштето. Една од задачите на екипата за евалуација е да одбере случајни примероци на семејства од училишниот попис. Еден од членовите на екипата потоа се јавува за да разговара со родителот/старелот. Најпрво се претставува, прашува дали се во можност да разговараат неколку минути, ја објаснува целта на истражувањето и им соопштува како информациите кои ќе се дадат ќе бидат искористени во иднина. Потоа им се поставуваат пет клучни прашања и истите се запишуваат на анкетниот лист. На анктениот лист не се запишува името на семејството. Постојат пет клучни области за дискутирање со членот на семејството:

1. Дали весници пристигнуваат во домот?
2. Што мисли членот на семејството за стилот/содржината?
3. Дали извештајот од училиштето е во ред? Како истиот може да се подобри?
4. Каква е комуникацијата со класниот раководител? Дали семејството е задоволно од комуникацијата? Како може да се поправи истата?
5. Како може училиштето да ја подобри општата комуникација? (MacBeath, School Inspection and Self - Evaluation, 2006, стр. 178)

Во **Нов Јужен Велс** училишните профили се составени од страна на самите училишта и даваат основа за квалитет и надворешно истражување. Училишниот профил содржи информации за:

- Општествено-економската позадина на училиштето (статистичка и опишувачка)
- Популацијата во училиштето, број на ученици и наставници
- Податоци за присуство-различни модели за различни возрасни групи
- Податоци за постигнувањата во текот на последната година
- Трендови во постигнувањата

- Резултати од испитувањата на родителите, учениците и персоналот. (MacBeath, 1999)

Во **Викторија** програмата "Училишта за во иднина" (Schools for the Future) спроведува процес на независно, надворешно испитување на училиштата но во центарот на своето внимание ја става повелбата на училиштето, документ составен од страна на училиштето во кој се сместени неговиот профил, приоритети и пракса. Испитувањето и обновувањето на повелбата на секои три години им обезбедува на училиштата поддршка и предизвик да ја подобрат својата работа на систематски начин.

### *5.4. Хонг Конг*

Моделот во Хонг Конг е многу близок до Новата врска (New Relationship) во Англија и нуди покажувачи на јаките и слабите страни, остра инспекција фокусирана на внатрешната евалуација на самите училишта.

Во 2004 година *Бирото за Образование и работна сила* (Education and Manpower Bureau) започна пилот - проект за проверка на системот училишна самоевалуација и надворешна евалуација. Во надворешната евалуација зедоја учество над 300 училишта а истата беше спроведена од страна на тим од Оксфорд.

Во некои училишта во Хонг Конг самоевалуацијата постоеше неколку години претходно, поттикната од страна на високото образование и нивните иницијативи. За некои училишта самоевалуацијата беше нешто ново, а во некои училишта веќе постоеше пракса воведена од страна на некои наставници или оддели но без поддршка и упатства.

Секое училиште има група која се состои од шест до осум члена и има задача да ги подржи своите колеги во воведувањето на самоевалуацијата, преку употреба на алатки понудени од страна на *Бирото за образование и работна сила* и преку организирање на обуки. На секои три месеци се одржуваат состаноци од страна на вработените во *Бирото за образование и работна сила* со групата за подобрување на училиштето.

*Бирото за образование и работна сила* ги прифати препораките од евалуацијата и ги отфрли скалите од 1 до 4 бидејќи истите беа премногу едноставни и го одвлекуваа вниманието од квалитетот на училиштето. Евалуацијата, исто така укажа на некои можности и замки на Новата врска (New Relationship).

- Целта на надворешната евалуација мора да биде јасно кажана, јасно сфатена и јасно применета во праксата.
- Самоевалуацијата треба да се спроведува преку обврската кон подобрување а не како подготовка за испитувањето.
- Преминот од испитување кон прегледување бара различни вештини од страна на групата за испитување/прегледување и систем за професионален развој и повратните информации од училиштата мораат да бидат составен дел од радикалната промена во размислувањата и праксата.
- Принципот на реципроцитет кажува дека инспекциските групи слушаат, учат и се отворени за критика и истото го очекуваат и од училиштата.
- Инспекциските групи мораат да бидат отворени за креативни изненадувања и алтернативните пристапи кои училиштата ги користат. (MacBeath, School Inspection and Self - Evaluation, 2006, стр. 181)

## ***5.5.Израел***

Во Израел има развиен модел кој започнува со седумдесет до осумдесет часа основен тренинг за програмска евалуација, проверка на собраните податоци и анализа на тие податоци. Училиштата учесници потоа прават внатрешни тимови за евалуација составени од четворица наставници кои претходно ги посетувале тренинг работилниците. Овие тимови за евалуација одбираат цел на евалуацијата. Составот на тимот се менува од време на време за да сите заинтересирани наставници добијат шанса да учествуваат во училишната евалуација. Тимот има техничка поддршка. Кога училиштето е подготвено започнува надворешната евалуација.

Добиените заклучоци се следниве:

- Луѓето во училиштата најдобро го разбираат значењето на евалуацијата
- Учениците и нивните постигнувања не смеат да бидат единствените предмети на училишната евалуација
- Училишната евалуација треба да има и формативна и сумативна функција, да обезбедува информации за планирање и подобрување како и потврда и одговорност
- Не постои начин да се суди за вкупниот квалитет на училиштето преку еден критериум или преку универзална комбинација од критериуми
- Внатрешната евалуација најдобро може да се спроведе од страна на група наставници за кои евалуацијата претставува дел од нивната работа, поддржани од соодветен тренинг и надворешни соработници
- Неопходно е да се стават во функција колку е можно повеќе алтернативни алатки и методи
- Учењето преку пракса е сеуште најдобриот начин да се научи како да се спроведе евалуацијата
- Внатрешната евалуација му претходи на надворешната.

### *5.6. Данска*

Во Данска децентрализацијата на финансискиот менаџмент на училиштата во 1991 година им даде моќ на локалните власти и им дозволи доколку сакаат да спроведат понатамошна децентрализација во секое училиште поединечно. Во исто време на родителите им се даде поголема моќ преку училишните одбори иако тоа подразбираше само советодавна улога.

Министерството за образование иницираше два големи проекти за развој на нови алатки и постапки за евалуација на работата на учениците, предавањата и другите

активности поврзани со часот. Едниот од тие проекти беше наречен: "Проект четири градови: Училишен развој преку Училишна евалуација"

NAE – Националните власти за образование (National Authority of Education) испраќаат национални советници или други членови од Секторот за Високо Средно Образование на секои три години во секое бизнис училиште. Ваквите посети се задолжителни. Учесници се: училиштата, Министерството, неговите национални советници и Данскиот Институт за Евалуација (Danish Evaluation Inst itute (EVA).

## 5.7. Шпанија

Шпанија нема надворешна инспекција но Шпанското Министерство за образование во последниве неколку години се движи напред кон секвенцијален модел на самоевалуација чија задача е да го обновуви процесот на учење. Во 1997 година Министерството објави атрактивен сет книги за автоевалуација, од кои во секој примерок беа презентирани различните фази на процесот - цели, потребни извори, прашалници, студии на случај, процедури за анализа и интерпретација.

## 5.8. Италија

Во Италија системот е децентрализиран и во одредени провинции самоевалуацијата е на високо ниво. Долги години кај нив има инспектори, но тие никогаш не направиле систематска евалуација на училиштата. Со одредбата од 1997 година инспекторатот доби државна улога преку новата агенција наречена Сервис за Квалитет во образованието. Истиот обезбеди техничка поддршка за училиштата и ги дефинира критериумите кои училиштата ќе можат да ги користат во текот на својата самоевалуација.

### *5.9. Холандија*

Во Холандија постојат проекти кои ја стимулираат и поддржуваат имплементацијата на самоевалуацијата во училиштата, како на пр. Q – 5 проектот.

Како и во многу други земји и Холандија е децентрализирана.Тука инспекцијата врши супервизија на училиштата. Таа ја базира својата работа на резултатите од работата изведена во училиштата. Инспекцискиот тим потребно е да биде сигурен дека системот за обезбедување на квалитетот во училиштето функционира правилно.

Основните и средните училишта имаат законска обврска да развијат план за напредок на училиштето. Во него ја опишуваат стратегијата за квалитет во врска со персоналот, образованието и сигурноста. Планот содржи информации за целите на училиштето, образовните активности и постигнатите резултати. Овој документ има јавен карактер и им помага на родителите да влијаат на квалитетот во образованието.

### *5.10. Ирска*

Министерството за Образование во Ирска работи на планот за развиток, ја разработува самоевалуацијата која што е задолжителна во училиштата и е составен дел од процесот за развиток.

Пред инспекција училиштата мора да подготват извештај од внатрешна ревизија, со податоци од методите користени за да се дојде до заклучоци. Инспекцијата е обезбедена со индикатори за квалитет во нивната рамка „Оценување на училиштата“ кои што индеикатори понатаму можат да ги користат училиштата за самоевалуација. „Критериумите за оценување“ инспекцијата ги користи во основните училишта и претставуваат дел од Целокупното Оценување на Училиштето (Whole School Evaluation WSE).

Секоја година училиштата добиваат поатоци од јавните испитувања кој ги споредуваат со училишта со исти карактеристики. Според овие податоци училиштата поставуваат цели за идната година.

Во Ирска самоевалуацијата е основен дел од училишното планирање и резултатите од неа се користат за идни цели.

Некои училишта го користат стандардизираниот прашалник „Самоевалуација низ прашања за однесувањето“ („Self – Evaluation Through Attitude Questionnaire“ - SETAQ).

### *5.11.Шкотска*

Во Шкотска од училиштата се бара годишно да објавуваат извештаи за стандардите и квалитетот и за планирање на развитокот. Врзоснова на тоа секое училиште треба да постави цели со цел да се зголемат резултатите. Извештаите им се доставуваат на родителите, и на Локалните Образовни Власти – LEA.

Националната агенција за испитување (SQA) ги обезбедува резултатите од националните достигнувања од 14 годишна возраст кај учениците и нагоре. Секое училиште понатаму е обезбедено со детални анализи од резултатите.

Шкотската извршна власт со помош на „Националната Иницијатива за поставување цели“ („National Target Setting Initiative“) ги снабдува училиштата со детален извештај за постигањата на учиниците, кои што резултати понатаму се споредуваат со други училишта.

Во Шкотска се кориси и рамката за квалитет „Колку е добро нашето училиште“ („How good is our school“) издаден од - Her Majesty's Inspectorate of Education – HMIE и ги обезбедува училиштата со 33 индикатори за квалитет кои ќе помогнат во имплементација на самоевалуацијата.

(Her Majesty's Inspectorate of Education – HMIE) – „Нејзиното височество Инспекторатот за образование“ го препорачува документот „Standards in Scotland's Schools Act 2000“ – „Акт 2000 за стандардите во училиштата во Шкотска„ и добиените податоци ги користи како основни информации за самоевалуација во училиштето.

Шкотските власти за квалификации (Scottish Qualifications Authority – SQA) и локалните власти ги снабдуваат училиштата со висококвалитетни статистички податоци на национално, локално и ниво на училиште.

### *5.12.Австрија*

Посебен оддел во федералното Министерство за образование и култура развива голем број на индикатори за квалитет во проектот „Квалитет во училиштето„ („Quality in School“ – QIS). Клучните области опфатени во овој проект се: предавање и учење, училишна клима, соработка на училиштето со средината, управување и креирање на образовната политика. Организирани се и семинари на локално ниво со цел да се презентира QIS проектот на вработените во училиштата.

„Наставниот план 99“ тврди дека секое училиште треба да развие училишна програма, специјална форма на планот за развиток на училиштата.

### *5.13. Португалија*

Во Португалија училиштата изготвуваат портфолија во кои ги вклучуваат резултатите од самоевалуацијата.За овие резултати се известени инволвираните страни: наставниците, учениците, родителите. Со резулттите од самоевалуацијата некои училишта ги одредуваат приоритетите за дејствување.

Работата на инспекциските служби во оваа земја е да имплементира надворешно оценување базирано на сет од индикатори.

Во Португалија се користат рамки за самоевалуација на училиштата како: „Европската фондација за квалитетен менаџмент„ – EFQM, „Европскиот проект за евалуација на квалитетот во училиштето“ познат како „Квалитет XXI„ (Quality XXI) и „Одржување на квалитетот на училиштето“ како дел од националната програма „Образование за сите“ (Education for all).

### *5.14.Француска говорна заедница во Белгија*

Во Француската говорна заедница во Белгија, училишниот совет е задолжен за подобрување, прегледување и комплетирање на училишниот план. Секоја година од добиените податоци се подготвува извештај наречен „projet d'etablissement" (совет за уредување), во кој што наставникот треба да приложи документ со извршена евиденција за плнирање на активностите според одредени цели. Овој извештај содржи податоци за културната и социјалната основа на ученикот, очекувања кои се однесуваат на неговите понатамошни студии и професионален живот, училишната средина, наставниот план. Националната администрација за образование – „Administration Generale de L'Enseignement et de la Recherche Scientifique" – AGERS им обезбедува на училиштата документ со чија помош ке можат да ги одредат целите и да подготват извештај.

### *5.15. Есен*

Во Есен е развиена рамка од индикатори како дело од Сократовиот проект „Партнерство за квалитет во регионите„ (Quality Partnership of regions).

Индикатори за квалитет обезбедени од Министерството за образование се однесуваат на постигањата на учениците на крајот од основното образование, деветти клас (Hauptschule) и на крајот на десетти клас ( Realschule).

Многу од училиштата во Есен ја користат шкотската рамка за квалитет – „Колку е добро нашето училиште?" (How good is our school?).

Германскиот институт за интернационални образовни истражувања (DIPF) нуди надворешна евалуација на училиштата.

# 6. САМОЕВАЛУАЦИСКО УЧИЛИШТЕ

*Самоевалуациско и самонапредувачко училиште е она училиште кое е флексибилно во поглед на промените и кое поседува внатрешен капацитет и знае да ги процени своите слаби и јаки страни и да го гради својот напредок на таа цврста основа.*

*(Riley and Macbeath, 2000)*

Секое добро училиште добро работи, бидејќи секој член во него презема одговорност за нешто. Училиштето ве подготвува за животот понатаму. Тоа што наставниците ве учат на час не е тоа што го учите. Учите преку можноста која ви се дава да ги направите работите и да донесувате одлуки. Најдоброто нешто во ваквите училишта е тоа што на секој му се дава шанса да се докаже и да си го најде своето место. Во здравите динамични училишта самоевалуацијата е силно застапена и има тенденција кон постојано подобрување. Во училиштата каде постои недостаток на самодоверба и негирање на слабостите таа отсуствува или се наоѓа на последно место.

Субјектите во училиштето на самоевалуацијата гледаат како на нешто на што треба да се навикнат, нешто што треба да го научат, нешто ново, некаква промена. Според Петковски (Петковски, Предизвиците на современото лидерство во образованието, 2009) постојат три фази кај секоја промена:

- Иницијатива;
- Имплементација и
- Институционализација

Иницијативата за промена, или промовирање на нова идеја, вообичаено се јавува како резултат на нови знаења. Втората фаза, имплементација за промената или внесување на новата идеја бара промена на ставовите и промена на индивидуалното однесување кај клучните луѓе во процесот на спроведување на промената. Институционализацијата, како трета фаза, практично значи оживотворување на промената или одржливост на новата идеја. За да се постигне тоа, потребно е да се промени индивидуалното однесување на сите членови и нивното групно однесување, или организациска култура.

Во ранливите училишта самоевалуацијата може да започне од некоја конкретна област за која училиштето смета дека треба да се подобри. Природата на проблемите во дадената област може да биде толку очигледна што училиштето мора да е подготвено со помош од страна да се фокусира на слабите точки. Задоволните и сучилишта исто така може да имаат потреба од соодветна поддршка за да се справат со дисонанцата помеѓу начинот на кој стојат работите и начинот на кој сакате да верувате дека стојат работите. Знчи важно е само да се признае дека е потребна помош односно да се постави рамнотежа помеѓу внатрешната и надворешната евалуација.

За да училиштето прерасне во самоевалуациско училиште најпрво треба да изгради слика на квалитетно училиште, училиште со воспоставени добри односи помеѓу субјектите во него, со здрава клима за работа, училиште со јасно дефинирана мисија, со квалитетна настава и квалитетно учење.

Квалитетното училиште се карактеризира со најпрво добар директор, компетентен наставен кадар, добар училнички менаџмент, вработени кои се подготвени за промена, за понатамошно усовршување, воспоставена соработка со локалната заедница. Училиштата со здрава клима за работа се карактеризираат со пријатна средина за работа, атмосфера на ред и дисциплина, комуникација помеѓу субјектите, соработка со родителите, позитивни ставови. Ваквите училишта зрачат со чесност, отвореност, соработка, флексибилност, колегијалност, комуникативност, одговорност, толерантност, точност, совесност, несебичност, самокритичност, доследност. Во успешните училишта очигледни се квалитетот на работата на наставниците и учениците, стилот на водење на училиштето, мотивираноста на субјектите во училиштето, интелектуалниот потенцијал и др.

Училишната самоевалуација заедно со училишниот преглед, допринесува за развој на училишниот стратешки план. Сите училишта најпрвин прават самоевалуација а потоа го прават својот преглед во зависност од видот на прегледот кој треба да го направат. Врската помеѓу овие компоненти е претставена на слика 3. (Department of education and Early Childhood Development, 2009, p. 4)

Слика 3. Самоевалуација, преглед и планирање во текот на една година.




Училишната самоевалуација е процес на вклучување на училишната заедница која на систематскиот, разбирлив и детален начин влијае врз постигнувањата на училиштето во зависност од учењето на учениците, ангажираноста на учениците и нивното добро како и патиштата на учениците. Училишната самоевалуација го препознава и го наградува успехот и се фокусира на области во кои резултатите на ученикот можат да бидат уште подобри. Овој процес подразбира и разгледување на факторите кои влијаат на подобрувањето на резултатите.

Разгледувањето на елементите од праксата кои придонесле за постигнатите резултати на учениците ќе им овозможи на училиштата да направат проценки за тоа кон каде треба да се насочат нивните идни напори со цел да се постигне подобрување во новиот училишен стратешки план.

Во рамки на училишната самоевалуација се испитуваат трите области на ученичките резултати и тоа учењето на ученикот, ангажираноста на ученикот и неговата благосостојба и патиштата по кои ученикот се движи, преку следниве прашања:

1. Какви резултати се обидуваше училиштето да постигне кај ученикот?
2. Какви резултати постигна училиштето кај ученикот?
3. Зошто училиштето успеа/ не успеа да постигне подобри резултати кај ученикот?

4. Колку ефикасно училиштето ги искористи своите ресурси за постигнување на подобри резултати кај ученикот?
5. Што може училиштето да направи во иднина за да продолжи со напредок?

Во прашањата од 1 до 4 училишната заедница стекнува сознанија за средината во која училиштето дејствува и како истата влијае на резултатите на ученикот. Прашањето број 5 им дава можност на училиштата да влијаат на промените кои се јавуваат во рамки на нивната училишна заедница во текот на следните четири години и да предвидат како тие промени ќе влијаат на нивните ученици. (Department of education and Early Childhood Development, 2009, стр. 7)

Училиштата треба да применуваат самоевалуација бидејќи самиот процес на самоевалуација е веродостоен и ја заслужува довербата од страна на персоналот, методологијата е флексибилна и се прилагодува на различните ситуации, лесно се употребува, секој може да го примени процесот без посебни вештини, резултатите му се достапни на целото училиште, процедурата може да се примени во различни контексти без промена на основните принципи, методологијата им дозволува на учесниците да развиваат критичко и конструктивно размислување за учењето, процесот на самоевалуација се фокусира на заедничките и полнозначни фактори.

**Ефективно училиште** е она „училиште во кое учениците напредуваат повеќе отколку што се очекувало".

Макбет (MacBeath, School must speak for themselves, 1999) дава бројни примери како училиштето може да се промени и од просечно да прерасне во ефективно училиште. Пр.1.

| Училиштето сега | Ефективно училиште |
|---|---|
| 1 2 3 4 5 | 1 2 3 4 5 |
| • Учениците сакаат да одат на училиште<br>• Наставниците имаат можност за професионален развој<br>• Домашните задачи се изработуваат и за нив се добива повратна информација<br>• Родителите се информирани за учењето на нивните деца<br>• Постои меѓусебна почит помеѓу наставниците и учениците | |
| Забелешка:<br>1 = целосно се согласувам/ круцијално<br>2 = се согласувам/ многу важно<br>3 = не сум сигурен/ прилично важно<br>4 = не се согласувам/ не многу важно<br>5 = воопшто не се согласувам/ воопшто неважно | |

Пр. 2. Во ходникот на едно средно училиште се наоѓа формулар кој треба да го пополнат родителите или другите посетители додека на пример чекаат да бидат примени или кога го напуштаат училиштето. Во него има прашања како на пример:

| | да | не | неважно |
|---|---|---|---|
| Знам каде да одам | ■ | ■ | ■ |
| Се чувствувам добредојден/а | ■ | ■ | ■ |
| Имаше јасни знаци и упатства | ■ | ■ | ■ |
| Персоналот е љубезен | ■ | ■ | ■ |
| Учениците беа љубезни | ■ | ■ | ■ |
| Леѓето велеа здраво и се смееја | ■ | ■ | ■ |
| Ме оставија да чекам без објаснување | ■ | ■ | ■ |

Напишете еден збор со кој би ги опишале

вашите импресии за влегувањето во

училиштето

________________________________________

Дали имате некои предлози како би можеле да ги подобриме работите за родителите или другите посетители?

Пр. 3. Некои училишта ги користат посетителите како извор на повратни информации за училишната клима и култура. Од нив се бара да го пополнат следниов прашалник пред да си заминат. Прашањата се однесуваат на:

- Колку беа добредојдени
- Природата на примените информации
- Однесувањата на учениците
- Обичаите на персоналот
- Односите персонал - ученик
- Поддршката од персоналот
- Поддршката од менаџментот
- Споредба со други училишта

Пр.4. Шкотската канцеларија за образование има развиено дванаесет показатели на обичаите. Следнава е активност за менаџерските тимови во Шкотските училишта која може да се искористи и од страна на властите:

Членовите на одборот беа запрашани, секој поединечно, да го рангираат своето училиште на скала од 1 = одлично, до 4 = многу работи треба да се поправат, во однос на сите дванаесет показатели. Потоа се групираат во групи по тројца и се обидуваат да постигнат договор. Потоа даваат извештај за целата група.

| *Дванаесетте показатели* | *Моето рангирање* | *Рангирањето од страна на одборот* |
|---|---|---|
| Моралот на учениците | | |
| Моралот на наставниците | | |
| Задоволството на наставниците од нивната работа | | |
| Физичката средина | | |
| Контекстот на учење | | |
| Односите наставник-ученик | | |
| Дисциплината | | |
| Еднаквоста и правдата | | |
| Воннаставните активности | | |
| Водењето на училиштето | | |
| Информации за родителите | | |
| Консултациите родител-наставник | | |

Пр.5. Од одреден број надворешни личности било побарано да го посетуваат училиштето без претходна најава. Ним им била дадена слобода и пристап во училниците по претходен договор со наставниците. Распоредот за набљудување беше претходно разработен и распределен на персоналот.

**Следниве прашања се само предлози кои можат да бидат вклучени:**

- Како се однесуваат учениците едни кон други?
- Како се однесуваат учениците кон наставниците?
- Какви се односите помеѓу наставниците?
- Дали постои ред во училиштето?
- Дали луѓето се грижат за средината?
- Како бевте примени како посетител?
- Дали класот ви изгледаше стимулиран?
- Дали сите ученици беа мотивирани?
- Каков е вашиот впечаток за училиштето?

Се разбира, прашањата можат да се моделираат во однос на училиштето.

Пр.6. Еден начин на добивање информација за училиштето како организација е проверката како училиштето се справува со проблемите, кризите или конфликтите. Тоа може да се провери со едноставно индивидуално интервју или групно интервју.

Поединецот или групата препознава инцидент во рамките на училиштето со кој тоа тешко се справува. Тоа може да биде на пример реорганизација, ученички протест, дисциплинарен инцидент. Потоа групата (по можност со помош на надворешен или критички пријател) се обидува да направи реконструкција на ситуацијата обидувајќи се да не обвинува туку само да анализира:

- Што се случило? Кој бил вклучен?
- Колку ефективна беше превземената акција?
- Кои беа можностите тогаш?
- Кое знаење ќе им помогнеше на луѓето поинаку да ги направеја работите тогаш?
- Што може да се направи?

Истата техника може да се искористи за справување со промени или за анализа на нешто што луѓето го сметаат за успех, преку што ќе се откријат добрите карактеристики на училиштето.

Во последните години Европската Комисија спонзорираше голем број проекти за самоевалуација во рамки на програмата Сократ. Еден од тие проекти, "Евалуација на квалитетот на училишното образование" обезбеди примероци од осумнаесет земји учеснички сите со различни пристапи на самоевалуација.

Во периодот од 1998 и 2001 година, 101 училиште учествуваа во Европскиот проект за самоевалуација. На крајот, 98 од 101 решија да продолжат со тоа бидејќи проектот опфаќаше елементи како што се: јасна цел, рамка за евалуација, релевантни критериуми и процес за кој училиштата сметаат дека е ангажирачки, предизвикувачки и продуктивен. Клучните карактеристики на тој проект беа:

- Вклученост на клучните учесници (наставници, ученици и родители) во самиот процес.
- Препознавање на она што им значи најмногу на учесниците.
- Поддршка и предизвик од страна на критичките пријатели, избрани од или во консултации со училиштето.
- Дијалог кој произлегува од различните гледишта и печат заради регистрирање на податоците.
- Репертоар на средства за употреба од страна на наставниците.
- Едноставноста и достапноста на рамката.
- Акцент на учењето и подршка за поучувањето. (MacBeath J. , School Inspection and Self - Evaluation, 2006)

Како заклучок можеме да го искористиме фундаменталното начело на самоевалуацијата според Европското тело на инспектори:

***„Набљудувај се себеси за да не бидеш набљудуван“***

што значи дека училиштата повеќе сакаат да учествуваат во иницијациите отколку само тие да им бидат наметнати.

Според тоа заклучуваме дека училиштето кое нема внатрешен механизам за самоевалуација ќе се соочи со проблеми во текот на развојот на позитивен став кон евалуацијата и недостаток на самодоверба за конструктивен дијалог помеѓу училиштето и надворешната евалуација. Во такви случаи, евалуацијата станува повеќе извор на обвинувања отколку основа за дијалог .

# 7. САМОЕВАЛУАЦИЈАТА КАКО ДОБРА ОСНОВА ЗА ИНСПЕКЦИИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО

Подобрувањето на квалитетот на образованието е она што секоја држава се стреми да го постигне при креирањето на националната политика. Оценувањето на образовните постигнувања кај учениците, постигањата на наставниците како и училиштето во целост е од голема важност како и за учениците така и за креаторите на наставните програми. Компонентите на самоевалуацијата, може да бидат испитувани од страна на наставникот или училиштето, локалните власти или националните тела за образование.

Надворешната евалуација на училиштата како една целина се однесува на активностите на сите негови субјекти. Активностите кои се оценуваат зависат од држава до држава и сепак зависат од тоа колку училиштата се автономни.

## *7.1. Односи помеѓу екстерната и интерната евалуација*

Надворешната и внатрешната евалуација се независни една од друга. Екстерната евалуација не се зема во предвид во текот на самоевалуацијата, но надворешната евалуација може да ги користи резултатите од самоевалуацијата спроведена предходно во училиштето. Интерната и екстерната евалвација се фокусираат на исто, имат иста цел, но таа цел ја разгледуваат од различни агли.

Како општо правило постои дека резултатите од самоевалуацијата им користат на образовните инспектори за прелиминарните процени за училиштето уште пред да го посетат. Со тоа инспекторите стануваат свесни за специфичните околности со кои ќе се соочат во даденото училиште, пред да направат своја проценка.

Главно секаде низ светот самоевалуацијата се користи за да се согледа дали се постигнати однапред дадените образовни цели, целите на локалната заедница и целите кои си ги поставува самото училиште за подобрување на сопствената ефективност. Ова

подразбира припрема на квалитетни извештаи  кои заедно со другите податоци даваат одлична основа за понатамошно оценување од страна на инспекторите.

Главните подрачја на инспекторирање Петковски (Петковски, Интегралната евалвација како основа за функционално инспекторирање, 2004, стр. 144) ги прикажува преку следната слика:




Според него квалитетно образование ќе постои само ако постои меѓусебна поврзаност меѓу: политиката, системот и менаџерството во националниот образовен систем, а притоа да се води сметка за: квалитетот, дефинирање на стандарди и критериуми кои ќе користат во инспекторирањето, поврзаноста меѓу евалуацијата и самоевалуацијата, средбите на инспекторите со наставниците, родителите или други лица при посетата на часовите и, секако, оценувањето. (Петковски, Интегралната евалвација како основа за функционално инспекторирање, 2004, стр. 63)

## *7.2. Семинари и други работни средби во Република Македонија*

Со новиот Закон за просветна инспекција, работата на Државниот просветен инспекторат се редефинира, односно новиот Закон вклучува евалуација на работата на училиштата и обезбедување на квалитетот во предучилишното, основното и средното образование.

Државниот просветен инспекторат заедно со Министерството за образование им овозможува на регионалните просветни инспектори посета на работилници со цел да можат да ја завршат фазата на евалуација. Во 2005 година од 29 ноември до 2 декември се одржа работилница на тема „Училишно планирање, мониторинг и евалуација". Целта на работилницата беше да се презентираат на просветните инспектори С.М.А.Р.Т. критериумите за работа во образованието.

Во Скопје истата година се одржа нова работилница на тема „Грантови за подобрување на училиштата". На работилницата присуствуваа странски обучувачи со цел да им презентираат одредени промени во самоевалуацијата, ревидираниот образовен систем, апликации за преглед на критериумите на регионалните бордови на инспекторите и др.

Во март 2006 се одржа друга работилница на тема „Предлог проект за развој на училиштата" наменета за просветните инспектори.

Во Република Македонија според законот за просветната инспекција, објавен во „Службен весник на Р.М." број 33/95 од 05 јули 1995 година, инспекторите немаат конкретни активности по ниту еден член во врска со самоевалуацијата во училиштата. Додека пак Бирото за развој на образованието на Р.М. покрај другите надлежности врши советодавна стручна работа за подобрување на квалитетот во воспитно – образовните установи и изработува образовни стандарди, стандарди на постигањата на учениците и спроведува активности за вреднување на постигањата на учениците.

## *7.3. Искуства од Велика Британија*

Британските училишта веќе 150 години се надгледувани од страна на застапниците на образовните стандарди. На почетокот не постоеле стриктни критериуми и правила по кои инспекторите би можеле да се водат. Тие едноставно ја испитувале работата на училиштата врз основа на нивното искуство и разумност. При крајот на деветнаесеттиот век испитувањето било фокусирано на обезбедување помош и охрабрување, а не средствата за контролирање. Со текот на годините испитувачката практика станала се поструктурирана во вид на рамка бидејќи и самите инспектори со текот на времето се развиле. Во последните две или три декади испитувањето стана поконтраверзно и политизирано.

Улогата на Националното здружение на наставници во унапредување на самоевалуацијата за време на втората половина на деведесеттите беше многу значајна. Истражувањето кое тие го спроведија во 1995 година, а беше објавено под наслов *Училиштата зборуваат за себе,* имаше огромно влијание врз индивидуалните училишта и врз политиката на авторитетите, од кои многумина беа во потрага по училишно - пријателски пристап и истиот го прифатија за свој како своја рамка на делување.

*Училиштата зборуваат за себе* се користеше во сите училишта во Њукасл и истите користеа голем спектар на алатки од овој документ кој станаа многу моќен пристап за поддршка на училишната самоевалуација.

На Средбата на Националното здружение на наставници на конференцијата на Лабуристичката Партија во 1996 година каде *Училиштата зборуваат за себе* беше претставен, Министерот на Лабуристичката Партија Estelle Morris ја поддржа самоевалуацијата и вети дека таа ќе биде составен дел од политиката на Лабуристичката Партија кога истата ќе дојде на власт.

Со доаѓањето на власт на Лабуристичката Партија во 1997 година, самоевалуацијата беше вметната како составен дел на самоподобрувањето на училиштата. Со помош на Кралскиот главен инспектор во 1998 година беше објавен документот *Училишната евалуација има значење.* Ова јасно значеше премин од паралелен во секвенцијален модел, со други зборови испитувањето и самоевалуацијата нема да се

прават паралелно туку во секвенци. Самоевалуацијата, наместо да постои независно стана дел од испитувањето според што од училиштата беше побарано да пополнат формулар С4 со шеснаесет подрачја на делувања и секое од нив ќе биде рангирано на скала од 1 до 7.

Истражувањето на *Националната фондација за образовни истражувања* NFER од 2001 година, *Проценка на училишната самоевалуација,* откри дека сите шеснаесет училишта во вкупно девет Локални образовни подрачја користеа експлицитен модел на самоевалуација, во повеќето случаи во комбинација со моделите на Канцеларијата за образовни стандарди и локалната власт.

На слика 4 е прикажана врската помеѓу училиштето и Канцеларијата за образовни стандарди – Ofsted. (MacBeath, School Inspection and Self - Evaluation, 2006)

Училиштето покажува дека

Канцеларијата за образовни стандарди - Ofsted го користи тоа за да:




Задачата на инспекциските групи е да го мерат квалитетот на самоевалуацијата на училиштата, а *Канцеларијата за образовни стратегии* - Ofsted им помага на училиштата, им обезбедува прегледи со кои тие самите ќе можат да го направат тоа.

Водичот развиен на Универзитетот во Вашингтон (MacBeath, School inspection and Self - Evaluation, 2006) нуди корисни упатства како за наблудувачите така и за набљудуваните. Табела бр 27

**Ако сте набљудувани:** **Ако вие сте набљудувачот:**

| **Пред** | **Пред** |
|---|---|
| Бидете спремни за разговор со набљудувачот околу:<br>• Целите на часот<br>• Што планирате да направите на часот тој ден<br>• На што сакате набљудувачот да обрне внимание<br>Кажете му на набљудувачот<br>• Каде сакате тој да седне<br>• Дали сакате тој да учествува во часот<br>• Каде и кога се среќавате со учениците | Расчистете ја целта на набљудувањето:<br>• За индивидуален развој на предавањето?<br>• За посебни цели ( на пр. Однесување)?<br>Сретнете се со вашите колеги за да дискутирате:<br>• Што ќе се случува во одделението тој ден?<br>• На што да се обрни внимание<br>• Опишете што ќе правите за време на набљудувањето<br>• Закажете состанок за да го продискутирате набљудувањето |
| **За време на** | **За време на** |
| Претставете му го набљудувачот на класот<br>Објаснете ја целта на набљудувањето | Забележувајте ги набљудувањата:<br>• Што прави/вели наставникот?<br>• Што прават/велат учениците? |

| | |
|---|---|
| Објаснете им ја на учениците улогата на набљудувачот<br><br>Веднаш после часот, запишете ги вашите впечатоци за да можете да дискутирате со набљудувачот за истите | Забележувајте ги вашите впечатоци и прашања, на пример:<br><br>• Дали постои друг начин за да се претстави тој концепт?<br>• Изгледа јасно, но учениците делуваат збунето. Зошто?<br><br>Забележете го времето на белешките<br><br>Учествувајте во часот само доколку сте повикани |
| **Потоа** | **Потоа** |
| Заедно со набљудувачот направете реконструкција на часот<br><br>Размислете за целите на часот и посебните делови од часот кој беше набљудуван<br><br>Бидете подготвени да кажете:<br><br>• Што почувствувавте дека оди добро<br>• Што би смениле<br>• Што беше типично или нетипично во врска со часот<br>• Побарајте посебни објаснувања и конструктивни сугестии. | Заедно со наставникот направете реконструкција на часот.<br><br>Прашајте ги вачите колеги:<br><br>• Што почувствуваа дека е добро<br>• Што би промениле<br>• Што беше типично или нетипично во врска со часот<br>• Слушнете ги вашите колеги<br>• Опишувајте наместо да го мерите тоа што го набљудувавте<br>• На крај, понудете конструктивни сугестии. |

Табела бр. 27 Да набљудуваш и да бидеш набљудувач

***Заклучок***

Квалитетот на образованието и неговото мерење се од големо значење за напредокот на образованието. Квалитетот е тешко да се измери во целост па затоа се вреднуваат условите кои се основа за постигнување на квалитетно образование. Самоевалуацијата и екстерната евалуација овозможуваат реално согледување на состојбите и доведување до крајните оцени и предлози. Така заеднички ќе се согледаат предностите и недостатоците во воспитно образовниот процес и подобрување на неговиот квалитет што е и основната причина за постоењето на евалуацијата.

## 8. САМОЕВАЛУАЦИЈАТА ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во Република Македонија Министерството за образование и наука води постојана грижа за подобрување на квалитетот на образованието. Како значаен сегмент за дијагностицирање на конкретните состојби е постоењето на стандардизирани индикатори за мерење на нивото на тој квалитет.

Според Прирачникот за развој на училиштата (2008), самоевалуацијата во училиштата во Република Македонија се организира со две причини: Сите заинтересирани страни како Министерството за образование, општината, Бирото за развој на образованието, Инспекторатот, родителите, локалната заедница да добијат информации за квалитетот на наставата и учењето во училиштето и заради подобрување на наставата и учењето во училницата.

Според член 146 од Законот за изменување и дополнување на законот за основното образование, објавен во Службен весник на РМ, бр.33 од 09.03.2010 година: „За обезбедување квалитет на наставата, училишниот одбор на секои четири години донесува програма за развој на училиштето во која се земени предвид резултатите од самоевалуацијата спроведена од страна на училишната комисија, советодавната и стручната помош од Бирото, препораките од извештајот од интегралната евалуација спроведена од страна на Државниот просветен инспекторат, како и резултатите од екстерната евалуација содржани во годишниот извештај за работа на наставниците и стручните соботници од страна на Државниот испитен центар“. Во членот 147 ставовите (1) и (2) се менуваат и гласат: „(1) На секои две години за реализација на програмите од членот 146 на овој закон училиштето врши самоевалуација. (2) Самоевалуацијата од ставот (1) на овој член се спроведува на крајот на секоја втора наставна година.“ Во членот 148 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи: „(2) Извештајот со резултатите од самоевалуацијата училиштето го доставува до Државниот испитен центар.“

При самоевалуација, на училиштата во Република Македонија им се препорачува да одговараат на поставените прашања, но им се дава и слобода да додадат и други прашања кои сметаат дека се важни за нивното училиште, а не ги пронаоѓаат во прашалникот.

**Наставни планови и програми**

Повеќето од основните училишта во Република Македонија самоевалуацијата во рамките на индикаторот за **Наставните планови и програми** ја испитуваат најчесто во три показатели и тоа:

- Организација на наставните планови и програми
- Квалитет на наставните планови и програми
- Вон - наставни активности

Во Република Македонија основните училишта ги реализираат Наставните планови и програми одобрени од Министерството за образование и наука и се должни да ги реализираат во целост. Содржините од Наставните планови и програми училиштата им ги презентираат на учениците на почетокот од учебната година.

Одредени наставни содржини од Наставните планови и програми се прилагодуваат на карактеристиките на локалната средина најчесто кога се одбележуваат одредени културни и историски настани. Постојат можности наставниците, учениците и родителите да влијаат врз начинот на реализација на Наставните планови и програми според расположивите наставни и помошни средства. Наставниците се должни да ги изготват наставните планови, односно да подготват годишно и тематско планирање и да го достават кај Директорот на училиштето, пред почетокот на секоја учебна година. Повеќето од училиштата во Република Македонија користат транспарентни начини за информирање на родителите и сите други заинтересирани за целите на Наставните планови и програми.

Годишната програма е документ кој училиштата го подготвуваат со големо внимание, врз основа на конструктивна анализа на целокупната активност на училиштето. Во изготвувањето на програмата свој удел имаат и стручни соработници со свои мислења кои произлегуваат од перманентно следење на наставата во текот на изминатата година, како и родители - претставници од Советот на родители.

Кога станува збор за вон - наставните активности училиштата во Република Македонија ги реализираат во рамките на повеќе наставни предмети, со цел подигнување на индивидуалните афинитети, развивање на колективната свест и збогатување на

општествениот живот и за осмислување на слободното време на учениците. Вон - наставните активности доведуваат до развивање на другарство и натпреварувачки дух, креативно исполнување на слободното време, развивање на способностите и афинитетите на учениците, афирмирање на училиштето и на учениците како поединци.

При самоевалуација на индикаторот за **Наставните планови и програми** како извори на податоци училиштата во Република Македонија ги користат: Наставните планови и програми на МОН, годишната програма за работа на училиштето, годишните и тематски планирања на наставниците, педагошката евиденција и документација на училиштето, анкети со ученици, родители и наставници, записници, програмите за дополнителна и додатна настава и за други вон - наставни активности, дипломи, пофалници и признанија од учество на манифестации и натпревари.

**Постигања на учениците**

Во индикаторот **Постигања на учениците** училиштата во Република Македонија самоевалуацијата ја испитуваат најчесто во следните показатели:

- Постигнувања на учениците
- Задржување/осипување на учениците
- Повторување на учениците
- Оценките и успехот на учениците
- Квалитетот на знаењата стекнати во училиштето
- Мотивација кај учениците и вредностите кај учениците

Во основните училишта во Република Македонија, со цел да се подобрат постигањата на учениците, се воведуваат разни методи и техники на учење, учениците активно се вклучуваат во наставните и вон - наставните активности, се вклучуваат надворешни лица со цел да се прошират знаењата и интересите на учениците. Потребно е за секој ученик да се води ученичко досие кое ќе биде достапно за директорот на училиштето, педагошко – психолошката служба и родителите. Доколку кај некои ученици нема подобрување на успехот потребно е да се упатуваат на разговори со стручната служба и родителите со цел да се изнајдат решенија и да се надминат постоечките проблеми.

На училиштата им се препорачува податоците од постигањата на учениците да ги анализираат темелно, четири пати годишно после наставничките и класните совети кои се одржуваат на секое тромесечие. На класните совети треба да се споредува постигнатиот успех на секој ученик со поранешниот успех, а додека пак на Наставничките совети потребно е да се разгледува и усвојува Извештај за постигнатиот успех на учениците, при што се врши споредба на постигнатите резултати со резултатите постигнати во истиот период минатата учебна година.

При самоевалуација во овој индикатор како извори на податоци се користат: училишните програми, годишните извештаи, извештаите од стручната служба, записниците од стручните органи на училиштето, училишниот одбор, анализите на успехот, оценки од формативно и сумативно оценување во училиштето во различни

временски периоди (полугодишни, годишни), ученичките досиеја, анкети со ученици, родители и наставници, дневници за работа на паралелките, резултати од тестови и испити, резултати од екстерни оценувања, билтени и др.

**Учење и настава**

Во овој индикатор училиштата во Република Македонија самоевалуацијата ја испитуваат во овие показатели:

- Планирање на наставниците
- Наставен процес
- Искуства на учениците од учењето
- Задоволување на потребите на учениците
- Оценување (како дел од наставата)
- Известување за напредокот на учениците

Кога станува збор за планирањето на наставниците секој наставник пред почетокот на учебната година го изготвува годишниот план и програма за реализација на својата наставна програма, според укажувањата претходно добиени од МОН. Врз основа на изготвената програма наставниците се подготвуваат за секоја наставна тема и наставна единица. Преку стручната служба и директорот, училиштата имаат целосен увид во ваквите подготовки изработени од самите наставници.

Во наставата, наставниците се трудат да применуваат најразлични форми на настава и со тоа го задржуваат во целост вниманието на учениците. Најголемиот дел од наставниците најчесто ја применуваат интерактивната настава, применувајќи најразлични форми на интеракција со учениците. За поефикасен наставен процес наставниците водат дискусии со учениците и поставуваат прашања со што ги поттикнуваат учениците да размислуваат самостојно и им го зголемуваат интересот за изучуваната тема.

Основните училишта во Република Македонија организираат дополнителна настава за учениците кои покажуваат послаби резултати и додатна настава за надарените ученици кои покажуваат посебен интерес за одредена област.

Работата на наставниците се оценува преку следење на наставата, следење на воспитно - образовната работа во вон - наставните активности, преку следење на дидактичко - методскиот квалитет на наставните часови, квалитетот на проверување и оценување и преку исполнување на програмските обврски.

Наставниците применуваат различни методи во текот на наставата, коректен однос со сите ученици независно од нивниот пол и етничка припадност, со цел да ги мотивираат и стимулираат учениците за понатамошно успешно учество во образовниот процес.

Во училиштата во Република Македонија, родителите добиваат најобјективни информации за напредокот на своите деца, и истите ги добиваат во текот на учебната година преку одржување на родителски средби, индивидуални средби, и на крајот од учебната година во форма на свидетелство кое претставува документ со кој се дава една финална оцена за постигањата на учениците за таа тековна година. На прашањата и интересирањата на родителите за своите деца, повеќето од училиштата се отворени за соработка со нив.

При самоевалуација во овој индикатор како извори на податоци се користат: годишните, тематските планирања и дневната подготовка; евидентни листови; инструмент за следење и вреднување на изведбата на наставен час; разговор со директор, стручна служба, наставници; анкети со ученици, родители и наставници; разговор со ученичка заедница; забелешки и предлози за воспитно – образовната дејност од страна на потесната и пошироката општествена средина; увид во ученички досиеја; увид во евиденцијата на стручната служба; записниците од родителски средби; извештаите од одржани класни совети на секое тромесечие, извештаи од инспекции, извештаи од работата на Советот на родители, извештаи од работата на Училишниот одбор .

**Поддршка на учениците**

Во индикаторот **Поддршка на учениците** училиштата во Република Македонија самоевалуацијата ја испитуваат на јчесто во следниве показатели:

- Севкупна грижа за учениците
- Здравјето и пост - конфликтните трауми
- Соодветна помош на учениците
- Следење на напредокот

Со цел да се обезбеди заштита и благосостојба на учениците, како и да се добие појасна слика за емоционалните, социјалните и физичките потреби на учениците, училиштата им обезбедуваат на учениците стручни предавања и систематски прегледи поврзани со здравјето, предавања во врска со правата на децата, непосредни разговори, советување, континуирани и чести разговори и контакти од страна на наставниците и стручните служби со учениците, разговори со родителите на учениците.

При самоевалуација во индикаторот **Поддршка на учениците** како извори на податоци се користат: програмата за работа на директорот; програмата за работа на стручната служба; записниците од индивидуални разговори со ученици и родители; податоци за организирани предавања во училиштето; евиденција од училиштето за ученици со емоционални и социјални проблеми и ученици со посебни образовни потреби; досие на ученикот; увид во педагошката евиденција и документација; извештаи од педагошко – психолошката служба во училиштето; извештаи за појавите (и видовите) со нарушувањето на дисциплината; документи на училиштето за давањето поддршка/помош на учениците; документи за видовите поддршка за учество на учениците на разни натпревари, олимпијади; записниците од родителските средби; анкети со ученици, родители и наставници.

**Етос**

Во индикаторот **Етос** училиштата во Република Македонија самоевалуацијата ја испитуваат на јчесто во следниве показатели:

- Училишна клима и односи во училиштето
- Промовирања на постигањата
- Еднаквост и правичност
- Соработка со родителите и со локалната заедница

Во едно училиште училишната клима и односите во училиштето се препознаваат доколку односот и почитувањето на субјектите во него се на едно завидно ниво. Тоа значи тимска работа на наставниците, планирања, набљудувања, приредби, натпревари. Взаемно почитување и доверба меѓу учениците од различен пол, етничко потекло и различни способности. Доколку се појават недоразбирања и конфликти помеѓу учениците, наставниците и педагогот разговараат со учениците, а доколку е потребно и со родителите, со цел да се дојде до заедничко решение.

Повеќео од училиштата во Република Македонија ја негуваат соработката со медиумите, локалната самоуправа, Министерството и бирото за развој на образованието како и со родителите.

Соработката на училиштето со семејството се остварува преку индивидуални контакти, родителски состаноци, вклучување на родителите во воспитно – образовната дејност и животот во училиштето. Преку Советот на родители, родителите се запознаваат со Годишната програма, со извештаи од реализираните задачи и постигнати резултати, со услувите за работа и визијата на училиштето за натамошната работа и развој. Училиштата соработуваат и со останатите училишта преку организирање на спортски активности, литературни читања, натпревари и други манифестации.

При самоевалуација во овој индикатор како извори на податоци можат да се користат: кодексот на однесување, педагошката евиденција за изречени педагошки мерки, правилникот за казни и пофалби, статутот на училиштето, куќниот ред на училиштето, паноа со пофалби и награди, педагошка евиденција и документација, анкети со ученици, родители и наставници, документи за видовите соработка со родителите, средби, состаноци, посети, написи.

**Ресурси**

Во овој индикатор училиштата во Република Македонија самоевалуацијата ја испитуваат на јчесто преку следниве показатели:

- Сместување и просторни капацитети
- Наставни средства и материјали
- Персонал
- Развој на персоналот
- Финансиско работење во училиштето
- Човечките ресурси
- Материјално - технички ресурси

Не сите училишта во Република Македонија располагаат со потребните просторни капацитети. Во некои се забележуваат недоволен број на училници, училишен инвентар, техничка опрема, потрошен материјал, канцеларии, библиотека, литература, спортска сала, просторија за хигиеничари, училишен двор и др.

Што се однесува на персоналот во училиштата се води евиденција за присутноста на работа. Наставниците посетуваат семинари, обуки, стручни предавања и други активности.

Финансиското работење на училиштата се врши преку жиро-сметки, со наменски средства. Жиро-сметка од Министерството за образование и наука преку која се финансираат личните примања на вработените, сопствени приходи на училиштето и од Локалната самоуправа преку која се финансираат материјалните трошоци на училиштата.

Финансиските служби врз основа на однапред изготвени критериуми изготвуваат финансиски планови, однапред за тековната година. Финансиските планови ги опфаќаат планираните приходи кои се потребни за одвивање на работењето на училиштето, и расходите кои на основа на нив ќе бидат направени во текот на работењето.

Како извори на податоци за самоевалуација во овој индикатор, можат да се користат: годишната програма за работа, планот за развој на училиштето, увид во документацијата на училиштето за набавување на книги и наставни помагала, увид во библиотечната евиденција, анкети со ученици, родители и наставници.

**Раководство, креирање на политика**

Во индикаторот **Раководство, креирање на политика** училиштата во Република Македонија самоевалуацијата ја испитуваат на јчесто преку следниве показатели:

- Раководење со училиштето
- Цели на креирање на училишната политика
- Развојно планирање
- Организаација на работата на училиштето
- Обезбедување на квалитет

Најчесто во училиштата во република Македонија како структури кои го водат училиштето се јавуваат: директорот на училиштето, училишниот одбор, советот на родители и др. На чело на училишниот одбор стои претседател ( член на одборот) чија што задача е да ги планира и раководи седниците. Училишниот одбор најчесто се состои од претставници од наставниците, родителите, Локалната самоуправа, претставник на МОН и претставник на деловната заедница. Во изготвувањето на годишното планирање учествуваат директорот и училишниот одбор. Годишното планирање ги опфаќа сите податоци кои се потребни за да се добие реална слика за целото училиште. При планирањето се имаат во предвид просторните капацитети, бројот на ученици, паралелки, наставниот кадар, нагледни средства и материјали и сл.

Директорот на училиштето како раководен орган е одговорен за годишното планирање, за креирање на училишната политика, работата и материјално – финансиското работење на училиштето.

Во раководниот тим на училиштето вклучен е и помошник директор. Раководниот тим соработка остварува со сите субјекти кои го сочинуваат наставниот процес во училиштето. Комуникацијата и соработката со наставниците се одвива преку секојдневните контакти и преку Наставничките совети на кои се донесуваат заклучоци и одлуки кои раководниот тим е должен да ги реализира.

За здравјето на учениците се спроведуваат редовни систематски прегледи на учениците и вработените, се одржуваат трибини и предавања на теми повзани со здравјето, исто така голем број од класните часови се посветени на тие теми.

Како извори на податоци за самоевалуација во овој индикатор, можат да се користат: годишната програма на училиштето, статутот на училиштето, записници од работата на Училишниот одбор, записници од Советот на родители, пограмата за работа на директорот, анкети со наставници, ученици и родители, апликации на училиштето за обезбедување на средства од Локална самоуправа, регулативата за финансирање на дејноста на училиштето, правилници за распределбата и користењето на буџетските и дополнителните финансиски извори; извештаи од финансиската контрола и ревизија; акти за заштита и обезбедување на училишните згради, простор, опрема; финансискиот план на училиштето, развојниот план на училиштето, планот за задоволување на кадровските потреби на училиштето, стручното усовршување и професионалниот развој на кадарот; извештаи од инспекциски / стручни увиди; и сл.

ЗАКЛУЧОК

Од училиштата во Република Македонија не се бара секоја година да изведуваат самоевалуација на сите седум области обфатени во рамката за самоевалуација. Препорачливо е самоевалуацијата да се започне на почетокот на второто полугодие со цел да се добие во време за разгледување и испитување на предвидените области. Секое училиште има слобода да ги креира и менува прашањата за самоевалуација бидејќи некои од предвидените прашања не се применливи во некои училишта.

Самоевалуацијата во училиштата во Република Македонија е составен дел од Планот за развој на секое училиште. Тој е единствен за секое училиште и треба да се базира на целокупната образовна стратегија на Република Македонија. Од сите училишта во Република Македонија се очекува да имаат јасна стратегија за мониторинг и евалуација. Тие се составен дел од Циклусот за развој на училиштето. Секое училиште потребно е да воспостави тим задолжен за изготвување јасна стратегија за мониторинг и евалуација чија што цел ќе биде да утврдат како ке вршат набљудување и евалуација, кој ќе биде вклучен и кои инструменти ќе ги користат.

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Секое училиште има потреба да го оцени својот квалитет. Во изминатите години беа создадени бројни инструменти за оценување на квалитетот на училиштата, со цел субјектите во училиштето, а и оние кои се занимаваат со мониторинг и проценка на работата на училиштето да го добијат потребниот бенчмарк.

Последната деценија се карактеризира со воведување и примена на самоевалуацијата дефинирана од најдобрите индикатори и стандарди за квалитет во училиштата.

Проектот на SICI (The Standing International Conference of Central and General Inspectorates of Education) наменет за ефективна самоевалуација во училиштето започна да се финансира во 2001 година од страна на Европската комисија. По две години проектот-ESSE (Effective School Self – Evaluation project) резултираше со извештај кој се состоеше од квалитетни индикатори за самоевалуација во училиштата, извештаи од земјите, студии на случај, правилници и др.

SICI е организација во која членуваат дваесеттина европски земји кои работат заедно со цел да ги подобрат нивните идеи во образованието. Нејзиниот проект ESSE беше наменет за промоција на самоевалуацијата, за рамнотежа помеѓу самоевалуацијата и надворешната евалуација на училиштето, за обука на наставниците. Исто така целите на ESSE беа да се изработи документација за процесите и резултатите од самоевалуацијата, да се инволвираат сите актери во училиштето, и да се даде активна поддршка од страна на училиштата, во текот на сите фази на процесот.

Резултатите од спроведената самоевалуација во едно училиште можат да им користат на внатрешните субјекти во училиштето но и на надворешните. Со овие резултати се идентификуваат слабостите во наставата, во наставните планови и програми, се доаѓа до информации за постигањата на наставниците и учениците. Со помош на нив се создаваат критериуми за напредување на училиштето и субјектите во него, помагаат во подобрување на условите за работа, даваат одговор на прашањата „Што недостасува? Што да се промени?“ Преку увид на ваквите резултати општествената заедница има можност

да дојде до информации за квалитетот на училиштето, родителите добиваат поширока слика за училиштето каде што нивното дете го поминува половина од времето.

Самоевалуацијата според обемот може да биде сеопфатна и делумна – парцијална.

**Сеопфатна самоевалуација** е онаа кога се испитуваат сите седум индикатори предвидени за самоевалуација во едно училиште. Ваквата самоевалуација се спроведува за да се добие поширока слика за целокупната работа во училиштето.

**Парцијална – делумна самоевалуација** има за цел подетално да се испитаат одредени индикатори за понатамошно унапредување на квалитетот на училиштето.

За подетална и аналитичка сеопфатна самоевалуација на едно училиште предвидени се седум индикатори:

Индикатор 1 – **„училишна програма и годишна програма на работа на училиштето“**

Индикатор 2 – **„постигања на учениците“**

Индикатор 3 – **„учење и настава“**

Индикатор 4 – **„поддршка / помош на учениците“**

Индикатор 5 – **„училишна клима“**

Индикатор 6 – **„ресурси“**

Индикатор 7 – **„ раководење, организација и обезбедување на квалитет“**

Во ова истражување се согледува значењето на индикаторите за сеопфатна самоевалуација за основните училишта во Република Македонија, како и посебните показатели за секој индикатор.

# 1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ И ОСНОВНИТЕ ПОИМИ

Предмет на ова истражување е: **Утврдување на значењето на показателите за соодветниот индикатор за самоевалуација во основното училиште.**

Овој проблем е доста сложен. Наставниците, директорите и педагошко – психолошките служби на училиштата, каде ќе се изведува истражувањето ќе ги дадат своите мислења и ставови за показателите и нивното место во соодветниот индикатор за самоевалуација, нивното влијание врз квалитетот на работата на училиштето, значајноста на показателите за соодветниот индикатор и кои од показателите биле вклучени и испитувани во досегашната практика.

За **наставниците** се предвидени прашалници преку кои ќе се испитуваат нивните ставови за показателите и индикаторите на самоевалуација со тоа што од седумте индикатори за самоевалуација во основното училиште, во прашалникот за наставниците е изоставен првиот индикатор - „училишна програма и годишна програма на работа“.

Во продолжение следат седумте индикатори за сеопфатна самоевалуација на училиштето и нивните показатели:

Индикаторот 1 – **„училишна програма и годишна програма на работа на училиштето“** ги содржи следните показатели:

- показател – „училишна програма“
- показател – „годишна програма на работа на училиштето“

Индикаторот 2 – **„постигања на учениците“** ги содржи следните показатели:

- показател – „евиденција на оценките и успехот“
- показател – „квалитетот на знаењата“
- показател – „приемни и квалификациони испити, натпревари“
- показател – „мотивираноста на учениците“
- показател – „вредности кај учениците“

Индикаторот 3 – **„учење и настава“** ги содржи следните показатели:

- показател – „планирање и припремање“
- показател – „наставен процес“
- показател – „учење“

- показател – „следење на напредувањето на учениците“

Индикаторот 4 – **„поддршка / помош на учениците“** ги содржи следните показатели:

- показател – „грижа за учениците“
- показател – „поддршка на учењето“
- показател – „личен и социјален развој“
- показател – „професионална ориентација“

Индикаторот 5 – **„училишна клима“** ги содржи следните показатели:

- показател – „углед и промоција на училиштето“
- показател – „атмосфера и меѓучовечки односи“
- показател – „партнерство со родителите, училишниот одбор и локалната заедница“

Индикаторот 6 – **„ресурси“** ги содржи следните показатели:

- показател – „човечки ресурси“
- показател – „материјално технички ресурси“
- показател – „финансиски ресурси“
- показател – „ресурси на локалната средина“

Индикаторот 7 – **„ раководење, организација и обезбедување на квалитет“** ги содржи следните показатели:

- показател – „раководење“
- показател – „организација на работата на училиштето“
- показател – „училишен развоен план“
- показател – „обезбедување на квалитет“

**Директорите** на училиштата исто како и наставниците ќе ги искажат своите ставови за показателите и индикаторите на самоевалуација. Прашалникот за директорите се состои од прашања за пет индикатори и нивните показатели. Тие се:

Индикаторот 1 – **„училишна програма и годишна програма на работа на училиштето“**

Индикаторот 4 – **„поддршка / помош на учениците“**

Индикаторот 5 – **„училишна клима“**

Индикаторот 6 – **„ресурси“**

Индикаторот 7 – **„ раководење, организација и обезбедување на квалитет“**

Прашалникот за **педагошко – психолошките служби** на училиштето се состои од прашања за четири индикатори и нивните показатели. Тие се:

Индикаторот 4 – **„поддршка / помош на учениците“**

Индикаторот 5 – **„училишна клима“**

Индикаторот 6 – **„ресурси“**

Индикаторот 7 – **„ раководење, организација и обезбедување на квалитет“**

Како основни поими во ова истражување се сретнуваат поимите самоевалуација, индикатор, показател.

**Самоевалуација** е еден вид на самоспознавање, што подразбира и критички однос кон себе, кон сопственото работење, зошто секое сознание за себе значи и споредување на себеси со некоја општествена норма (стандард) и давање на (само)оценка. (Милошевска, 2008)

**Индикатор** лат. 1. Назив на разни справи што служат за некакво мерење; 2. покажувач, показател, знак, симптом, обележје, потврда на нешто, доказ за нешто. (Миќуновиќ, стр. 242)

**Показател** *м.* Лице или предмет што покажува или упатува или открива; индикатор. (Мургоски, 2005, стр. 581)

## 2. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Цел на ова истражување е да се добијат сознанија за тоа колку се значајни показателите на самоевалуација за соодветниот индикатор и кои од показателите биле вклучени во досегашната практика.

Целта на истражувањето е конкретизирана низ следниве задачи:

1. Преку ставовите на наставниците, директорите и педагошко - психолошките служби во училиштата каде се изведува истражувањето, да се дојде до сознанија за значајноста на показателите за соодветните индикатори за самоевалуација во основното училиште.
2. Да се добијат податоци за тоа кои од показателите за самоевалуација биле вклучени и испитувани во досегашната практика во училиштата каде се изведува истражувањето.
3. Да се испитаат мислењата и ставовите на наставниците директорите и педагошко - психолошките служби, како и нивните коментари и предлози поодделно за секој индикатор и неговите показатели за самоевалуација во основното училиште.

## 3. ХИПОТЕЗИ

Во согласност со предметот и целта на истражување поставивме една општа хипотеза и седум посебни од кои произлегуваат по неколку поединечни хипотези:

*Општа хипотеза:*

1. ***Предложените показатели се соодветни и значајни за проценување на индикаторите во процесот на училишната самоевалуација.***

*Посебни и поединечни хипотези:*

За индикаторот 1 – **„училишна програма и годишна програма на работа на училиштето“** поставивме една посебна и две поединечни хипотези:

*Посебна хипотеза:*

1. Постои оправданост и потреба од вреднување на училишните и годишните програми во процесот на училишната самоевалуација.

*Поединечни хипотези:*

1.1. Директорите високо ја оценуваат значајноста на показателот „училишна програма“ за индикаторот „училишна програма и годишна програма на работа на училиштето“.

1.2. Според мислењата на директорите показателот „годишна програма на работа на училиштето“ воопшто не бил предмет на самоевалуација во досегашната практика.

За индикаторот 2 – **„постигања на учениците“** поставивме една посебна и пет поединечни хипотези:

*Посебна хипотеза:*

2. Наставниците сметаат дека показателите на индикаторот „постигањата на учениците“ се соодветни, и доволно вреднувани во досегашната практика.

*Поединечни хипотези:*

2.1. Значењето на показателот „евиденција на оценките и успехот“ за индикаторот „постигања на учениците“, високо е оценето од страна на наставниците.

2.2. Показателот - „квалитетот на знаењата“ воопшто не бил испитуван во процесот на училишната самоевалуација, тврдат наставниците.

2.3. Според мислењата на наставниците показателот - „приемни и квалификациони испити, натпревари“ е многу значаен за индикаторот - „постигања на учениците“.

2.4. Показателот - „мотивираноста на учениците“, според мислењата на наставниците воопшто не бил испитуван во досегашната практика.

2.5. Наставниците сметаат дека показателот „вредности кај учениците“ не е значаен за индикаторот - „постигања на учениците“.

<u>За индикаторот 3 – **„учење и настава“** поставивме една посебна и четири поединечни хипотези:</u>

*Посебна хипотеза:*

3. Наставниците високо го вреднуваат значењето на предложените показатели за индикаторот „учење и настава“ во процесот на училишната самоевалуација.

*Поединечни хипотези:*

3.1. Значењето на показателот – „планирање и припремање“ за индикаторот - „учење и настава“, високо е оценето од страна на наставниците.

3.2. Наставниците оценуваат дека показателот – „наставен процес“ воопшто не е испитуван во досегашната практика.

3.3. Наставниците високо ја оценуваат значајноста на показателот – „учење“ за индикаторот - „учење и настава“.

3.4. Според мислењата на наставниците показателот – „следење на напредувањето на учениците“ воопшто не е испитуван во процесот на училишната самоевалуација.

<u>За индикаторот 4 – **„поддршка / помош на учениците“** поставивме една посебна и дванаесет поединечни хипотези:</u>

*Посебна хипотеза:*

4. Значењето на показателите во индикаторот „поддршка / помош на учениците“ високо е вреднувано од наставниците, директорите и педагошко – психолошките служби.

*Поединечни хипотези:*

4.1. Наставниците сметаат дека показателот „грижа за учениците“ многу е значаен за индикаторот „поддршка / помош на учениците“.

4.2. Според наставниците, показателот „поддршка на учењето“ делумно е испитуван во досегашната практика.

4.3. Показателот „личен и социјален развој“ не е значаен за индикаторот „поддршка / помош на учениците“ сметаат наставниците.

4.4. Наставниците мислат дека показателот „професионална ориентација“ воопшто не е испитуван во процесот на училишната самоевалуација.

4.5. Според мислењата на директорите показателот „грижа за учениците“ е значаен за индикаторот „поддршка / помош на учениците“.

4.6. Директорите тврдат дека показателот „поддршка на учењето“ во потполност е испитуван во досегашната практика.

4.7. Според мислењата на директорите, показателот „личен и социјален развој“ е значаен за индикаторот „поддршка / помош на учениците“.

4.8. Директорите оценуваат дека показателот „професионална ориентација“ воопшто не е испитуван во процесот на училишната самоевалуација.

4.9. Педагошко – психолошките служби високо ја оценуваат значајноста на показателот – „грижа за учениците“ за индикаторот „поддршка / помош на учениците“.

4.10. Педагошко – психолошките служби сметаат дека показателот „поддршка на учењето“ воопшто не е испитуван во досегашната практика.

4.11. Педагошко – психолошките служби мислат дека показателот „личен и социјален развој“ не е значаен за индикаторот „поддршка / помош на учениците“.

4.12. Педагошко – психолошките служби тврдат дека показателот „професионална ориентација“ воопшто не е испитуван во процесот на училишната самоевалуација.

За индикаторот 5 – **„училишна клима“** поставивме една посебна и девет поединечни хипотези:

*Посебна хипотеза:*

5. Показателите во индикаторот „училишна клима“ се соодветни и високо вреднувани во досегашната практика.

*Поединечни хипотези:*

5.1. Наставниците оценуваат дека показателот „углед и промоција на училиштето“ во потполност е испитуван во процесот на училишната самоевалуација.

5.2. Наставниците високо го оценуваат значењето на показателот - „атмосфера и меѓучовечки односи“ за индикаторот „училишна клима“.

5.3. Тврдењата на наставниците за показателот „партнерство со родителите, училишниот одбор и локалната заедница“ се дека делумно е испитуван во досегашната практика.

5.4. Директорите сметаат дека показателот „углед и промоција на училиштето“ не е значаен за индикаторот „училишна клима“.

5.5. Според мислењата на директорите показателот „атмосфера и меѓучовечки односи“ делумно е испитуван во досегашната практика.

5.6. Според директорите, показателот „партнерство со родителите, училишниот одбор и локалната заедница“ е значаен за индикаторот „училишна клима“.

5.7. Педагошко – психолошките служби тврдат дека показателот „углед и промоција на училиштето“ во потполност е испитуван во досегашната практика.

5.8. Педагошко – психолошките служби сметаат дека показателот „атмосфера и меѓучовечки односи“ е значаен за индикаторот „училишна клима“.

5.9. Според Педагошко – психолошките служби, показателот „партнерство со родителите, училишниот одбор и локалната заедница“ делумно е испитуван во досегашната практика.

За индикаторот 6 – **„ресурси“** поставивме една посебна и дванаесет поединечни хипотези:

*Посебна хипотеза:*

6. Наставниците, директорите и педагошко – психолошките служби високо ја оценуваат значајноста на показателите за индикаторот „ресурси“.

*Поединечни хипотези:*

6.1. Тврдењата на наставниците за показателот „човечки ресурси“ се дека делумно бил испитуван во досегашната практика.

6.2. Показателот „материјално технички ресурси“ многу е значаен за индикаторот „ресурси“ – е мислењето на наставниците.

6.3. Наставниците сметаат дека показателот – „финансиски ресурси“ во потполност е испитуван во процесот на училишната самоевалуација.

6.4. Наставниците сметаат дека показателот „ресурси на локалната средина“ не е значаен за индикаторот - „ресурси“.

6.5. Директорите високо ја оценуваат значајноста на показателот „човечки ресурси“ за индикаторот „ресурси“.

6.6. Според мислењата на директорите показателот „материјално технички ресурси“ во потполност е испитуван во досегашната практика.

6.7. Значајноста на показателот „финансиски ресурси“ за индикаторот „ресурси“ високо е оценета од директорите.

6.8. Директорите тврдат дека показателот „ресурси на локалната средина“ делумно е испитуван.

6.9. Педагошко – психолошките служби мислат дека показателот „човечки ресурси“ делумно е испитуван во досегашната практика.

6.10. Педагошко – психолошките служби сметаат дека показателот „материјално технички ресурси“ е значаен за индикаторот „ресурси“.

6.11. Педагошко – психолошките служби високо ја оценуваат значајноста на показателот „финансиски ресурси“ за индикаторот „ресурси“.

6.12. Педагошко – психолошките служби тврдат дека показателот „ресурси на локалната средина“ воопшто не е испитуван во досегашната практика.

За индикаторот 7 – **„раководење, организација и обезбедување на квалитет"** поставивме една посебна и дванаесет поединечни хипотези:

*Посебна хипотеза:*

7. Показателите во индикаторот „раководење, организација и обезбедување на квалитет" се несоодветни, и недоволно вреднувани во досегашната практика.

*Поединечни хипотези:*

7.1. Според мислењата на наставниците показателот – „раководење" воопшто не е испитуван во досегашната практика.

7.2. Наставниците високо ја оценуваат значајноста на показателот „организација на работата на училиштето" за индикаторот - „раководење, организација и обезбедување на квалитет".

7.3. Наставниците оценуваат дека показателот – „училишен развоен план" делумно е испитуван во досегашната практика.

7.4. Показателот „обезбедување на квалитет" многу е значаен за индикаторот „раководење, организација и обезбедување на квалитет" – е мислењето на наставниците.

7.5. Директорите тврдат дека показателот „раководење" во потполност е испитуван.

7.6. Значајноста на показателот „организација на работата на училиштето" за индикаторот „раководење, организација и обезбедување на квалитет" високо е оценета од директорите .

7.7. Според мислењата на директорите показателот „училишен развоен план" делумно е испитуван во процесот на училишната самоевалуација.

7.8. Директорите мислат дека показателот „обезбедување на квалитет" е значаен за индикаторот „раководење, организација и обезбедување на квалитет".

7.9. Педагошко – психолошките служби мислат дека показателот – „раководење" е значаен за индикаторот „раководење, организација и обезбедување на квалитет".

7.10. Според Педагошко – психолошките служби, показателот „организација на работата на училиштето" во потполност е испитуван во досегашната практика.

7.11. Педагошко – психолошките служби мислат дека показателот „училишен развоен план“ е значаен за индикаторот „раководење, организација и обезбедување на квалитет“.

7.12. Педагошко – психолошките служби високо ја оценуваат значајноста на показателот „обезбедување на квалитет“ за индикаторот „раководење, организација и обезбедување на квалитет“.

## 4. ПРИМЕРОК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето се одвива во дванаесет основни училишта во Република Македонија и тоа:

Град Скопје - ОУ „Љубен Лапе“ и ОУ „J.Х.Песталоци“

Општина Битола - ОУ „Стив Наумов“ и ОУ „Св. Климент Охридски“

Општина Прилеп - ОУ „Блаже Конески“ и ОУ „Добре Јованоски“

Општина Штип - ОУ „Димитар Влахов“ и ОУ „Тошо Арсов“

Општина Свети Николе - ОУ „Гоце Делчев“ и ОУ „Св. Кирил и Методиј“

Општина Кочани - ОУ „Раде Кратовче“ и ОУ „Св. Кирил и Методиј“

Примерокот го сочинуваат дванаесет директори на избраните училишта, дваесет и четири вработени во педагошко – психилошките служби и сто и дваесет наставници.

Се испитуваат ставовите на директорите, наставниците и педагошко – психолошките служби за значењето на показателите за соодветните индикатори за самоевалуација, се разгледуваат нивните коментари, мислења, предлози и искуства за соодветните индикатори и се доаѓа до податоци за тоа кои од одделните показатели биле предмет на самоевалуација во нивното училиште во изминатиот период.

Сознанијата од ова истражување ќе помогнат во креирањето на индикаторите и показателите за самоевалуација во основните училишта и ке бидат од голема полза за подобрување на квалитетот на основните училишта во нашата земја.

## 5. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето е извршено со специјално конструирани инструменти за наставниците, директорите и педагошко – психолошките служби од избраните основни училишта, преку кои ќе се добијат податоци за значењето на показателите за соодветниот индикатор за самоевалуација, ке се разгледаат мислењата и коментарите на испитаниците са соодветните индикатори и ќе се дојде до сознанија за извршената самоевалуација во избраните училишта во изминатиот период. (Види прилог на стр.208)

Беше подготвен и придружен материјал (прирачник) за сеопфатна самоевалуација на основните училишта, во кој што детално беа објаснети седумте индикатори и нивните показатели за самоевалуација, и беше извршена анализа на педагошката документација во избраните училишта.

## 6. ОБРАБОТКА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Податоците добиени од ова истражување се обработени на следниов начин:

Најпрво ќе се изврши поделба на прашалниците наменети за наставниците, за директорите и за педагошко – психолошките служби од испитаните училишта од примерокот.

Понатаму ќе бидат обработени податоците на испитаниците за полот, степенот на образование, работното искуство и работното место.

Во продолжение за секоја група на испитаници подетално ќе се обработат податоците според индикаторите. Пр. За наставниците се обработуваат податоците од индикаторите 2, 3, 4, 5, 6 и 7, за дирекорите од индикаторите 1, 4, 5, 6 и 7 и за педагошко – психолошките служби се обработуваат податоците од индикаторите 4, 5, 6 и 7.

Исто така се евидентираат и мислењата и предлозите на испитаните групи поодделно за секој индикатор даден во прашалникот.

Податоците ќе бидат квантитативно и квалитативно обработени. Ќе биде пресметувана фреквенција, процент и аритметичка средина.

## АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето за „Утврдувањето на значењето на показателите за соодветниот индикатор за самоевалуација во основното училиште" го извршивме на територијата на Република Македонија во ОУ „Љубен Лапе" и ОУ „Ј.Х.Песталоци" во град Скопје, во ОУ „Стив Наумов" и ОУ „Св. Климент Охридски" во општина Битола, во ОУ „Блаже Конески" и ОУ „Добре Јованоски" во општина Прилеп, во ОУ „Димитар Влахов" и ОУ „Тошо Арсов" во општина Штип, во ОУ „Гоце Делчев" и ОУ „Св. Кирил и Методиј" во општина Свети Николе и ОУ „Раде Кратовче" и ОУ „Св. Кирил и Методиј" во општина Кочани. Опфатени беа вкупно 156 анкетирани субјекти од кои дванаесет директори на избраните училишта, дваесет и четири вработени во педагошко – психилошките служби и сто и дваесет наставници.

Во прашалниците со кои го извршивме истражувањето беа дадени показатели за одредени индикатори на кои што испитаниците го дадоа своето мислење. Прашалникот за директорите на училиштата беше составен од пет индикатори и седумнаесет показатели за самоевалуација. Прашалникот за нставниците се состоеше од шест индикатори и дваесет и четири показатели, а прашалникот за педагошко – психолошките служби се состоеше од четири индикатори и петнаесет показатели за самоевалуација на училиштето.

Прашалникот беше анонимен, испитаниците дадоа податоци за нивниот пол, степенот на образование, работното искуство и работното место. Од испитаните директори девет беа од женски пол а двајца од машки пол. Кај директорите имаше појава на осипување т.е. еден директор не го пополни прашалникот. Осум директори беа со високо образование и три магистри. Еден од директорите имаше работно искуство до десет години, пет од десет до дваесет и пет директори имаа искуство над дваесет години.(види табела А)

| Пол | | Степен на образование | | Работно искуство | |
|---|---|---|---|---|---|
| а) женски | 9 | а) ССС | | а) до 10 години | 1 |
| | | б) ВПШ | | б) од 10 до 20 години | 5 |
| б) машки | 2 | в) ВСС | 8 | | |
| | | г) М-р | 3 | в) над 20 години | 5 |

(табела А)

Од испитаните наставници четиринаесет беа од машки пол и деведесет и три од женски пол. Исто како кај директорите и кај наставниците се јави осипување, односно тринаесет наставници не пополнија прашалник. Тринаесет од наставниците беа со виша педагошка школа, деведесет и еден со високо образование и три магистри. Триесет и четири наставници имаа работно искуство до десет години, четириесет и еден наставник имаа работно искуство од десет до дваесет години и триесет и два наставници над дваесет години работно искуство. Од испитаните наставници, девет наставници беа во прво одделение, триесет во второ, дваесет и четири во трето, осум во четврто, триесет и два во петто и четворица предметни наставници.(види табела Б)

| Пол | | Степен на образование | | Работно искуство | | Работно место | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| а) женски | 93 | а) ССС | | а) до 10 години | 34 | а) одделенски наставник во I одд | 9 |
| б) машки | 14 | б) ВПШ | 13 | б) од 10 до 20 години | 41 | б) одделенски наставник во II одд | 30 |
| | | в) ВСС | 91 | в) над 20 години | 32 | в) одделенски наставник во III одд | 24 |
| | | г) М-р | 3 | | | в) одделенски наставник во IV одд | 8 |
| | | | | | | г) одделенски наставник во V одд | 32 |
| | | | | | | д) предметен наставник | 4 |

(табела Б)

Од педагошко – психолошките служби, дваесет и еден испитаник беа од женски пол и три од машки. Сите дваесет и четири беа со високо образование. Пет од нив имаа работно искуство до десет гидини, шест од десет до дваесет и тринаесет беа со работно искуство над дваесет години. Од испитаниците единаесет беа педагози, десет психолози, два социјални работници и еден дефектолог. (види табела В)

| **Пол** | | **Степен на образование** | | **Работно искуство** | | **Работно место** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| а) женски | **21** | а) ССС | | а) до 10 години | **5** | а) педагог | **11** |
| б) машки | **3** | б) ВПШ | | б) од 10 до 20 години | **6** | б) психолог | **10** |
| | | в) ВСС | **24** | в) над 20 години | **13** | в) социјален работник | **2** |
| | | г) М-р | | | | г)дефектолог | **1** |

(табела В)

Прашалниците беа поделени на две скали и тоа:

- Скала за значајност на показателите за соодветниот индикатор која има три степени: не е значаен, значаен, многу е значаен.
- Скала за испитување кои показатели биле испитувани и мерени во досегашната практика која има три степени: воопшто не, делумно, да во потполност.

Послед секој индикатор во прашалниците беше предвиден простор за коментари, мислења и предлози за соодветниот индикатор и неговите показатели.

Анализа и интерпретација на резултатите од индикаторот 1 – **„училишна програма и годишна програма на работа на училиштето“**

### *1.1. Интерпретација на мислењата на директорите за индикаторот 1*

Од мислењата на директорите за индикаторот 1 ги добивме следниве заклучоци:

- Еден од испитаните директори, смета дека показателот „училишна програма“ е значаен за индикаторот 1, додека пак девет од нив мислат дека овој показател е многу значаен за индикаторот 1. Еден од директорите не се изјаснил по ова тврдење. Аритметичката средина е 2,9 со што се потврдува поединечната хипотеза 1.1. која гласи: Директорите високо ја оценуваат значајноста на показателот „училишна програма“ за индикаторот „училишна програма и годишна програма на работа на училиштето“.
- Во врска со показателот „годишна програма“ сите единаесет директори сметаат дека овој показател е многу значаен за индикаторот 1. Аритметичката средина е 3.

Кога станува збор за испитувањето на показателите во овој индикатор, во досегашната практика мислењата на директорите се следни:

- Показателот „училишна програма“ делумно бил испитуван во досегашната практика смета само еден директор, а осум од нив тврдат дека во потполност бил испитуван. Двајца директори не одговориле. Аритметичката средина изнесува 2,9.
- Во врска со показателот „годишна програма“ 9 од испитаните директори тврдат дека во потполност бил испитуван во досегашната практика со што се отфрли поединечната хипотеза 1.2. која гласи: Според мислењата на директорите показателот „годишна програма на работа на училиштето“ воопшто не бил предмет на самоевалуација во досегашната практика.

Мислењата на директорите за индикаторот 1 – **„училишна програма и годишна програма на работа на училиштето“** се претставени табеларно во табела бр. 28

| воопшто не | делумно | да, во потполност | не одговориле | | ИНДИКАТОР 1 | не е значаен | значаен | многу е значаен | не одговориле | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *f* | *f* | *f* | *f* | *x* | *Училишна програма и годишна програма на работа на училиштето* | *f* | *f* | *f* | *f* | *x* |
| 0 | 1 | 8 | 2 | 2,9 | *1.ПОКАЗАТЕЛ - Училишна програма* | 0 | 1 | 9 | 1 | 2,9 |
| 0 | 1 | 9 | 1 | 2,9 | *2. ПОКАЗАТЕЛ - Годишна програма* | 0 | 0 | 11 | 0 | 3 |

Табела бр. 28

Според добиените податоци од индикаторот 1 - **„училишна програма и годишна програма на работа на училиштето“** се потврдува првата посебна хипотеза која гласи:

***Постои оправданост и потреба од вреднување на училишните и годишните програми во процесот на училишната самоевалуација.***

## Анализа и интерпретација на резултатите од индикаторот 2 – **„постигања на учениците“**

### *2.1.Интерпретација на мислењата на наставниците за индикаторот 2*

Според мислењата на наставниците за значајноста на показателите за индикаторот 2 ги добивме следниве заклучоци:

- 4.7% од наставниците сметаат дека показателот „евиденција на оценките и успехот“ не е значаен. 30,8% мислат дека е значаен, додека 58,9% од нив мислат дека е многу значаен. 5,6% не се изјасниле. Аритметичката средина е 2,6. Според овие податоци се потврдува поединечната хипотеза 2.1. која гласи: Значењето на показателот „евиденција на оценките и успехот“ за индикаторот „постигања на учениците“, високо е оценето од страна на наставниците.
- Во врска со показателот „квалитетот на знаењата“ ги добивме следниве резултати: 15% од испитаните наставници мислат дека овој показател е значаен за индикатрот 2. 85% сметаат дека е многу значаен. Аритметичката средина изнесува 2.9.
- За показателот„приемни и квалификациони испити, натпревари“ ги добивме следниве податоци од испитаните наставници: 5,6% од нив сметаат дека овој показател не е значаен, 57% мислат дека е значаен, а 29,9% тврдат дека многу е значаен. 7,5% не одговориле. Аритметичката средина е 2,3. Според овие податоци заклучуваме дека не се потврди поединечната хипотеза 2.3.: Според мислењата на наставниците показателот - „приемни и квалификациони испити, натпревари“ е многу значаен за индикаторот - „постигања на учениците“.
- 20,6% од наставниците мислат дека показателот „мотивираноста на учениците“ е значаен за индикаторот 2. 72,9% сметаат дека е многу значаен. 6,5% не одговориле.Аритметичката средина изнесува 2,8.
- Според податоците добиени од наставниците за показателот „вредности кај учениците“ заклучуваме дека се отфрла поединечната хипотеза 2.5. која гласи: Наставниците сметаат дека показателот „вредности кај учениците“ не е значаен за индикаторот - „постигања на учениците“ бидејќи 20% од нив сметаат дека е значаен овој показател, а 57,9% сметаат дека е многу значаен.

За испитувањето на показателите во овој индикатор, во досегашната практика мислењата на наставниците се следни:

- ❖ Дека показателот - „евиденција на оценките и успехот“ делумно бил испитуван мислат 12,1%, а 78,5% од нив мислат дека во потполност бил испитуван. Аритметичката средина кај овој показател е 2,8.

- ❖ 72,9% или 78 од наставниците тврдат дека показателот „квалитетот на знаењата“ во потполност бил испитуван во досегашната практика. Аритметичката средина е 2,8 со што се отфрла поединечната хипотеза 2.2. која гласи: Показателот - „квалитетот на знаењата“ воопшто не бил испитуван во процесот на училишната самоевалуација, тврдат наставниците.

- ❖ За показателот „приемни и квалификациони испити, натпревари“ ги добивме следниве податоци:45,8% од испитаните наставници тврдат дека овој показател делумно бил испитуван, а 39,3% од нив сметаат дека во потполност бил испитуван. Аритметичката средина е 2,4 .

- ❖ 26,2% од наставниците тврдат дека показателот „мотивираноста на учениците“ делумно е испитуван, а 63,6% тврдат дека во потполност е испитуван. Аритметичката средина кај овој показател е 2,7 со што не се потврдува поединечната хипотеза 2.4. која гласи: Показателот - „мотивираноста на учениците“, според мислењата на наставниците воопшто не бил испитуван во досегашната практика.

- ❖ Во врска со показателот „вредности кај учениците“ 17,8% од наставниците тврдат дека овој показател воопшто не бил испитуван, 23,4% од нив тврдат дека делумно бил испитуван, а 49,5% тврдат дека во потполност бил испитуван. Аритметичката средина е 2,4.

Мислењата на наставниците за индикаторот 2 – **„постигања на учениците“** се претставени табеларно во табела бр. 29

| воопшто не | | делумно | | да, во потполност | | не одговориле | | | ИНДИКАТОР 2 | не е значаен | | значаен | | многу е значаен | | не одговориле | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *f* | % | *f* | % | *f* | % | *f* | % | *x* | *Постигањата на учениците* | *f* | % | *f* | % | *f* | % | *f* | % | *x* |
| 1 | 0,9 | 13 | 12,1 | 84 | 78,5 | 9 | 8,4 | 2,8 | *1.ПОКАЗАТЕЛ - Евиденција на оценките и успехот* | 5 | 4,7 | 33 | 30,8 | 63 | 58,9 | 6 | 5,6 | 2,6 |
| 0 | 0,0 | 25 | 23,4 | 78 | 72,9 | 4 | 3,7 | 2,8 | *2. ПОКАЗАТЕЛ - Квалитетот на знаењата* | 0 | 0,0 | 16 | 15,0 | 91 | 85,0 | 0 | 0,0 | 2,9 |
| 5 | 4,7 | 49 | 45,8 | 42 | 39,3 | 11 | 10,3 | 2,4 | *3.ПОКАЗАТЕЛ - Приемни и квалификациони испити, натпревари* | 6 | 5,6 | 61 | 57,0 | 32 | 29,9 | 8 | 7,5 | 2,3 |
| 0 | 0,0 | 28 | 26,2 | 68 | 63,6 | 11 | 10,3 | 2,7 | *4.ПОКАЗАТЕЛ - Мотивираноста на учениците* | 0 | 0,0 | 22 | 20,6 | 78 | 72,9 | 7 | 6,5 | 2,8 |
| 19 | 17,8 | 25 | 23,4 | 53 | 49,5 | 10 | 9,3 | 2,4 | *5.ПОКАЗАТЕЛ - Вредности кај учениците* | 1 | 0,9 | 37 | 34,6 | 62 | 57,9 | 7 | 6,5 | 2,6 |

Табела бр. 29

Според добиените податоци од индикаторот 2 – **„постигања на учениците“** се потврдува втората посебна хипотеза која гласи:

***Наставниците сметаат дека показателите на индикаторот „постигањата на учениците“ се соодветни, и доволно вреднувани во досегашната практика.***

## Анализа и интерпретација на резултатите од индикаторот 3 – **„учење и настава“**

### *3.1.Интерпретација на мислењата на наставниците за индикаторот 3*

Според мислењата на наставниците за значајноста на показателите за индикаторот 3 ги добивме следниве заклучоци:

- Осумдесет и четири наставници, или 78,5% мислат дека показателот „планирање и припремање“ многу е значаен за индикаторот - „учење и настава“. Аритметичката средина изнесува 2,8. Според тоа се потврдува поединечната хипотеза 3.1. која гласи: Значењето на показателот – „планирање и припремање“ за индикаторот - „учење и настава“, високо е оценето од страна на наставниците.
- Во врска со показателот „наставен процес“, 78,5% од наставниците сметат дека многу е значаен за индикаторот „учење и настава“, 15% од нив мислат дека е значаен. Аритметичката средина е 2,8.
- За показателот „учење“ ги добивме следните податоци: 68,2% од наставниците мислат дека овој показател е многу значаен за индикаторот 3. 25,2% мислат дека е значаен. Аритметичката средина е 2,7. Според овие податоци се потврдува поединечната хипотеза 3.3. која гласи: Наставниците високо ја оценуваат значајноста на показателот – „учење“ за индикаторот - „учење и настава“.
- 83,2% од испитаните наставници сметаат дека показателот „следење на напредувањето на учениците“ многу е значаен за индикаторот 3. Аритметичката средина кај мислењата на наставниците за значајноста на овој индикатор изнесува 2,9.

Кога станува збор за испитувањето на показателите во овој индикатор, во досегашната практика мислењата на наставниците се следни:

- 85% од наставниците тврдат дека показателот „планирање и припремање“ во потполност е испитуван во досегашната практика. Аритметичката средина е 2,9.
- 80,4% од наставниците мислат дека показателот „наставен процес“ во потполност е испитуван во досегашната практика. Аритметичката средина е 2,9. Според

овие податоци се отфрла поединечната хипотеза 3.2. која гласи: Наставниците оценуваат дека показателот – „наставен процес“ воопшто не е испитуван во досегашната практика.

❖ Во врска со показателот „учење“ податоците покажуваат дека 74,8% од наставниците тврдат дека во потполност е испитуван овој показател во досегашната практика.

❖ За показателот „следење на напредувањето на учениците“ ги добивме следниве податоци: 76,6% од наставниците мислат дека овој показател во потполност бил испитуван во досегашната практика. Аритметичката средина е 2,8. Се отфрла поединечната хипотеза 3.4. која гласи: Според мислењата на наставниците показателот – „следење на напредувањето на учениците“ воопшто не е испитуван во процесот на училишната самоевалуација.

Мислењата на наставниците за индикаторот 3 – **„учење и настава“** се претставени табеларно во табела бр. 30

| воопшто не | | делумно | | да, во потполност | | не одговориле | | | *ИНДИКАТОР 3* | не е значаен | | значаен | | многу е значаен | | не одговориле | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *f* | % | *f* | % | *f* | % | *f* | % | *x* | *Учење и настава* | *f* | % | *f* | % | *f* | % | *f* | % | *x* |
| 0 | 0,0 | 12 | 11,2 | 91 | 85,0 | 4 | 3,7 | 2,9 | *1.ПОКАЗАТЕЛ - Планирање и припремање* | 0 | 0,0 | 23 | 21,5 | 84 | 78,5 | 0 | 0,0 | 2,8 |
| 0 | 0,0 | 10 | 9,3 | 86 | 80,4 | 11 | 10,3 | 2,9 | *2.ПОКАЗАТЕЛ - Наставен процес* | 0 | 0,0 | 16 | 15,0 | 84 | 78,5 | 7 | 6,5 | 2,8 |
| 0 | 0,0 | 16 | 15,0 | 80 | 74,8 | 11 | 10,3 | 2,8 | *3.ПОКАЗАТЕЛ - Учење* | 0 | 0,0 | 27 | 25,2 | 73 | 68,2 | 7 | 6,5 | 2,7 |
| 0 | 0,0 | 15 | 14,0 | 82 | 76,6 | 10 | 9,3 | 2,8 | *4.ПОКАЗАТЕЛ - Следење на напредувањето на учениците* | 0 | 0,0 | 13 | 12,1 | 89 | 83,2 | 5 | 4,7 | 2,9 |

Табела бр. 30

Според податоците добиени од индикаторот 3 – **„учење и настава“** се потврдува третата посебна хипотеза која гласи:

***Наставниците високо го вреднуваат значењето на предложените показатели за индикаторот „учење и настава“ во процесот на училишната самоевалуација.***

## Анализа и интерпретација на резултатите од индикаторот 4 – **„поддршка / помош на учениците“**

### *4.1.Интерпретација на мислењата на наставниците за индикаторот 4*

Според мислењата на наставниците за значајноста на показателите за индикаторот 4 ги добивме следниве заклучоци:

- ❖ 79,4% од наставниците сметат дека показателот „грижа за учениците“ многу е значаен за индикаторот 4. Аритметичката средина изнесува 2,8. Според тоа се потврдува поединечната хипотеза 4.1. која гласи: Наставниците сметаат дека показателот „грижа за учениците“ многу е значаен за индикаторот **„поддршка / помош на учениците“.**
- ❖ 77,6% од наставниците мислат дека показателот „поддршка на учењето“ многу е значаен за индикаторот 4. И тука аритметичката средина изнесува 2,8.
- ❖ За показателот „личен и социјален развој“ ги добивме следните податоци: 31,8% од испитаните наставници мислат дека овој показател е значаен за индикаторот 4. 60,7% од наставниците сметаат дека овој показател е многу значаен за индикаторот 4. Аритметичката средина е 2,7. Се отфрла поединечната хипотеза 4.3. која гласи: Показателот „личен и социјален развој“ не е значаен за **индикаторот „поддршка / помош на учениците“** сметаат наставниците.
- ❖ 39,3% од наставниците мислат дека показателот „професионална ориентација“ е значаен за индикаторот 4. 50,5% од наставниците мислат дека е многу значаен овој показател.

За испитувањето на показателите во овој индикатор, во досегашната практика мислењата на наставниците се следни:

- ❖ 83 наставници или 77,6% од нив тврдат дека показателот „грижа за учениците“ во потполност е испитуван во досегашната практика. Аритметичката средина е 2,8.
- ❖ За показателот „поддршка на учењето“ ги добивме следните податоци од наставниците: 65,4% од наставниците тврдат дека овој показател во потполност е

испитуван. 26,2% сметаат дека делумно е испитуван. Се отфрла поединечната хипотеза 4.2. која гласи: Според наставниците, показателот „поддршка на учењето“ делумно е испитуван во досегашната практика.

❖ 62,6% од наставниците мислат дека показателот „личен и социјален развој“ во потполност е испитуван во досегашната практика. 26,2% од наставниците тврдат дека делумно е испитуван. Аритметичката средина е 2,7.

❖ 49,5% од наставниците тврдат дека показателот „професионална ориентација“ во потполност е испитуван во досегашната практика. 38,3% тврдат дека делумно е испитуван. Според овие податоци не се потврдува и поединечната хипотеза 4.4. која гласи: Наставниците мислат дека показателот „професионална ориентација“ воопшто не е испитуван во процесот на училишната самоевалуација.

Мислењата на наставниците за индикаторот 4 – **„поддршка/помош на учениците“** се претставени табеларно во табела бр. 31

| воопшто не | | делумно | | да, во потполност | | не одговориле | | | ***ИНДИКАТОР 4*** | не е значаен | | значаен | | многу е значаен | | не одговориле | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *f* | % | *f* | % | *f* | % | *f* | % | *x* | ***Поддршката / помошта на учениците*** | *f* | % | *f* | % | *f* | % | *f* | % | *x* |
| 0 | 0,0 | 20 | 18,7 | 83 | 77,6 | 4 | 3,7 | 2,8 | *1.ПОКАЗАТЕЛ - Грижа за учениците* | 0 | 0,0 | 22 | 20,6 | 85 | 79,4 | 0 | 0,0 | 2,8 |
| 0 | 0,0 | 28 | 26,2 | 70 | 65,4 | 9 | 8,4 | 2,7 | *2.ПОКАЗАТЕЛ - Поддршка на учењето* | 0 | 0,0 | 19 | 17,8 | 83 | 77,6 | 5 | 4,7 | 2,8 |
| 0 | 0,0 | 28 | 26,2 | 67 | 62,6 | 12 | 11,2 | 2,7 | *3.ПОКАЗАТЕЛ - Личен и социјален развој* | 0 | 0,0 | 34 | 31,8 | 65 | 60,7 | 8 | 7,5 | 2,7 |
| 1 | 0,9 | 41 | 38,3 | 53 | 49,5 | 12 | 11,2 | 2,5 | *4.ПОКАЗАТЕЛ - Професионална ориентација* | 2 | 1,9 | 42 | 39,3 | 54 | 50,5 | 9 | 8,4 | 2,5 |

Табела бр. 31

### *4.2.Интерпретација на мислењата на директорите за индикаторот 4*

Според мислењата на директорите за значајноста на показателите за индикаторот 4 ги добивме следниве заклучоци:

❖ 9 од испитаните директори мислат дека показателот „грижа за учениците“ многу е значаен за индикаторот 4. Аритметичката средина е 2,8. Се отфрла поединечната хипотеза 4.5. која гласи: Според мислењата на директорите показателот „грижа за учениците“ е значаен за индикаторот **„поддршка / помош на учениците“.**

❖ За показателот „поддршка на учењето“ ги добивме следниве податоци од директорите: 9 од нив мислат дека овој показател многу е значаен за индикаторот 4. 2 од директорите мислат дека е значаен.

❖ 8 од директорите мислат дека показателот „личен и социјален развој“ многу е значаен за индикаторот 4. Се отфрла поединечната хипотеза 4.7. која гласи: Според мислењата на директорите, показателот „личен и социјален развој“ е значаен за индикаторот **„поддршка / помош на учениците“.**

❖ Показателот „професионална ориентација“ многу е значаен за индикаторот 4 сметаат 9 од испитаните директори. Аритметичката средина е 2,9.

Кога станува збор за испитувањето на показателите во индикаторот 4, во досегашната практика, мислењата на директорите се следни:

❖ Осум од испитаните директори тврдат дека показателот „грижа за учениците“ во потполност е испитуван во досегашната практика. Аритметичката средина е 2,8.

❖ Девет од испитаните директори тврдат дека показателот „поддршка на учењето“ во потполност е испитуван во досегашната практика. Аритметичката средина е 2,9. Според овие податоци се потврдува поединечната хипотеза 4.6. која гласи: Директорите тврдат дека показателот „поддршка на учењето“ во потполност е испитуван во досегашната практика.

❖ За показателот „личен и социјален развој“ ги добивме следниве податоци од директорите: шест од нив мислат дека овој показател во потполност е испитуван во досегашната практика, додека пак четворица тврдат дека делумно е испитуван.

❖ За показателот „професионална ориентација“ ги добивме следниве податоци: седум од директорите тврдат дека овој показател во потполност е испитуван во досегашната практика. Аритметичката средина кај овој показател е 2,8. Според тоа не се потврдува поединечната хипотеза 4.8. која гласи: Директорите оценуваат дека показателот „професионална ориентација“ воопшто не е испитуван во процесот на училишната самоевалуација.

Мислењата на директорите за индикаторот 4 – **„поддршка/помош на учениците“** се претставени табеларно во табела бр. 32

| воопшто не | делумно | да, во потполност | не одговориле | | *ИНДИКАТОР 4* | не е значаен | значаен | многу е значаен | не одговориле | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *f* | *f* | *f* | *f* | *x* | ***Поддршката / помошта на учениците*** | *f* | *f* | *f* | *f* | *x* |
| 0 | 2 | 8 | 1 | 2,8 | *1.ПОКАЗАТЕЛ - Грижа за учениците* | 0 | 2 | 9 | 0 | 2,8 |
| 0 | 1 | 9 | 1 | 2,9 | *2.ПОКАЗАТЕЛ - Поддршка на учењето* | 0 | 2 | 9 | 0 | 2,8 |
| 0 | 4 | 6 | 1 | 2,6 | *3.ПОКАЗАТЕЛ - Личен и социјален развој* | 0 | 3 | 8 | 0 | 2,7 |
| 0 | 2 | 7 | 2 | 2,8 | *4.ПОКАЗАТЕЛ - Професионална ориентација* | 0 | 1 | 9 | 1 | 2,9 |

Табела бр. 32

### *4.3.Интерпретација на мислењата на педагошко – психолошките служби за индикаторот 4*

Според мислењата на педагошко – психолошките служби за значајноста на показателите за индикаторот 4 ги добивме следниве заклучоци:

- 87,5% од педагошко – психолошките служби мислат дека показателот – „грижа за учениците“ многу е значаен за индикаторот 4. Аритметичката средина иснесува 2,9. Според овие податоци се потврдува поединечната хипотеза 4.9. која гласи: Педагошко – психолошките служби високо ја оценуваат значајноста на показателот – „грижа за учениците“ за индикаторот „поддршка / помош на учениците“.

- Во врска со показателот „поддршка на учењето“, педагошко – психолошките служби ги дадоа следниве мислења: 87,5% од нив мислат дека овој показател е многу значаен за индикаторот 4. 12,5% од нив мислат дека е значаен. Аритметичката средина е 2,9.

- 75% од педагошко – психолошките служби мислат дека показателот „личен и социјален развој“ многу е значаен за индикаторот 4. Аритметичката средина е 2,8. Заклучуваме дека не се потврдува поединечната хипотеза 4.11. која гласи: Педагошко –

психолошките служби мислат дека показателот „личен и социјален развој“ не е значаен за индикаторот **„поддршка / помош на учениците“.**

- ❖ 70,8% од педагошко – психолошките служби мислат дека показателот „професионална ориентација“ многу е значаен за индикаторот 4. 29,2% од нив сметаат дека е значаен.

Кога станува збор за испитувањето на показателите во индикаторот 4, во досегашната практика, мислењата на педагошко – психолошките служби се следни:

- ❖ 83,3% од нив тврдат дека показателот „грижа за учениците“ во потполност е испитуван во досегашната практика. Аритметичката средина изнесува 2,8.

- ❖ Во врска со показателот „поддршка на учењето“ и неговото испитување во досегашната практика, ги добивме следните податоци од педагошко – психолошките служби: 75% од нив тврдат дека овој показател во потполност е испитуван во досегашната практика. Не се потврдува поединечната хипотеза 4.10. која гласи: Педагошко – психолошките служби сметаат дека показателот „поддршка на учењето“ воопшто не е испитуван во досегашната практика.

- ❖ 70,8% од испитаните педагошко – психолошки служби тврдат дека показателот „личен и социјален развој“ во потполност е испитуван во досегашната практика.

- ❖ 66,7% од педагошко – психолошките служби, тврдат дека показателот „професионална ориентација“ во потполност е испитуван во досегашната практика, а 33,3% од нив тврдат дека делумно е испитуван. Аритметичката средина изнесува 2,7. Според тоа се отфрла поединечната хипотеза 4.12. која гласи: Педагошко – психолошките служби тврдат дека показателот „професионална ориентација“ воопшто не е испитуван во процесот на училишната самоевалуација.

Мислењата на педагошко – психолошките служби за индикаторот 4 – **„поддршка/помош на учениците“** се претставени табеларно во табела бр. 33

| воопшто не | | делумно | | да, во потполност | | не одговориле | | | *ИНДИКАТОР 4* | не е значаен | | значаен | | многу е значаен | | не одговориле | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *f* | *%* | *f* | *%* | *f* | *%* | *f* | *%* | *x* | ***Поддршката / помошта на учениците*** | *f* | *%* | *f* | *%* | *f* | *%* | *f* | *%* | *x* |
| 0 | 0,0 | 4 | 16,7 | 20 | 83,3 | 0 | 0,0 | 2,8 | *1.ПОКАЗАТЕЛ - Грижа за учениците* | 0 | 0,0 | 3 | 12,5 | 21 | 87,5 | 0 | 0,0 | 2,9 |
| 0 | 0,0 | 6 | 25,0 | 18 | 75,0 | 0 | 0,0 | 2,8 | *2.ПОКАЗАТЕЛ - Поддршка на учењето* | 0 | 0,0 | 3 | 12,5 | 21 | 87,5 | 0 | 0,0 | 2,9 |
| 0 | 0,0 | 7 | 29,2 | 17 | 70,8 | 0 | 0,0 | 2,7 | *3.ПОКАЗАТЕЛ - Личен и социјален развој* | 0 | 0,0 | 6 | 25,0 | 18 | 75,0 | 0 | 0,0 | 2,8 |
| 0 | 0,0 | 8 | 33,3 | 16 | 66,7 | 0 | 0,0 | 2,7 | *4.ПОКАЗАТЕЛ - Професионална ориентација* | 0 | 0,0 | 7 | 29,2 | 17 | 70,8 | 0 | 0,0 | 2,7 |

Табела бр. 33

Според податоците добиени од индикаторот 4 – **„поддршка/помош на учениците“** се потврдува четвртата посебна хипотеза која гласи:

***Значењето на показателите во индикаторот „поддршка / помош на учениците“ високо е вреднувано од наставниците, директорите и педагошко – психолошките служби.***

Анализа и интерпретација на резултатите од индикаторот 5 – **„училишна клима“**

### *5.1.Интерпретација на мислењата на наставниците за индикаторот 5*

Според мислењата на наставниците за значајноста на показателите за индикаторот 5 ги добивме следниве заклучоци:

- 59,8% од наставниците сметаат дека показателот „углед и промоција на училиштето“ многу е значаен за индикаторот 5, а 33,6% мислат дека е значаен.
- 82,2% од испитаните наставници сметаат дека показателот „атмосфера и меѓучовечки односи“ многу е значаен за индикаторот 5. Аритметичката средина изнесува 2,8. Според овие податоци се потврдува поединечната хипотеза 5.2. која гласи: Наставниците високо го оценуваат значењето на показателот - „атмосфера и меѓучовечки односи“ за индикаторот „училишна клима“.
- Во врска со показателот „партнерство со родителите, училишниот одбор и локалната заедница“, наставниците ги дадоа следниве мислења: 64,5% мислат дека овој показател многу е значаен за индикаторот 5, 29,9% мислат дека е значаен. Аритметичката средина е 2,7.

Кога станува збор за испитувањето на показателите во индикаторот 5, во досегашната практика, мислењата на наставниците се следни:

- 63,6% од наставниците тврдат дека показателот „углед и промоција на училиштето“ во потполност е испитуван во досегашната практика, 26,2% тврдат дека делумно е испитуван. Аритметичката средина е 2,7. Според тоа се потврдува поединечната хипотеза 5.1. која гласи: Наставниците оценуваат дека показателот „углед и промоција на училиштето“ во потполност е испитуван во процесот на училишната самоевалуација.
- 71% од испитаните наставници тврдат дека показателот - „атмосфера и меѓучовечки односи“ во потполност е испитуван во досегашната практика. Аритметичката средина е 2,8.
- Во врска со показателот „партнерство со родителите, училишниот одбор и локалната заедница“, наставниците ги дадоа следниве тврдења: 66,4% од наставниците тврдат дека овој показател во потполност е испитуван во досегашната практика. 23,4%

мислат дека делумно е испитуван. Аритметичката средина е 2,7. Според тоа <u>се отфрла поединечната хипотеза 5.3.</u> која гласи: Тврдењата на наставниците за показателот „партнерство со родителите, училишниот одбор и локалната заедница“ се дека делумно е испитуван во досегашната практика.

Мислењата на наставниците за индикаторот 5 – **<u>„училишна клима“</u>** се претставени табеларно во табела бр. 34

| воопшто не | | делумно | | да, во потполност | | не одговориле | | | *ИНДИКАТОР 5* | не е значаен | | значаен | | многу е значаен | | не одговориле | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *f* | % | *f* | % | *f* | % | *f* | % | *x* | *Училишна клима* | *f* | % | *f* | % | *f* | % | *f* | % | *x* |
| 0 | 0,0 | 28 | 26,2 | 68 | 63,6 | 11 | 10,3 | 2,7 | *14.ПОКАЗАТЕЛ - Углед и промоција на училиштето* | 1 | 0,9 | 36 | 33,6 | 64 | 59,8 | 6 | 5,6 | 2,6 |
| 0 | 0,0 | 23 | 21,5 | 76 | 71,0 | 8 | 7,5 | 2,8 | *15.ПОКАЗАТЕЛ - Атмосфера и меѓучовечки односи* | 0 | 0,0 | 16 | 15,0 | 88 | 82,2 | 3 | 2,8 | 2,8 |
| 0 | 0,0 | 25 | 23,4 | 71 | 66,4 | 11 | 10,3 | 2,7 | *16.ПОКАЗАТЕЛ - Партнерство со родителите, училишниот одбор и локалната заедница* | 0 | 0,0 | 32 | 29,9 | 69 | 64,5 | 6 | 5,6 | 2,7 |

Табела бр. 34

### *5.2.Интерпретација на мислењата на директорите за индикаторот 5*

Според мислењата на директорите за значајноста на показателите за индикаторот 5 ги добивме следниве заклучоци:

- Осум од испитаните директори сметаат дека показателот „углед и промоција на училиштето“ многу е значаен за индикаторот 5. Аритметичката средина изнесува 2,8. Според тоа <u>не се потврдува поединечната хипотеза 5.4.</u> која гласи: Директорите сметаат дека показателот „углед и промоција на училиштето“ не е значаен за индикаторот „училишна клима“.

- Десет директори мислат дека показателот „атмосфера и меѓучовечки односи“ многу е значаен за индикаторот 5.

- Во врска со показателот „партнерство со родителите, училишниот одбор и локалната заедница“, директорите ги дадоа следниве мислења: девет директори мислат дека овој показател многу е значаен за индикаторот 5, двајца од нив мислат дека е значаен. Аритметичката средина е 2,8. Според овие податоци <u>се отфрла поединечната хипотеза 5.6.</u>

која гласи: Според директорите, показателот „партнерство со родителите, училишниот одбор и локалната заедница“ е значаен за индикаторот „училишна клима“.

Во врска со испитувањето на показателите во индикаторот 5, во досегашната практика, мислењата на директорите се следни:

❖ Седум директори тврдат дека показателот „углед и промоција на училиштето“ во потполност е испитуван во досегашната практика. Аритметичката средина е 2,8.

❖ Осум од испитаните директори мислат дека показателот „атмосфера и меѓучовечки односи“ во потполност е испитуван. Се отфрла и поединечната хипотеза 5.5. која гласи: Според мислењата на директорите показателот „атмосфера и меѓучовечки односи“ делумно е испитуван во досегашната практика.

❖ Во врска со показателот „партнерство со родителите, училишниот одбор и локалната заедница“, директорите ги дадоа следниве мислења: осум директори мислат дека показателот „партнерство со родителите, училишниот одбор и локалната заедница“ во потполност е испитуван во досегашната практика. Аритметичката средина е 2,9.

Мислењата на директорите за индикаторот 5 – **„училишна клима“** се претставени табеларно во табела бр. 35

| воопшто не | делумно | да, во потполност | не одговориле | | *ИНДИКАТОР 5* | не е значаен | значаен | многу е значаен | не одговориле | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *f* | *f* | *f* | *f* | *x* | *Училишна клима* | *f* | *f* | *f* | *f* | *x* |
| 0 | 2 | 7 | 2 | 2,8 | *7.ПОКАЗАТЕЛ - Углед и промоција на училиштето* | 0 | 2 | 8 | 1 | 2,8 |
| 0 | 2 | 8 | 1 | 2,8 | *8.ПОКАЗАТЕЛ - Атмосфера и меѓучовечки односи* | 0 | 0 | 10 | 1 | 3 |
| 0 | 1 | 8 | 2 | 2,9 | *9.ПОКАЗАТЕЛ - Партнерство со родителите, училишниот одбор и локалната заедница* | 0 | 2 | 9 | 0 | 2,8 |

Табела бр. 35

### *5.3. Интерпретација на мислењата на педагошко – психолошките служби за индикаторот 5*

Според мислењата на педагошко – психолошките служби за значајноста на показателите за индикаторот 5 ги добивме следниве заклучоци:

- 62,5% од педагошко – психолошките служби сметаат дека показателот – „углед и промоција на училиштето“ многу е значаен за индикаторот 5. 37,5% мислат дека е значаен.
- 79,2% од педагошко – психолошките служби сметаат дека показателот – „атмосфера и меѓучовечки односи“ многу е значаен за индикаторот 5. Според тоа не се потврдува поединечната хипотеза 5.8. која гласи: Педагошко – психолошките служби сметаат дека показателот „атмосфера и меѓучовечки односи“ е значаен за индикаторот **„училишна клима“.**
- 50% од педагошко – психолошките служби сметаат дека показателот „партнерство со родителите, училишниот одбор и локалната заедница“ многу е значаен за индикаторот 5. Останатите 50% мислат дека е значаен.

Во врска со испитувањето на показателите во индикаторот 5, во досегашната практика, мислењата на педагошко – психолошките служби се следни:

- 62,5% од педагошко – психолошките служби тврдат дека показателот „углед и промоција на училиштето“ во потполност е испитуван во досегашната практика. Според овие податоци се потврдува поединечната хипотеза 5.7. која гласи: Педагошко – психолошките служби тврдат дека показателот „углед и промоција на училиштето“ во потполност е испитуван во досегашната практика.
- 75% од педагошко – психолошките служби тврдат дека показателот „атмосфера и меѓучовечки односи“ во потполност е испитуван во досегашната практика.
- Во врска со показателот „партнерство со родителите, училишниот одбор и локалната заедница“, педагошко – психолошките служби ги дадоа следниве мислења: 75% од педагошко – психолошките служби мислат дека показателот „партнерство со родителите, училишниот одбор и локалната заедница“ во потполност е испитуван во досегашната практика. Аритметичката средина е 2,8, со што се отфрла поединечната хипотеза 5.9. која гласи: Според Педагошко – психолошките служби, показателот

„партнерство со родителите, училишниот одбор и локалната заедница“ делумно е испитуван во досегашната практика.

Мислењата на педагошко – психолошките служби за индикаторот 5 – **„училишна клима“** се претставени табеларно во табела бр. 36

| воопшто не | | делумно | | да, во потполност | | не одговориле | | | *ИНДИКАТОР 5* | не е значаен | | значаен | | многу е значаен | | не одговориле | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| f | % | f | % | f | % | f | % | x | *Училишна клима* | f | % | f | % | f | % | f | % | x |
| 1 | 4,2 | 8 | 33,3 | 15 | 62,5 | 0 | 0,0 | 2,6 | *5.ПОКАЗАТЕЛ - Углед и промоција на училиштето* | 0 | 0,0 | 9 | 37,5 | 15 | 62,5 | 0 | 0,0 | 2,6 |
| 0 | 0,0 | 6 | 25,0 | 18 | 75,0 | 0 | 0,0 | 2,8 | *6.ПОКАЗАТЕЛ - Атмосфера и меѓучовечки односи* | 0 | 0,0 | 5 | 20,8 | 19 | 79,2 | 0 | 0,0 | 2,8 |
| 0 | 0,0 | 6 | 25,0 | 18 | 75,0 | 0 | 0,0 | 2,8 | *7.ПОКАЗАТЕЛ - Партнерство со родителите, училишниот одбор и локалната заедница* | 0 | 0,0 | 12 | 50,0 | 12 | 50,0 | 0 | 0,0 | 2,5 |

Табела бр. 36

Според податоците добиени од индикаторот 5 – **„училишна клима“** се потврдува петтата посебна хипотеза која гласи:

***Показателите во индикаторот „училишна клима“ се соодветни и високо вреднувани во досегашната практика.***

## Анализа и интерпретација на резултатите од индикаторот 6 – **„ресурси“**

***6.1.Интерпретација на мислењата на наставниците за индикаторот 6***

Според мислењата на наставниците за значајноста на показателите за индикаторот 6 ги добивме следниве заклучоци:

- 59,8% од испитаните наставници мислат дека показателот „човечки ресурси“ многу е значаен за индикаторот 6. 34,6% сметаат дека е значаен. Аритметичката средина е 2,6.
- 57,9% од наставниците сметаат дека показателот „материјално технички ресурси“ многу е значаен за индикаторот „ресурси“. Аритметичката средина е 2,6. Според овие податоци се потврдува поединечната хипотеза 6.2. која гласи: Показателот „материјално технички ресурси“ многу е значаен за индикаторот **„ресурси“** – е мислењето на наставниците.
- Кога станува збор за показателот – „финансиски ресурси“, мислењата на наставниците се следни: 48,6% сметаат дека овој показател многу е значаен за индикаторот 6, додека пак 43,9 мислат дека е значаен.
- 48,6% од наставниците мислат дека показателот „ресурси на локалната средина“ многу е значаен за индикаторот 6. 48,6% сметаат дека е значаен. Според овие податоци не се потврдува поединечната хипотеза 6.4. која гласи: Наставниците сметаат дека показателот „ресурси на локалната средина“ не е значаен за индикаторот – **„ресурси“.**

Кога станува збор за испитувањето на показателите во индикаторот 6, во досегашната практика, мислењата на наставниците се следни:

- 65,4% од наставниците тврдат дека показателот „човечки ресурси“ во потполност бил испитуван во досегашната практика. Аритметичката средина е 2,7. Според тоа не се потврдува поединечната хипотеза 6.1. која гласи: Тврдењата на наставниците за показателот „човечки ресурси“ се дека делумно бил испитуван во досегашната практика.
- 67,3% од наставниците мислат дека показателот – „материјално технички ресурси“ во потполност е испитуван во досегашната практика. Аритметичката средина е 2,7.

❖ 52,3% од наставниците тврдат дека показателот – „финансиски ресурси“ во потполност е испитуван. Според тоа се потврдува поединечната хипотеза 6.3 која гласи: Наставниците сметаат дека показателот – „финансиски ресурси“ во потполност е испитуван во процесот на училишната самоевалуација.

❖ Во врска со показателот – „ресурси на локалната средина“ ги добивме следниве податоци: 58,9% од наставниците тврдат дека во потполност е испитуван.

Мислењата на наставниците за индикаторот 6 – **„ресурси“** се претставени табеларно во табела бр. 37

| воопшто не | | делумно | | да, во потполност | | не одговориле | | | ***ИНДИКАТОР 6*** | не е значаен | | значаен | | многу е значаен | | не одговориле | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *f* | *%* | *f* | *%* | *f* | *%* | *f* | *%* | *x* | ***Ресурси*** | *f* | *%* | *f* | *%* | *f* | *%* | *f* | *%* | *x* |
| 1 | 0,9 | 25 | 23,4 | 70 | 65,4 | 11 | 10,3 | 2,7 | *17.ПОКАЗАТЕЛ - Човечки ресурси* | 0 | 0,0 | 37 | 34,6 | 64 | 59,8 | 6 | 5,6 | 2,6 |
| 2 | 1,9 | 22 | 20,6 | 72 | 67,3 | 11 | 10,3 | 2,7 | *18.ПОКАЗАТЕЛ - Материјално технички ресурси* | 0 | 0,0 | 39 | 36,4 | 62 | 57,9 | 6 | 5,6 | 2,6 |
| 0 | 0,0 | 38 | 35,5 | 56 | 52,3 | 13 | 12,1 | 2,6 | *19.ПОКАЗАТЕЛ - Финансиски ресурси* | 0 | 0,0 | 47 | 43,9 | 52 | 48,6 | 8 | 7,5 | 2,5 |
| 10 | 9,3 | 26 | 24,3 | 63 | 58,9 | 8 | 7,5 | 2,5 | *20.ПОКАЗАТЕЛ - Ресурси на локалната средина* | 0 | 0,0 | 52 | 48,6 | 52 | 48,6 | 3 | 2,8 | 2,5 |

Табела бр. 37

### *6.2. Интерпретација на мислењата на директорите за индикаторот 6*

Според мислењата на директорите за значајноста на показателите за индикаторот 6 ги добивме следниве заклучоци:

❖ Десет од испитаните директори мислат дека показателот „човечки ресурси“ многу е значаен за индикаторот 6. Аритметичката средина е 2,9. Според овие податоци се потврдува поединечната хипотеза 6.5. која гласи: Директорите високо ја оценуваат значајноста на показателот „човечки ресурси“ за индикаторот „ресурси“.

❖ За показателот „материјално технички ресурси“ ги добивме истите податоци како и за показателот „човечки ресурси“.

❖ Како и во претходните два показатели, кај директорите ги имаме истите податоци и за показателот „финансиски ресурси“. Според тоа се потврдува и поединечната хипотеза 6.7. која гласи: Значајноста на показателот „финансиски ресурси“ за индикаторот „ресурси“ високо е оценета од директорите.

❖ За показателот „ресурси на локалната средина“ ги добивме истите податоци од директорите како и за претходните три показатели.

Во врска со испитувањето на показателите во индикаторот 6, во досегашната практика, мислењата на директорите се следни:

❖ Седум од директорите тврдат дека показателот „човечки ресурси“ во потполност е испитуван во досегашната практика. Аритметичката средина изнесува 2,8.

❖ Шест од испитаните директори тврдат дека показателот „материјално технички ресурси“ во потполност е испитуван. Тројца од нив не одговориле. Според тоа се потврдува поединечната хипотеза 6.6. која гласи: Според мислењата на директорите показателот „материјално технички ресурси“ во потполност е испитуван во досегашната практика.

❖ За показателот „финансиски ресурси“ ги добивме стите податоци како и за претходниот показател.

❖ Шест од директорите тврдат дека показателот „ресурси на локалната средина“ во потполност е испитуван. Според тоа се отфрла поединечната хипотеза 6.8. која гласи: Директорите тврдат дека показателот „ресурси на локалната средина“ делумно е испитуван.

Мислењата на директорите за индикаторот 6 – **„ресурси“** се претставени табеларно во табела бр. 38

| воопшто не | делумно | да, во потполност | не одговориле | | *ИНДИКАТОР 6* | не е значаен | значаен | многу е значаен | не одговориле | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *f* | *f* | *f* | *f* | *x* | *Ресурси* | *f* | *f* | *f* | *f* | *x* |
| 0 | 2 | 7 | 2 | 2,8 | *10.ПОКАЗАТЕЛ - Човечки ресурси* | 0 | 1 | 10 | 0 | 2,9 |
| 0 | 3 | 6 | 2 | 2,7 | *11.ПОКАЗАТЕЛ - Материјално технички ресурси* | 0 | 1 | 10 | 0 | 2,9 |
| 0 | 3 | 6 | 2 | 2,7 | *12.ПОКАЗАТЕЛ - Финансиски ресурси* | 0 | 1 | 10 | 0 | 2,9 |
| 0 | 3 | 6 | 2 | 2,7 | *13.ПОКАЗАТЕЛ - Ресурси на локалната средина* | 0 | 1 | 10 | 0 | 2,9 |

Табела бр. 38

### *6.3. Интерпретација на мислењата на педагошко – психолошките служби за индикаторот 6*

Според мислењата на педагошко – психолошките служби за значајноста на показателите за индикаторот 6 ги добивме следниве заклучоци:

- 66,7% од педагошко – психолошките служби мислат дека показателот – „човечки ресурси“ многу е значаен за индикаторот 6. Аритметичката средина е 2,7.
- 62,5% од педагошко – психолошките служби мислат дека показателот – „материјално технички ресурси“ многу е значаен за индикаторот 6. Аритметичката средина е 2,7. Не се потврдува и поединечната хипотеза 6.10. која гласи: Педагошко – психолошките служби сметаат дека показателот „материјално технички ресурси“ е значаен за индикаторот **„ресурси“.**
- Во врска со показателот „финансиски ресурси“ ги добивме истите резултати како и кај претходниот показател. Според овие податоци се потврдува поединечната хипотеза 6.11. која гласи: Педагошко – психолошките служби високо ја оценуваат значајноста на показателот „финансиски ресурси“ за индикаторот „ресурси“.
- Во врска со показателот „ресурси на локалната средина“ кај педагошко – психолошките служби ги добивме следниве податоци: 54,2% од нив сметаат дека овој показател е значаен за индикаторот 6. 45,8% мислат дека многу е значаен. Аритметичката средина е 2,5.

Во врска со испитувањето на показателите во индикаторот 6, во досегашната практика, мислењата на педагошко – психолошките служби се следни:

- 79,2% од педагошко – психолошките служби тврдат дека показателот „човечки ресурси“ во потполност е испитуван во досегашната практика. Аритметичката средина е 2,8. Според тоа не се потврдува поединечната хипотеза 6.9. која гласи: Педагошко – психолошките служби мислат дека показателот „човечки ресурси“ делумно е испитуван во досегашната практика.
- 66,7% од од педагошко – психолошките служби тврдат дека показателот „материјално технички ресурси“ во потполност е испитуван во досегашната практика.
- Кога станува збор за показателот „финансиски ресурси“ мислењата на педагошко – психолошките служби се следни: 54,2% од нив тврдат дека овој показател во потполност е испитуван.

❖ **66,7% од** педагошко – психолошките служби тврдат дека показателот „ресурси на локалната средина" во потполност е испитуван во досегашната практика. Аритметичката средина е 2,7. Според овие податоци не се потврдува поединечната хипотеза 6.12. која гласи: Педагошко – психолошките служби тврдат дека показателот „ресурси на локалната средина" воопшто не е испитуван во досегашната практика.

Мислењата на педагошко – психолошките служби за индикаторот 6 – **„ресурси"** се претставени табеларно во табела бр. 39

| воопшто не | | делумно | | да, во потполност | | не одговориле | | | ***ИНДИКАТОР 6*** | не е значаен | | значаен | | многу е значаен | | не одговориле | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *f* | % | *f* | % | *f* | % | *f* | % | *x* | ***Ресурси*** | *f* | % | *f* | % | *f* | % | *f* | % | *x* |
| 0 | 0,0 | 5 | 20,8 | 19 | 79,2 | 0 | 0,0 | 2,8 | *8.ПОКАЗАТЕЛ - Човечки ресурси* | 0 | 0,0 | 6 | 25,0 | 16 | 66,7 | 2 | 8,3 | 2,7 |
| 0 | 0,0 | 8 | 33,3 | 16 | 66,7 | 0 | 0,0 | 2,7 | *9.ПОКАЗАТЕЛ - Материјално технички ресурси* | 0 | 0,0 | 7 | 29,2 | 15 | 62,5 | 2 | 8,3 | 2,7 |
| 1 | 4,2 | 10 | 41,7 | 13 | 54,2 | 0 | 0,0 | 2,5 | *10.ПОКАЗАТЕЛ - Финансиски ресурси* | 0 | 0,0 | 7 | 29,2 | 15 | 62,5 | 2 | 8,3 | 2,7 |
| 0 | 0,0 | 8 | 33,3 | 16 | 66,7 | 0 | 0,0 | 2,7 | *11.ПОКАЗАТЕЛ - Ресурси на локалната средина* | 0 | 0,0 | 13 | 54,2 | 11 | 45,8 | 0 | 0,0 | 2,5 |

Табела бр. 39

Според податоците добиени од индикаторот 6 – **„ресурси"** се потврдува шестата посебна хипотеза која гласи:

***Наставниците, директорите и педагошко – психолошките служби високо ја оценуваат значајноста на показателите за индикаторот „ресурси".***

## Анализа и интерпретација на резултатите од индикаторот 7 – **„ раководење, организација и обезбедување на квалитет“**

### *7.1. Интерпретација на мислењата на наставниците за индикаторот 7*

Според мислењата на наставниците за значајноста на показателите за индикаторот 7 ги добивме следниве заклучоци:

- 75,7% од наставниците мислат дека показателот – „раководење“ многу е значаен за индикаторот 7.
- 86% од испитаните наставници мислат дека показателот „организација на работата на училиштето“ многу е значаен за индикаторот 7. Аритметичката средина изнесува 2,9. Според тоа се потврдува поединечната хипотеза 7.2. која гласи: Наставниците високо ја оценуваат значајноста на показателот „организација на работата на училиштето“ за индикаторот - „раководење, организација и обезбедување на квалитет“.
- Кога станува збор за показателот – „училишен развоен план“ мислењата на наставниците се следни: 72% од нив мислат дека овој показател многу е значаен за индикаторот 7.
- 75,7% од наставниците сметаат дека показателот „обезбедување на квалитет“ многу е значаен за индикаторот 7. Според овие податоци се потврдува поединечната хипотеза 7.4. која гласи: Показателот „обезбедување на квалитет“ многу е значаен за индикаторот **„раководење, организација и обезбедување на квалитет“** – е мислењето на наставниците.

Кога станува збор за испитувањето на показателите во индикаторот 6, во досегашната практика, мислењата на наставниците се следни:

- 71% од испитаните наставници тврдат дека показателот – „раководење“ во потполност е испитуван во досегашната практика. Аритметичката средина е 2,8. Според тоа не се потврдува поединечната хипотеза 7.1. која гласи: Според мислењата на наставниците показателот – „раководење“ воопшто не е испитуван во досегашната практика.
- 79,4% од наставниците тврдат дека показателот – „организација на работата на училиштето“ во потполност е испитуван.

❖ 63,6% од наставниците тврдат дека показателот – „училишен развоен план" во потполност е испитуван во досегашната практика. Според овие податоци се отфрла поединечната хипотеза 7.3. која гласи: Наставниците оценуваат дека показателот – „училишен развоен план" делумно е испитуван во досегашната практика.

❖ 64,5% од наставниците тврдат дека показателот „обезбедување на квалитет" во потполност бил испитуван во досегашната практика.

Мислењата на наставниците за индикаторот 7 – **„раководење, организација и обезбедување на квалитет"** се претставени табеларно во табела бр. 40

| воопшто не | | делумно | | да, во потполност | | не одговориле | | | ИНДИКАТОР 7 | не е значаен | | значаен | | многу е значаен | | не одговориле | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| f | % | f | % | f | % | f | % | x | ***Раководење, организација и обезбедување на квалитет*** | f | % | f | % | f | % | f | % | x |
| 0 | 0,0 | 18 | 16,8 | 76 | 71,0 | 13 | 12,1 | 2,8 | *21. ПОКАЗАТЕЛ - Раководење* | 0 | 0,0 | 16 | 15,0 | 81 | 75,7 | 10 | 9,3 | 2,8 |
| 0 | 0,0 | 16 | 15,0 | 85 | 79,4 | 6 | 5,6 | 2,8 | *22. ПОКАЗАТЕЛ - Организација на работата на училиштето* | 0 | 0,0 | 12 | 11,2 | 92 | 86,0 | 3 | 2,8 | 2,9 |
| 0 | 0,0 | 28 | 26,2 | 68 | 63,6 | 11 | 10,3 | 2,7 | *23. ПОКАЗАТЕЛ - Училишен развоен план* | 0 | 0,0 | 22 | 20,6 | 77 | 72,0 | 8 | 7,5 | 2,8 |
| 6 | 5,6 | 21 | 19,6 | 69 | 64,5 | 11 | 10,3 | 2,7 | *24. ПОКАЗАТЕЛ - Обезбедување на квалитет* | 0 | 0,0 | 18 | 16,8 | 81 | 75,7 | 8 | 7,5 | 2,8 |

Табела бр. 40

### *7.2. Интерпретација на мислењата на директорите за индикаторот 7*

Според мислењата на директорите за значајноста на показателите за индикаторот 7 ги добивме следниве заклучоци:

❖ Девет од директорите мислат дека показателот „раководење" многу е значаен за индикаторот 7.

❖ Десет од директорите сметаат дека показателот „организација на работата на училиштето" многу е значаен за индикаторот 7. Според тоа се потврдува поединечната хипотеза 7.6. која гласи: Значајноста на показателот „организација на работата на училиштето" за индикаторот „раководење, организација и обезбедување на квалитет" високо е оценета од директорите .

❖ Девет од испитаните директори сметаат дека показателот „училишен развоен план“ многу е значаен за индикаторот 7. Аритметичката средина е 2,8.

❖ Десет од директорите мислат дека показателот „обезбедување на квалитет“ многу е значаен за индикаторот 7. Според тоа се отфрла поединечната хипотеза 7.8. која гласи: Директорите мислат дека показателот „обезбедување на квалитет“ е значаен за индикаторот **„раководење, организација и обезбедување на квалитет“.**

Во врска со испитувањето на показателите во индикаторот 7, во досегашната практика, мислењата на директорите се следни:

❖ Осум од испитаните директори тврдат дека показателот „раководење“ во потполност е испитуван, показателот „организација на работата на училиштето“ во потполност е испитуван, показателот „училишен развоен план“ во потполност е испитуван и показателот „обезбедување на квалитет“ во потполност е испитуван во досегашната практика. Според овие податоци се потврдува поединечната хипотеза 7.5. која гласи: Директорите тврдат дека показателот „раководење“ во потполност е испитуван. Се отфрла поединечната хипотеза 7.7. која гласи: Според мислењата на директорите показателот „училишен развоен план“ делумно е испитуван во процесот на училишната самоевалуација.

Мислењата на директорите за индикаторот 7 – **„раководење, организација и обезбедување на квалитет“** се претставени табеларно во табела бр. 41

| воопшто не | делумно | да, во потполност | не одговориле | | *ИНДИКАТОР 7* | не е значаен | значаен | многу е значаен | не одговориле | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *f* | *f* | *f* | *f* | *x* | ***Раководење, организација и обезбедување на квалитет*** | *f* | *f* | *f* | *f* | *x* |
| 0 | 1 | 8 | 2 | 2,9 | *14. ПОКАЗАТЕЛ - Раководење* | 0 | 2 | 9 | 0 | 2,8 |
| 0 | 1 | 8 | 2 | 2,9 | *15. ПОКАЗАТЕЛ - Организација на работата на училиштето* | 0 | 1 | 10 | 0 | 2,9 |
| 0 | 1 | 8 | 2 | 2,9 | *16. ПОКАЗАТЕЛ - Училишен развоен план* | 0 | 2 | 9 | 0 | 2,8 |
| 0 | 1 | 8 | 2 | 2,9 | *17. ПОКАЗАТЕЛ - Обезбедување на квалитет* | 0 | 1 | 10 | 0 | 2,9 |

Табела бр. 41

### *7.3. Интерпретација на мислењата на педагошко – психолошките служби за индикаторот 7*

Според мислењата на педагошко – психолошките служби за значајноста на показателите за индикаторот 7 ги добивме следниве заклучоци:

- 95,8% од педагошко – психолошките служби мислат дека показателот – „раководење“ многу е значаен за индикаторот 7. Според овие податоци се отфрла поединечната хипотеза 7.9. која гласи: Педагошко – психолошките служби мислат дека показателот – „раководење“ е значаен за индикаторот **„раководење, организација и обезбедување на квалитет“.**
- 91,7% од педагошко – психолошките служби мислат дека показателот „организација на работата на училиштето“ многу е значаен за индикаторот 7.
- 66,7% од педагошко – психолошките служби мислат дека показателот „училишен развоен план“ многу е значаен за индикаторот 7. Според овие податоци не се потврдува поединечната хипотеза 7.11. која гласи: Педагошко – психолошките служби мислат дека показателот „училишен развоен план“ е значаен за индикаторот **„раководење, организација и обезбедување на квалитет“.**
- 87,5% од педагошко – психолошките служби мислат дека показателот „обезбедување на квалитет“ многу е значаен за индикаторот 7. Според тоа се потврдува поединечната хипотеза 7.12. која гласи: Педагошко – психолошките служби високо ја оценуваат значајноста на показателот „обезбедување на квалитет“ за индикаторот „раководење, организација и обезбедување на квалитет“.

Во врска со испитувањето на показателите во индикаторот 7, во досегашната практика, мислењата на педагошко – психолошките служби се следни:

- 91,7% од педагошко – психолошките служби тврдат дека показателот „раководење“ во потполност е испитуван во досегашната практика.
- 83,3% од педагошко – психолошките служби тврдат дека показателот „организација на работата на училиштето“ во потполност е испитуван во досегашната практика. Според тоа се потврдува поединечната хипотеза 7.10. која гласи: Според Педагошко – психолошките служби, показателот „организација на работата на училиштето“ во потполност е испитуван во досегашната практика.

❖ Кога станува збор за показателот „училишен развоен план“ мислењата на педагошко – психолошките служби се следни: 79,2% од нив тврдат дека овој показател во потполност е испитуван.

❖ 70,8% од педагошко – психолошките служби тврдат дека показателот „обезбедување на квалитет“ во потполност е испитуван во досегашната практика.

Мислењата на педагошко – психолошките служби за индикаторот 7 – **„раководење, организација и обезбедување на квалитет“** се претставени табеларно во табела бр. 42

| воопшто не | | делумно | | да, во потполност | | не одговориле | | | ***ИНДИКАТОР 7*** | не е значаен | | значаен | | многу е значаен | | не одговориле | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *f* | % | *f* | % | *f* | % | *f* | % | *x* | ***Раководење, организација и обезбедување на квалитет*** | *f* | % | *f* | % | *f* | % | *f* | % | *x* |
| 0 | 0,0 | 2 | 8,3 | 22 | 91,7 | 0 | 0,0 | 2,9 | *12. ПОКАЗАТЕЛ - Раководење* | 0 | 0,0 | 1 | 4,2 | 23 | 95,8 | 0 | 0,0 | 3 |
| 0 | 0,0 | 4 | 16,7 | 20 | 83,3 | 0 | 0,0 | 2,8 | *13. ПОКАЗАТЕЛ - Организација на работата на училиштето* | 0 | 0,0 | 2 | 8,3 | 22 | 91,7 | 0 | 0,0 | 2,9 |
| 0 | 0,0 | 5 | 20,8 | 19 | 79,2 | 0 | 0,0 | 2,8 | *14. ПОКАЗАТЕЛ - Училишен развоен план* | 0 | 0,0 | 8 | 33,3 | 16 | 66,7 | 0 | 0,0 | 2,7 |
| 0 | 0,0 | 7 | 29,2 | 17 | 70,8 | 0 | 0,0 | 2,7 | *15. ПОКАЗАТЕЛ - Обезбедување на квалитет* | 0 | 0,0 | 3 | 12,5 | 21 | 87,5 | 0 | 0,0 | 2,9 |

Табела бр. 42

Според податоците добиени од индикаторот 7 – **„раководење, организација и обезбедување на квалитет“** не се потврдува седмата посебна хипотеза која гласи:

***Показателите во индикаторот „раководење, организација и обезбедување на квалитет“ се несоодветни, и недоволно вреднувани во досегашната практика.***

## Компаративна анализа и интерпретација на мислењата на наставниците, директорите и педагошко – психолошките служби за индикаторот 4 – **„поддршка / помош на учениците“**

| | воопшто не | делумно | да, во потполност | не одговориле | | ИНДИКАТОР 4 | не е значаен | значаен | многу е значаен | не одговориле | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | % | % | % | % | x | *Поддршката / помошта на учениците* | % | % | % | % | x |
| наставници | 0,0 | 18,7 | 77,6 | 3,7 | 2,8 | *1.ПОКАЗАТЕЛ - Грижа за учениците* | 0,0 | 20,6 | 79,4 | 0,0 | 2,8 |
| директори | 0,0 | 18,2 | 72,7 | 9,1 | 2,8 | | 0,0 | 18,2 | 81,8 | 0,0 | 2,8 |
| Педагошко–психолошки служби | 0,0 | 16,7 | 83,3 | 0,0 | 2,8 | | 0,0 | 12,5 | 87,5 | 0,0 | 2,9 |
| наставници | 0,0 | 26,2 | 65,4 | 8,4 | 2,7 | *2.ПОКАЗАТЕЛ - Поддршка на учењето* | 0,0 | 17,8 | 77,6 | 4,7 | 2,8 |
| директори | 0,0 | 9,1 | 81,8 | 9,1 | 2,9 | | 0,0 | 18,2 | 81,8 | 0,0 | 2,8 |
| Педагошко–психолошки служби | 0,0 | 25,0 | 75,0 | 0,0 | 2,8 | | 0,0 | 12,5 | 87,5 | 0,0 | 2,9 |
| наставници | 0,0 | 26,2 | 62,6 | 11,2 | 2,7 | *3.ПОКАЗАТЕЛ - Личен и социјален развој* | 0,0 | 31,8 | 60,7 | 7,5 | 2,7 |
| директори | 0,0 | 36,4 | 54,5 | 9,1 | 2,6 | | 0,0 | 27,3 | 72,7 | 0,0 | 2,7 |
| Педагошко–психолошки служби | 0,0 | 29,2 | 70,8 | 0,0 | 2,7 | | 0,0 | 25,0 | 75,0 | 0,0 | 2,8 |
| наставници | 0,9 | 38,3 | 49,5 | 11,2 | 2,5 | *4.ПОКАЗАТЕЛ - Професионална ориентација* | 1,9 | 39,3 | 50,5 | 8,4 | 2,5 |
| директори | 0,0 | 18,2 | 63,6 | 18,2 | 2,8 | | 0,0 | 9,1 | 81,8 | 9,1 | 2,9 |
| Педагошко–психолошки служби | 0,0 | 33,3 | 66,7 | 0,0 | 2,7 | | 0,0 | 29,2 | 70,8 | 0,0 | 2,7 |

Табела бр. 43

Кога станува збор за показателот „грижа за учениците“ во индикаторот 4 – **Поддршката / помошта на учениците** не се забележани поголеми разлики во мислењата и тврдењата на наставниците, директорите и педагошко – психолошките служби. Трите групи на испитаници се сложуваат дека овој показател многу е значаен за индикаторот 4, и дека во потполност бил испитуван во досегашната практика.

Слични податоци добивме и за показателот „поддршка на учењето“. И тука испитаниците од трите групи се сложуваат дека показателот многу е значаен за индикаторот 4 и дека во потполност бил испитуван во досегашната практика.

Мислењата на наставниците, директорите и педагошко – психолошките служби се поклопуваат и во показателот „личен и социјален развој". Испитаниците се сложуваат дека овој показател многу е значаен за индикаторот 4 – **Поддршката / помошта на учениците** и дека во потполност бил испитуван во досегашната практика.

Кога станува збор за показателот „професионална ориентација", директорите и педагошко – психолошките служби се сложуваат дека во потполност бил испитуван во досегашната практика и дека многу е значаен за индикаторот 4. Додека кај наставниците се забележува аритметичка средина 2,5 за двете тврдења. Најголемиот број од нив сметаат дека показателот „професионална ориентација" многу е значаен, но 39,3% од нив мислат дека е значаен. Исто и за прашањето - колку бил испитуван овој показател во досегашната практика, 49,5% тврдат дека во потполност бил испитуван, но 38,3% од наставниците тврдат дека делумно бил испитуван овој показател.

## Компаративна анализа и интерпретација на мислењата на наставниците, директорите и педагошко – психолошките служби за индикаторот 5 – **„училишна клима“**

| | воопшто не | делумно | да, во потполност | не одговориле | | *ИНДИКАТОР 5* | не е значаен | значаен | многу е значаен | не одговориле | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | % | % | % | % | *x* | *Училишна клима* | % | % | % | % | *x* |
| наставници | 0,0 | 26,2 | 63,6 | 10,3 | 2,7 | *1.ПОКАЗАТЕЛ – Углед и промоција на училиштето* | 0,9 | 33,6 | 59,8 | 5,6 | 2,6 |
| директори | 0,0 | 18,2 | 63,6 | 18,2 | 2,8 | | 0,0 | 18,2 | 72,7 | 9,1 | 2,8 |
| Педагошко–психолошки служби | 4,2 | 33,3 | 62,5 | 0,0 | 2,6 | | 0,0 | 37,5 | 62,5 | 0,0 | 2,6 |
| наставници | 0,0 | 21,5 | 71,0 | 7,5 | 2,8 | *2.ПОКАЗАТЕЛ – Атмосфера и меѓучовечки односи* | 0,0 | 15,0 | 82,2 | 2,8 | 2,8 |
| директори | 0,0 | 18,2 | 72,7 | 9,1 | 2,8 | | 0,0 | 0,0 | 90,9 | 9,1 | 3 |
| Педагошко–психолошки служби | 0,0 | 25,0 | 75,0 | 0,0 | 2,8 | | 0,0 | 20,8 | 79,2 | 0,0 | 2,8 |
| наставници | 0,0 | 23,4 | 66,4 | 10,3 | 2,7 | *3.ПОКАЗАТЕЛ – Партнерство со родителите, училишниот одбор и локалната заедница* | 0,0 | 29,9 | 64,5 | 5,6 | 2,7 |
| директори | 0,0 | 9,1 | 72,7 | 18,2 | 2,9 | | 0,0 | 18,2 | 81,8 | 0,0 | 2,8 |
| Педагошко–психолошки служби | 0,0 | 25,0 | 75,0 | 0,0 | 2,8 | | 0,0 | 50,0 | 50,0 | 0,0 | 2,5 |

Табела бр. 44

Поголемиот број од испитаните наставници, директори и педагошко – психолошки служби мислат дека показателот „углед и промоција на училиштето“ во потполност бил испитуван во досегашната практика и дека многу е значаен за индикаторот 5 – **„училишна клима“.** 33,3% од педагошко – психолошките служби тврдат дека делумно бил испитуван овој показател.

Наставниците, директорите и педагошко – психолошките служби мислат дека показателот „атмосфера и меѓучовечки односи“ многу е значаен за показателот 5 и дека во потполност е испитуван во досегашната практика. Кај директорите се забележува аритметичка средина 3 за значајноста на овој показател.

Кога станува збор за показателот „партнерство со родителите, училишниот одбор и локалната заедница“, поголемиот број од наставниците, директорите и педагошко – психолошките служби се сложуваат дека овој показател во потполност бил испитуван во досегашната практика. На прашањето колку е значаен овој показател за индикаторот 5,

50% од педагошко – психолошките служби мислат дека многу е значаен, а останатите 50% сметаат дека е значаен.

**<u>Компаративна анализа и интерпретација на мислењата на наставниците, директорите и педагошко – психолошките служби за индикаторот 6 – „ресурси“</u>**

| | воопшто не | делумно | да, во потполност | не одговориле | | ИНДИКАТОР 6 | не е значаен | значаен | многу е значаен | не одговориле | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | % | % | % | % | x | Ресурси | % | % | % | % | x |
| наставници | 0,9 | 23,4 | 65,4 | 10,3 | 2,7 | 1.ПОКАЗАТЕЛ – Човечки ресурси | 0,0 | 34,6 | 59,8 | 5,6 | 2,6 |
| директори | 0,0 | 18,2 | 63,6 | 18,2 | 2,8 | | 0,0 | 9,1 | 90,9 | 0,0 | 2,9 |
| Педагошко–психолошки служби | 0,0 | 20,8 | 79,2 | 0,0 | 2,8 | | 0,0 | 25,0 | 66,7 | 8,3 | 2,7 |
| наставници | 1,9 | 20,6 | 67,3 | 10,3 | 2,7 | 2.ПОКАЗАТЕЛ – Материјално технички ресурси | 0,0 | 36,4 | 57,9 | 5,6 | 2,6 |
| директори | 0,0 | 27,3 | 54,5 | 18,2 | 2,7 | | 0,0 | 9,1 | 90,9 | 0,0 | 2,9 |
| Педагошко–психолошки служби | 0,0 | 33,3 | 66,7 | 0,0 | 2,7 | | 0,0 | 29,2 | 62,5 | 8,3 | 2,7 |
| наставници | 0,0 | 35,5 | 52,3 | 12,1 | 2,6 | 3.ПОКАЗАТЕЛ – Финансиски ресурси | 0,0 | 43,9 | 48,6 | 7,5 | 2,5 |
| директори | 0,0 | 27,3 | 54,5 | 18,2 | 2,7 | | 0,0 | 9,1 | 90,9 | 0,0 | 2,9 |
| Педагошко–психолошки служби | 4,2 | 41,7 | 54,2 | 0,0 | 2,5 | | 0,0 | 29,2 | 62,5 | 8,3 | 2,7 |
| наставници | 9,3 | 24,3 | 58,9 | 7,5 | 2,5 | 4.ПОКАЗАТЕЛ – Ресурси на локалната средина | 0,0 | 48,6 | 48,6 | 2,8 | 2,5 |
| директори | 0,0 | 27,3 | 54,5 | 18,2 | 2,7 | | 0,0 | 9,1 | 90,9 | 0,0 | 2,9 |
| Педагошко–психолошки служби | 0,0 | 33,3 | 66,7 | 0,0 | 2,7 | | 0,0 | 54,2 | 45,8 | 0,0 | 2,5 |

Табела бр. 45

Наставниците, директорите и педагошко – психолошките служби се сложуваат дека показателот „човечки ресурси“ во потполност е испитуван во досегашната практика и дека многу е значаен за индикаторот 6 – **„ресурси“.**

Исто како и кај претходниот показател и кај показателот „материјално технички ресурси“ испитаниците се сложуваат дека многу е значаен и дека во потполност бил испитуван во досегашната практика.

Кај показателот „финансиски ресурси“ добивме интересни резултати. Точно е дека поголемиот број од трите групи на испитаници се сложуваат дека овој показател многу е значаен за индикаторот 6 и дека во потполност бил ис питуван во досегашната практика, но 35,5% од наставниците тврдат дека овој показател делумно бил испитуван, а 43,9% од

нив мислат дека е значаен. 41,7% од педагошко – психолошките служби тврдат дека делумно бил испитуван овој показател во досегашната практика.

Исто како кај претходниот показател и кај показателот „ресурси на локалната средина“ забележавме доста интересни резултати. Поголемиот број од трите испитани групи се сложуваат дека овој показател во потполност бил испитуван во досегашната практика, но 33,3% од педагошко – психолошките служби тврдат дека делумно бил испитуван. Кај наставниците во врска со значајноста на овој показател мислењата се поделени. 48,6% од нив мислат дека многу е значаен овој показател, а исто толкав број мислат дека е значаен. Кај педагошко – психолошките служби поголем е бројот (54,2%) на оние кои мислат дека овој показател е значаен за индикаторот 6, од оние (45,8%) кои мислат дека многу е значаен.

Компаративна анализа и интерпретација на мислењата на наставниците, директорите и педагошко – психолошките служби за индикаторот 7 – **„раководење, организација и обезбедување на квалитет“**

| | воопшто не | делумно | да, во потполност | не одговориле | | *ИНДИКАТОР 7* | не е значаен | значаен | многу е значаен | не одговориле | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | % | % | % | % | x | ***Раководење, организација и обезбедување на квалитет*** | % | % | % | % | x |
| наставници | 0,0 | 16,8 | 71,0 | 12,1 | 2,8 | | 0,0 | 15,8 | 75,7 | 9,3 | 2,8 |
| директори | 0,0 | 9,1 | 72,7 | 18,2 | 2,9 | *1.ПОКАЗАТЕЛ – Раководење* | 0,0 | 18,2 | 81,8 | 0,0 | 2,8 |
| Педагошко–психолошки служби | 0,0 | 8,3 | 91,7 | 0,0 | 2,9 | | 0,0 | 4,2 | 95,8 | 0,0 | 3 |
| наставници | 0,0 | 15,0 | 79,4 | 5,6 | 2,8 | | 0,0 | 11,2 | 86,0 | 2,8 | 2,9 |
| директори | 0,0 | 9,1 | 72,7 | 18,2 | 2,9 | *2.ПОКАЗАТЕЛ – Организација на работата на училиштето* | 0,0 | 9,1 | 90,9 | 0,0 | 2,9 |
| Педагошко–психолошки служби | 0,0 | 16,7 | 83,3 | 0,0 | 2,8 | | 0,0 | 8,3 | 91,7 | 0,0 | 2,9 |
| наставници | 0,0 | 26,2 | 63,6 | 10,3 | 2,7 | | 0,0 | 20,6 | 72,0 | 7,5 | 2,8 |
| директори | 0,0 | 9,1 | 72,7 | 18,2 | 2,9 | *3.ПОКАЗАТЕЛ – Училишен развоен план* | 0,0 | 18,2 | 81,8 | 0,0 | 2,8 |
| Педагошко–психолошки служби | 0,0 | 20,8 | 79,2 | 0,0 | 2,8 | | 0,0 | 33,3 | 66,7 | 0,0 | 2,7 |
| наставници | 5,6 | 19,6 | 64,5 | 10,3 | 2,7 | | 0,0 | 16,8 | 75,7 | 7,5 | 2,8 |
| директори | 0,0 | 9,1 | 72,7 | 18,2 | 2,9 | *4.ПОКАЗАТЕЛ – Обезбедување на квалитет* | 0,0 | 9,1 | 90,9 | 0,0 | 2,9 |
| Педагошко–психолошки служби | 0,0 | 29,2 | 70,8 | 0,0 | 2,7 | | 0,0 | 12,5 | 87,5 | 0,0 | 2,9 |

Табела бр. 46

За показателот „раководење“ најголемиот број од сите три групи испитаници се сложуваат дека овој показател многу е значаен за индикаторот 7 - **Раководење, организација и обезбедување на квалитет** и дека во потполност бил испитуван во досегашната практика.

Исто како кај претходниот показател и кај показателот „организација на работата на училиштето“, сите три групи испитаници се сложуваат дека во потполност е испитуван и дека многу е значаен за индикаторот 7.

За показателите „училишен развоен план“ и „обезбедување на квалитет“ добивме слични резултати како кај претходните два показатели. Нема големи разлики во мислењата на наставниците, директорите и педагошко – психолошките служби.

## Мислења и предлози на испитаните групи за индикаторите

Покрај дадените мислења за значајноста на показателите и за тоа колку биле испитувани овие показатели во досегашната практика, од испитаниците беше побарано да дадат свои мислења и предлози во врска со поодделните индикатори или дали на некој индикатор би му додале уште некој показател доколку според нив не е опфатен во дадените индикатори.

За индикаторот 1 – „Училишна програма и годишна програма на работа на училиштето“ ги добивме следниве предлози и мислења: Некои од испитаниците сметаат дека во индикаторот 1, покрај дадените показатели, како показател треба да се додаде и „Годишните програми на директорот“, „Училишен одбор“, „Совет на родители“.

За индикаторот 2 – „Постигањата на учениците“, некои од испитаниците мислат дека е „потребно да се направи компарација со досегашните постигнувања и постигањата на учениците во наредниот степен на образование“. Други сметаат дека „Самооценувањето помеѓу учениците како значаен мотиватор за нивните постигнувања“ треба да се додаде во индикаторот 2.

За индикаторот 3 – „Учење и настава“, покрај дадените показатели некои испитаници предлагаат показател кој би гласел: „Идентификување на образовните потреби на учениците“

За индикаторот 4 – „Поддршката / помошта на учениците“ ги добивме следните предлози: Во овој индикатор да се формира показател за „Грижата на учениците од социјално загрозените семејства“ и показател за „Следење на напредокот и водење на евиденција за индивидуален напредок на учениците“, како и „Компаративни анализи корисни за во иднина“.

За индикаторот 5 – „Училишна клима“, покрај дадените показатели испитаниците предлагаат показатели кои би се однесувале на „Промовирање на постигањата“, „Промовирање на личните постигнувања на учениците“, „Еднаквост и правичност“, „Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот“. Други „сметаат дека соработката со родителите треба да биде на повисоко ниво“ и „поголема грижа на родителите за успехот и поведението на децата“.

За индикаторот 6 – „Ресурси“ и за индикаторот 7 – „Раководење, организација и обезбедување на квалитет“, немаше посебни предлози од испитаниците со што заклучивме дека добро се дефинирани показателите во овие индикатори.

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Истражувањето за значењето на показателите за соодветниот индикатор за самоевалуација во основното училиште не доведе до доста значајни сознанија, корисни за основните училишта во Република Македонија и за субјектите во нив.

Заклучните согледувања од добиените резултати ги групиравме во седум поднаслови онолку колку што има индикатори.

## *Заклучни согледувања од резултатите од индикаторот 1 –* ***„училишна програма и годишна програма на работа на училиштето“***

Од добиените податоци за индикаторот 1, за кој што беа испитувани директорите на училиштата заклучивме дека предвидените показатели во овој индикатор „училишна програма“ и „годишна програма на работа на училиштето“ се доста значајни за овој индикатор и според изведената самоевалуација во испитаните училишта дојдовме до сознанија дека во потполност биле испитувани во досегашната практика. Покрај овие показатели во овој индикатор предложени беа и показатели кои би гласеле: „Годишните програми на директорот“, „Училишен одбор“, „Совет на родители“, што секако училиштата имаат слобода да ги воведат при изведување на самоевалуацијата во овој индикатор или можеби во некој друг индикатор (пр. Предлогот за показателот „Совет на родители“ можеби е подобро да се стави како показател во индикаторот 4 – „Поддршката / помошта на учениците“ или во индикаторот 5 – „Училишна клима“)

### *Заклучни согледувања од резултатите од индикаторот 2 –* ***„постигања на учениците“***

Индикаторот 2 беше составен од пет показатели за кои што подетално беа испитувани наставниците. Според нивните мислења заклучивме дека показателите „евиденција на оценките и успехот“, „квалитетот на знаењата“, „мотивираноста на учениците“ и „вредности кај учениците“ многу се значајни за индикаторот 2, додека показателот „приемни и квалификациони испити, натпревари“ не доволно е значаен за овој индикатор. На прашањето: „Колку показателите во индикаторот 2 биле испитувани во досегашната практика?“ дојдовме до следниве податоци: Показателите „евиденција на оценките и успехот“, „квалитетот на знаењата“ и „мотивираноста на учениците“ во потполност биле испитувани во досегашната практика, додека показателите „приемни и квалификациони испити, натпревари“ и „вредности кај учениците“ делумно биле испитувани во досегашната практика. Си го поставуваме прашањето: Дали показателот „приемни и квалификациони испити, натпревари“ не е доволно значаен за наставниците бидејќи делумно бил испитуван во училиштата или обратно.

Покрај петте показатели во индикаторот 2 наставниците ја потенцираат и потребата од компарација на досегашните постигнувања и постигањата на учениците во наредниот степен на образование, што секако е голем чекор, но и одлична цел на целокупниот воспитно – образовен систем во иднина. Исто така сметаат дека самооценувањето помеѓу учениците е значаен мотиватор за нивните постигнувања, што можеби треба да се смести како показател во овој индикатор.

### *Заклучни согледувања од резултатите од индикаторот 3* *–* ***„учење и настава“***

Од податоците добиени за индикаторот 3 за кои што беа испитувани наставниците во предвидените училишта заклучуваме дека показателите во овој индикатор: „планирање и припремање“, „наставен процес“, „учење“ и „следење на напредувањето на учениците“,

многу се значајни за индикаторот 3 и во потполност биле испитувани во досегашната практика, во училиштата каде беше извршено истражувањето. Наставниците предлагаат уште еден показател во овој индикатор кој би гласел: „Идентификување на образовните потреби на учениците“, кој можеби е подобро да се стави во индикаторот 2 – „Постигањата на учениците“ или во индикаторот 4 – „Поддршката / помошта на учениците“.

### *Заклучни согледувања од резултатите од индикаторот 4*
### ***– „поддршката / помошта на учениците“***

За показателите во индикаторот 4 беа забележани мислењата на трите групи – наставниците, директорите и педагошко – психолошките служби. Врз основа на добиените податоци заклучуваме: за показателот „грижа за учениците“ трите групи се согласија дека многу е значаен и во потполност бил испитуван во досегашната практика. Исто и показателот „поддршка на учењето“, многу е значаен за индикаторот 4 и во потполност бил испитуван во досегашната практика при изведување на самоевалуација во избраните училишта. Показателот „личен и социјален развој“ исто како и претходните два, многу е значаен за индикаторот 4 и во потполност бил испитуван во досегашната практика, иако еден поголем дел од директорите мислат дека делумно бил испитуван овој показател во изведената самоевалуација во нивното училиште. Слични заклучоци имаме и кај последниот показател во овој индикатор, „професионална ориентација“. Најголемиот број од испитаниците мислат дека во потполно е испитуван и е многу значаен за индикаторот 4, но еден поголем број од наставниците и педагошко – психолошките служби тврдат дека овој показател делумно бил испитуван во досегашната практика.

За показателите од индикаторот 4 – „поддршката / помошта на учениците“, од испитаниците добивме предлози за нови показатели во овој индикатор како: „Грижата на учениците од социјално загрозените семејства“, „Следење на напредокот и водење на евиденција за индивидуален напредок на учениците“ и „Компаративни анализи корисни за во иднина“. Сметаме дека предложениот показател „Следење на напредокот и водење на евиденција за индивидуален напредок на учениците“ можеби е подобро да го најде своето

место во индикаторот 2 – „постигањата на учениците". Додека пак за предложениот показател „Компаративни анализи корисни за во иднина", сметаме дека вака дефиниран показател би требало да ја изостави самоевалуацијта, односно седумте индикатори, бидејќи после два или три пати спроведена самоевалуација на ниво на училиште, секако дека треба да се извршат компаративни анализи корисни за во иднина со цел да се подобри самоевалуацијата во училиштето планирана за наредниот период.

## *Заклучни согледувања од резултатите од индикаторот 5 – **„училишна клима"***

За индикаторот 5 беа испитувани мислењата на трите групи испитаници. Според нивните тврдења заклучивме дека показателот „углед и промоција на училиштето" во потполност бил испитуван во досегашната практика и дека многу е значаен за индикаторот 5, иако голем број од наставниците и педагошките служби мислат дека делумно бил испитуван. За вториот показател „атмосфера и меѓучовечки односи" заклучуваме дека многу е значаен и во потполност бил испитуван во досегашната практика, посебно директорите ја нагласија значајноста на овој показател за индикаторот 5. За показателот „партнерство со родителите, училишниот одбор и локалната заедница", наставниците, директорите и педагошко – психолошките служби се сложуваат дека овој показател во потполност бил испитуван во досегашната практика. Мислењата на педагошко – психолошките служби за значајноста на овој показател се поделени.

Од испитаниците добивме предлози за нови показатели во индикаторот 5 кои би гласеле: „Промовирање на постигањата", „Промовирање на личните постигнувања на учениците", „Еднаквост и правичност", „Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот". Имаше и такви кои „сметаат дека соработката со родителите треба да биде на повисоко ниво" и „поголема грижа на родителите за успехот и поведението на децата".

За предложените показатели „Промовирање на постигањата" и „Промовирање на личните постигнувања на учениците", сметаме дека подобро е да се сместат во индикаторот 2 – „постигањата на учениците". Додека „за соработката со родителите и грижата на родителите за успехот на децата", мислиме дека само би се повторувале,

бидејќи веќе постои показател во овој индикатор кој ја опфаќа оваа проблематика и гласи: „партнерство со родителите, училишниот одбор и локалната заедница“.

## *Заклучни согледувања од резултатите од индикаторот 6 – **„ресурси“***

За индикаторот 6 испитувани беа мислењата на наставниците, директорите и педагошко – психолошките служби. Во врска со првите два показатели „човечки ресурси“ и „материјално технички ресурси“ најголемиот дел од испитаниците се сложија дека во потполност биле испитувани при изведувањето на самоевалуацијата во нивните училишта и дека се многу значајни за овај ондикатор.

За показателот „финансиски ресурси“ поголемиот број од испитаниците се сложуваат дека е многу значаен, но има и голем број од наставниците и педагошко – психолошките служби што сметаат дека делумно бил испитуван во досегашната практика и помалку е значаен. Си го поставуваме прашањето: „Зошто овие две групи на испитаници го делат ова мислење за показателот „финансиски ресурси“? Или можеби финансиите се надвор од нивниот домен на работа, па не се доволно инволвирани по ова прашање.

Исто како кај претходниот показател и кај показателот „ресурси на локалната средина“ директорите не го делат во потполност мислењето со наставниците и педагошко – психолошките служби. Директорите мислат дека овој показател во потполност бил испитуван во досегашната практика и дека многу е значаен, поголемиот број од педагошките служби и голем број од наставниците мислат дека помалку е значаен за индикаторот „ресурси“

Според тоа што не добивме предлози за нови показатели во овој индикатор, заклучуваме дека индикаторот „ресурси“ е комплетен во својот обем и во потполност ги задоволува потребите на самоевалуацијата во едно училиште кога станува збор за ресурсите во училиштето.

## *Заклучни согледувања од резултатите од индикаторот 7* ***– „раководење, организација и обезбедување на квалитет“***

Како и кај претходните три индикатори и во индикаторот 7 испитувани беа мислењата на трите групи испитаници. Индикаторот 7 ги опфаќа показателите „раководење“, „организација на работата на училиштето“, „училишен развоен план“ и „обезбедување на квалитет“. Според резултатите добиени од истражувањето заклучуваме дека овој индикатор е комплетен, бидејќи поголемиот број од испитаниците мислат дека показателите во овој индикатор се многу значајни и во потполност биле испитувани во досегашната практика. Исто така не добивме и посебни предлози за нови показатели во овој индикатор.

* * *

Согледувајќи ги добиените резултати чиј што предмет на истражување беше: **Утврдување на значењето на показателите за соодветниот индикатор за самоевалуација во основното училиште,** доаѓаме до заклучок дека се потврди општата хипотеза која гласеше:

***Предложените показатели се соодветни и значајни за проценување на индикаторите во процесот на училишната самоевалуација.***

## Заклучок

Со структурата на самоевалуацијата, нејзините индикатори и показатели се овозможува едноставен пристап во спроведувањето на самоевалуацијата во училиштата. Индикаторите на самоевалуација помагаат во анализирање на важните приоритети, значајни за квалитетот на училиштето, кои што помагаат во анализата на постоечката состојба, но и се значајни за планот за развој на училиштето.

На државно ниво, важен е заедничкиот став дека квалитетот во образованието е одговорност на сите вклучени во него.

Самоевалуацијата во училиштето има смисла доколку води кон остварување на замислените промени. Училиштата ја остваруваат со помош на сопствените човечки ресурси и секако со развојните можности. Таа допринесува за ширење на културата на квалитет во образованието. Им помага на училиштата самоиницијативно да го креираат сопствениот развој, со што ќе овозможат поголема одговорност и контрола во поддршката што им ја даваат на своите ученици со цел да се стекнат со поквалитетно образование. Им дава можност да бидат посистематични, полноважни и достапни на останатите училишта, родителите и јавноста.

Разгледувањето на училиштата преку призмата на самоевалуацијата и нејзиното прифаќање како дел од природата на училишната практика, претставува начин истите да станат подобри места за учење.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Адамческа,С.(1996), *Активна настава,* Скопје: Легис
2. Airasian, P.W. (2004), *Assessment in the Classroom,* 6th addition NY: McGraw Hill
3. Alvik,T.(1997), *School Self – Evaluation: A Whole School Approach*, Dundee, CIDREE Colaborative Project, Scottish Consultative Council on the Curriculum
4. Ангелоска – Галевска, Н.(1998), *Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието*, Битола: Киро Дандаро
5. Anderson, L., Krathwohl, D. (2001) *A Tahonomy for Learning, Teaching and Assessing: A revision of Blooms Tahonomy of Educational Objectives*, New York: Longman
6. Assessment Reform Group (2002), *Assessment for learning: 10 Principles,* Reasearch – based principles to guide classroom practice
7. Атанасоска,Т., Петрова Ѓорѓева,Е.(2006), *Општа педагогија,* Битола: Педагошки факултет
8. Атанасоска Т. (2008), *Менаџирање во училница* Битола: Педагошки факултет
9. Barber, M. (1996), *The Learning Game: Arguments for an Education Revolution,* London: Victor Gollanz
10. Becaj, J. (2000), *Je bolje ocenjevati ali prevarjati?,* Vzgoja in izobrazevanje, br. 2-3 Ljubljana
11. Биро за развој на образованието, (2005), *Оценувањето на постигањата на учениците и педагошката документација,* Скопје:Биро за развој на образованието
12. Black, P., Harrison, C., Lee, C., Marshall, B., Wiliam, D. (2003), Assessment for learning. Putting it into practice, Berkshire: Open University Press
13. Bognar,L.,Matijevic,M.(2002), *Didaktika,* Zagreb: Skolska knjiga
14. Кожух,Б., Ангелоска – Галевска, Н. (2008), Статистичка анализа на податоци, Скопје: Филозофски факултет
15. Bruner,J.(2000), *Kultura obrazovanja*, Zagreb:Educa
16. Bryman, A. (1993), *Quantity and Quality in Social Reasearch*, London: Routledge
17. Вилотијевич, М.(1996), *Програмирање у функцији ефикасније организације и управљања школом,* Београд: Учитељски факултет - ЦУРО

18. Вилотијевич, М.(1999), *Дидактика (Предмет дидактике),* Београд: Научна книга, Учитељски факултет – ЦУРО
19. Вилотијевич, М.(1999), *Дидактика (Организација наставе),* Београд: Завод за уџбенике и наставна средства, Учитељски факултет
20. Gasic – Pavisic,S.(2005), *Modeli razredne discipline*,Beograd: Institut za pedagoska istrazivanja
21. Гоцевски, Т.(1992), *Економика на образованието*, Скопје: Просветно дело
22. Gray,J., Wilcox,B. (1995), *Good School. Bad School: Evaluating Performance and Encouraging Improvement*, Milton Keynes, Open University Press
23. Grgin,T.(2001), *Skolsko ocjenjivanje znanja*, Jastrebarsko: „Naklada Slap“
24. Davies, D., Rudd, P.E. (2001), *Evaluating School Self – Evaluation,* Slough: National Foundation for Educational Research
25. Дамјановски, А.(1989), *Ученикот во наставата*, Скопје: Просветно дело
26. Дамјановски, А.(1993), *Индивидуализација на наставата*, Скопје: Просветно дело
27. Дамовска,Л.(2001), *Компатибилноста на предучилишното со основното воспитание и образование*,Скопје: Круг
28. Department for Education and Skills. (2003), *Every Child Matters,* London: HMSO
29. Department for Education and Skills. (2004*), A New Relationship with Schools: School Improvement Partners Brief*, London: DfES
30. Department for Education and Skills. (2004), *Strategies for Improuving Schools: A Handbook for School Improuvement Partners,* London: DfES
31. Department for Education and Skills. (2006), *A vision for teaching and learning in 2020*, London: DfES Publications
32. Department of education and Early Childhood Development (2009) *School Self – Evaluation Guidelines 2010,* Department of education and Early Childhood Development, Melbourne: School Improvement Division
33. European Comission SICI, Directorate – General of Education and Culture, (2001), *Effective school self – evaluatino (ESSE) project, School self – evaluation In thirteen european countries/regions* (www.sici.org)

34. Zavod za udzbenike i nastavna sredstva.,Institut za preduzetnistvo.,Tehnicki fakultet „Mihajlo Pupin".(1998), *Skole i kvalitet*, Beograd: Zavod za udzbenike i nastavna sredstva., Institut za preduzetnistvo., Tehnicki fakultet „Mihajlo Pupin"

35. *Закон за изменување и дополнување на законот за основното образование*, (2010) Службен весник на РМ, бр.33

36. Jelavic,F.(1998), *Didaktika*, Jastrebarsko: „Naklada Slap"

37. Камчева – Лакинска,Б.(1996),*Самостојната работа на ученикот со учебник и друг печатен текст во наставата на основното училиште*, Кавадарци: Даскал Камче

38. Klafki,W.,Wolfgang,S.,VonCube,F.,Moller,C.,Winkel,R.,Blankertz,H.(1994), *Didakticke teorije*, Zagreb: Educa

39. Knezevic,V.(1981), *Modeli ucenja i nastave*, Beograd: Prosveta

40. Knezevic,V.(1986), *Strukturne teorije nastave*, Beograd: Prosveta

41. Komljanc, N. (2004), *Vloga povratne informacije v uспет procesu*, Sodobna pedagogika, br. 1, Ljubljana

42. Кочанковски,С.(2004), *Стилови на учење, типови на личност и училишен успех,* Битола: Универзитет „Св. Климент Охридски", Педагошки факултет

43. Kreativni centar (2001), *Kako biti uspesan nastavnik,* Beograd: Kreativni centar

44. Лакинска, Б. (1997), *Односот меѓу целите во наставата и оценувањето на успехот на учениците,* во Зборник на трудови од меѓународниот симпозиум на тема: Оценување на постигањата на учениците, Скопје

45. Linn, R.L., Miller, M.D. (2005), *Mesurement and assessment in teaching* ($9^{th}$ Ed.) Upper Saddle River, NJ: Pearson Prentice Hall

46. MacBeath J., Turner,M. (1991*), Learning outh of School,* Glasgow:Scottish Education Department, Jordanhill College of Education

47. MacBeath J. (1999). *School must speak for themselves*, London: Routledge

48. MacBeath J., Jakobsen, L., Meuret, D., Schratz, M. (2000), *Self Evaluation in European Schools: A story of Change,* London: Routledge

49. MacBeath,J., McGlynn,A.(2002), *Self – evaluation What's in it for schools?*, London: RoutledgeFalmer

50. MacBeath J. (2004), *Self Evaluation: A Guide for School Leaders,* London: National College of School Leadership

51. Mac Beath, J., Oduro, G. (2005), *Self Evaluation and Inspection: A new Relationship?* London: National Union of Teachers
52. MacBeath J. (2006), *School Inspection and Self – Evaluation*, London: Routledge
53. Милошевска,М. (2007), *Постигањата на учениците како елемент за евалуација и самоевалуација на наставниците* (магистерски труд), Скопје: Филозофски факултет
54. Милошевска,М. (2008), *Самоевалуација (постигањата на учениците – успешност на наставникот),* Битола: Киро Дандаро
55. Министарство просвете и спорта (2005), *Приручник за самовредновање и вредновање рада школе*, Београд: British council: Просветни преглед
56. Министерство за образование и наука на Република Македонија (2006), *Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005 – 2015 со придружни програмски документи*, Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија
57. Министерство за образование и наука на Република Македонија, Проект за модернизација на образованието (2008), *Прирачник за развој на училиштата,* Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија
58. Мирасчиева, С. (2005), *Комуникацијата меѓу наставникот и ученикот во основното училиште*, Штип: Педагошки факултет „Гоце Делчев"
59. Мицковска, Г. (2003), Аналитичко оценување на ученичките проекти, Образовни рефлексии, бр.3-4/2003, Скопје
60. Murphy,J.(1993) *Restructuring Schools,* London: Cassell
61. Nelsen, J., Lott, L., Glenn, H. S. (1997), *Pozitive discipline in the classroom* USA: Prima Publishing
62. Nitko,A.,Brookhart, S.(2007), *Educational assessment of students*, 5th Edition. Pearson Merrill – Hill, NJ: Upper Saddle River
63. Nevo,D. (1995), *School – based Evaluation: A Dialogue for School Improvement*, Oxford: Pergamon
64. Office for Standards in Education, (1998), *Evaluation Matters*, London: Standards and Effectiveness Unit, Department for Education and Industry

65. OfSTED, (1995), *New Framework for School Inspection*, London: Standards and Effectivenness Unit, Department for Education

66. OfSTED, (2004), *The Common Inspection Framework for Inspecting Education and Training,* London: Ofsted

67. OfSTED, (2009) *SEF to Improvement Planing Handbook* OfSTED, London: Bristol City Council

68. Павловиќ – Бабиќ, Д. (2003), *Оцењивање оријентисано на исходе – Евалуација за развој,* Министерство просвете и спорта, Београд

69. *Педагошки речник 2*, Београд, 1967

70. Петковски, К. (1998), *Менаџмент во училиште,* Скопје: НИРО Просветен работник

71. Петковски К., Панева Б. (2003). *Нови аспекти на инспекторирањето во образованието* Скопје: Биро за развој на образованието - Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор"

72. Петковски, К., Ламева, Б., Миленковска, В. (2004), *Интегралната евалвација како основа за функционално инспекторирање,* Кочани: Европа 92

73. Петковски К., Алексова М. (2004). *Водење на динамично училиште,* Скопје: Биро за развој на образованието

74. Петковски К., Трајковска И. (2004). *Прирачник за развојно планирање на училиштето* Битола: Херакли – Комерц

75. Петковски К., Пеливанова Г. (2009). *Предизвиците на современото лидерство во образованието* Битола: Херакли – Комерц

76. Попоски, К. (1996), *Современи сфаќања за проверувањето и оценувањето на постигањата на учениците*, Скопје: МИС

77. Попоски, К. (1998),*Успешен наставник (самооценување и оценување),* Скопје: НИРО „Просветен работник"

78. Попоски, К.(2002), *Речник на термините од областа на постигањата на учениците*, Скопје: Македонска книга

79. Попоски, К. (2005),*Училишна докимологија (Следење, проверување и оценување на постигањата на учениците),* Скопје: Китано

80. Popham,W.J. (2005), *Classroom assessment. What teachers need to know.* 4$^{th}$ Edition

81. Razdevsek Pucko, C. (2004), *Formativno preverjanje znanja i vloga povratne informacije*, Sodobna pedagogika, br 1, Ljubljana
82. Ристевска, С. (1998), *Односот на наставникот кон личноста на ученикот,* Скопје: Педагошки завод на Македонија
83. Reynolds,D., Cuttance,P. (1992), *School Effectiveness: Reasearch, Policy and Practice,* London, Cassell
84. Rudduck, J., Flutter,J. (2004), *How to improve your school,* London:Continuum
85. Rutar Ilc, Z.(2003), *Pristopi k poucevanju, preverjanju in ocenjevanju, K novi kulturi pouka,* ZRSs, Ljubljana
86. Sammons,P., Hillman, J., Mortimore, P. (1994) *Key Characteristics of Effective Schools*, London, OFSTED
87. Sentocnik, S. (1999), Portfolio, instrument za procesno vrednotenje ucencevega in uciteljevega dela, Vzgoja in izobrazevanje, br.3. Ljubljana
88. Stevanovic, M. (2001), *Didaktika*, Rijeka: EDT Ekspres Digitalni Tisak
89. Stoll,L., Fink, D. (1996), *Changing our Schools,* Milton Keynes, Open University Press
90. Scottish Office Education Department, (1992), *Using Ethos Indicators in Primary School Self – Evaluation: Taking Account of the Vieves of Pupils, Parents and Teachers*, HM Inspectors of Schools
91. Scheerens,J. (1992), *Effective Schooling: Reasearch, Theory and Practise*, London: Cassell
92. Трајков, Б.(2003), *Оспособеноста на наставниците за самовреднување* (магистерски труд), Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Институт за социолошки и политичко – правни истражувања
93. Univerzitet Braca Karic Institut za preduzetnistvo., Zavod za udzbenike i nastavna sredstva.(1996), *Sistem kvaliteta u obrazovanju prema zahtevima serije standarda JUS ISO 9000*, Beograd: Univerzitet Braca Karic Institut za preduzetnistvo., Zavod za udzbenike i nastavna sredstva
94. УСАИД, Македонски центар за граѓанско образование, (2008) *Примена на стандардите за оценување на учениците*, Скопје: Македонски центар за граѓанско образование

95. Fullan,M.G(1991), *The New Meaning of Educational Change*, New York, Teachers College Press
96. Хавелка,Х., Хебиб, Е., Бауцан, А. (2003), *Оцењивање за развој ученика – приручник за наставнике,* Београд:Министарство просвете и спорта
97. H.M. Inspector of Schools, Aduit Unit, (1997), *How Good is Our School?,* Edinburgh: Scottish Office Education and Industry Department, HMSO
98. Howarth,R., Fisher,P.(2005), *Emotional and Behavioural Difficulties,* London:Continuum International Publishing Group
99. Hopkins, D., Ainscow,M., West,M. (1994), *School improvement in an era of change,* London: Redwood Books
100. Campbell, R.J., Neill, S.R. (1992), *Primary Teachers at Work,* London: Routledge
101. Clarke, S. (2001), *Interim report on the first term of the project Communicating learning intentions, developing success criteria and pupil self – evaluation,* Gillgham partnership formative Assessment projekt 2000 – 2001. www.aaai.org.uk
102. Clarke, S. (2005),*Unlocking Formative Assessment: Practical Strategies for Enhancing Pupils Learning in the Primary Classroom,* Hodder Murray
103. Џерарлд Ш. Т., Полч М. Д., Попоски К., Мицковска Г. (2008). *Примена на стандардите за оценување на учениците* Скопје: Македонски центар за граѓанско образование
104. Џорџевиќ, Ј. (1986), *Иновације у настави*, Београд: Институт за педагошка истраживања
105. Ward,A., M. Murray – Ward M. (1999), *Assessment in the classroom,* Wadswort Publishing company, London
106. Woodwart, G., Munns,H. (2003) Insiders Voices: *Self – Assessment and Student Engagement Paper* presented at New Zeland Association for Reasearch in Education (NZARE) and Australian Association for Reasearch in Education (ARRE) Joint Conference, Auckland 2003. Avaliable at http:// www.aare.edu.au/03pap/mun 03451.pdf

## ИНТЕРНЕТ ИЗВОРИ


www.aaai.org.uk

www.aare.edu.au/03pap/mun

www.assessment-reform-group.org.uk

www.dfes.gov.uk

www.dfes.gov.uk/citizenship/section.cfm?sectionID=1&hierachy=1&articleID=145

www.evergreen.edu/washcenter/resources/acl/e3.html

www.indiaeducation.net/careercenter/self_evaluation/

www.joe.org/joe/1999april/tt1.html

www.lboro.ac.uk/departments/sses/institutes/iys/nof/pages/selfeval.html

www.ncrel.org/sdrs/areas/issues/methods/assment/as5selfe.htm

www.ofsted.gov.uk/schools

www.positive-way.com/listenin.htm

www.sici.org.uk

www.standards.dfes.gov.uk/primary/profdev/primary/supportingselfevaluation/

www.teachernet.gov.uk/wholeschool/behaviour/tacklingbullying/racistbullying/preventing/selfevaluation/

www.flinders.edu.au/teach/t4l/evaluate/self.php

www.findarticles.com/p/articles/mi_qa4013/is_200204/ai_n9052155/pg_1

www.humanities.manchester.ac.uk/studyskills/self_evaluation/

www.wikipedia.org

www.2learn.ca/Projects/Together/evaluate.html

www.tedi.uq.edu.au/teaching/assessment/cra.html

www.adelaide.edu.au/clpd/evaluation/assessment/about/

www.learner.org/jnorth/tm/assessment/index.html

www.pep.org.mk/mk/resursi.html

www.pepocenuvanje.blogspot.com

# ПРИЛОЗИ:

# *ПРАШАЛНИК ЗА ДИРЕКТОРИ* *ИБ ________*

*Почитуван Директоре,*

*Ве молиме да го дадете вашето мислење, со цел да помогнете во истражувањето за значајноста на показателите за одделните индикатори за самоевалуација. Прашалникот е анонимен, а со искреноста на вашите одговори ке помогнете во креирањето на индикаторите и показателите за самоевалуација што секако ке бидат од голема полза за основните училишта во нашата земја.*

*Во вашето училиште доставивме и придружен материјал кој ке ви помогне во пополнувањето на овој прашалник. Препорачуваме да го разгледате пред да ги дадете вашите одговори.*

*Однапред ви благодариме!*

**ИНФОРМАЦИИ ЗА ВАС**

**Основно училиште** __________________________ **општина** ______________________

| Пол | Степен на образование | Работно искуство |
|---|---|---|
| **а)** женски | **а)** ССС | **а)** до 10 години |
| | **б)** ВПШ | **б)** од 10 до 20 години |
| **б)** машки | **в)** ВСС | **в)** над 20 години |
| | **г)** М-р | |

**Забелешка: само еден избор во секоја колона*

*Дали во вашето училиште е вршена самоевалуација?*

*Доколку одговорот е позитивен на левата страна на скалите за процена обележете кои показатели **биле испитувани** и мерени во досегашната практика. На десната страна од скалата оценете со X колку според ваше мислење споменатите показатели **се значајни** и треба да бидат вклучени во процесот на самоевалуација.*

| ***воопшто не*** | ***делумно*** | ***да, во потполност*** | ***ИНДИКАТОР 1 Училишна програма и годишна програма на работа на училиштето*** | ***не е значаен*** | ***значаен*** | ***многу е значаен*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | *1.ПОКАЗАТЕЛ - Училишна програма* | | | |
| | | | *2. ПОКАЗАТЕЛ - Годишна програма* | | | |

*Доколку сметате дека за индикаторот „Училишна програма и годишна програма на работа на училиштето" треба да се опфати уште некој показател (нема опфатено некој показател), наведете кој, или слободно дадете го вашето мислење или предлог во врска со овој индикатор.*
*Коментар:*

| ***воопшто не*** | ***делумно*** | ***да, во потполност*** | ***ИНДИКАТОР 4 Поддршката / помошта на учениците*** | ***не е значаен*** | ***значаен*** | ***многу е значаен*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | *3.ПОКАЗАТЕЛ - Грижа за учениците* | | | |
| | | | *4.ПОКАЗАТЕЛ - Поддршка на учењето* | | | |
| | | | *5.ПОКАЗАТЕЛ - Личен и социјален развој* | | | |
| | | | *6.ПОКАЗАТЕЛ - Професионална ориентација* | | | |

*Доколку сметате дека индикаторот „поддршката / помошта на учениците" нема опфатено некој показател, наведете кој, или слободно дадете го вашето мислење или предлог во врска со овој индикатор.*
*Коментар:*

| *воопшто не* | *делумно* | *да, во потполност* | ***ИНДИКАТОР 5*** ***Училишна клима*** | *не е значаен* | *значаен* | *многу е значаен* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | *7.ПОКАЗАТЕЛ - Углед и промоција на училиштето* | | | |
| | | | *8.ПОКАЗАТЕЛ - Атмосфера и меѓучовечки односи* | | | |
| | | | *9.ПОКАЗАТЕЛ - Партнерство со родителите, училишниот одбор и локалната заедница* | | | |

*Доколку сметате дека индикаторот „училишна клима" нема опфатено некој показател, наведете кој, или слободно дадете го вашето мислење или предлог во врска со овој индикатор. Коментар:*

| *воопшто не* | *делумно* | *да, во потполност* | ***ИНДИКАТОР 6*** ***Ресурси*** | *не е значаен* | *значаен* | *многу е значаен* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | *10.ПОКАЗАТЕЛ - Човечки ресурси* | | | |
| | | | *11.ПОКАЗАТЕЛ - Материјално технички ресурси* | | | |
| | | | *12.ПОКАЗАТЕЛ - Финансиски ресурси* | | | |
| | | | *13.ПОКАЗАТЕЛ - Ресурси на локалната средина* | | | |

*Доколку сметате дека индикаторот „ресурси" нема опфатено некој показател, наведете кој, или слободно дадете го вашето мислење или предлог во врска со овој индикатор. Коментар:*

| *воопшто не* | *делумно* | *да, во потполност* | ***ИНДИКАТОР 7 Раководење, организација и обезбедување на квалитет*** | *не е значаен* | *значаен* | *многу е значаен* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | *14. ПОКАЗАТЕЛ - Раководење* | | | |
| | | | *15. ПОКАЗАТЕЛ - Организација на работата на училиштето* | | | |
| | | | *16. ПОКАЗАТЕЛ - Училишен развоен план* | | | |
| | | | *17. ПОКАЗАТЕЛ - Обезбедување на квалитет* | | | |

*Доколку сметате дека индикаторот „раководење, организација и обезбедување на квалитет“ нема опфатено некој показател, наведете кој, или слободно дадете го вашето мислење или предлог во врска со овој индикатор.*

*Коментар:*

*Ви благодариме на поддршката!*

## *ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВНИЦИ* *ИБ* ________

*Почитуван Наставнику,*

*Ве молиме да го дадете вашето мислење, со цел да помогнете во истражувањето за значајноста на показателите за одделните индикатори за самоевалуација. Прашалникот е анонимен, а со искреноста на вашите одговори ке помогнете во креирањето на индикаторите и показателите за самоевалуација што секако ке бидат од голема полза за основните училишта во нашата земја.*

*Во вашето училиште доставивме и придружен материјал кој ке ви помогне во пополнувањето на овој прашалник. Препорачуваме да го разгледате пред да ги дадете вашите одговори.*

*Однапред ви благодариме!*

**ИНФОРМАЦИИ ЗА ВАС**

**Основно училиште** ________________________ **општина** ____________________

| **Пол** | **Степен на образование** | **Работно искуство** | **Работно место** |
|---|---|---|---|
| а) женски<br><br>б) машки | а) ССС<br><br>б) ВПШ<br><br>в) ВСС<br><br>г) М-р | а) до 10 години<br><br>б) од 10 до 20 години<br><br>в) над 20 години | а) одделенски наставник во I одд<br><br>б) одделенски наставник во II одд<br><br>в) одделенски наставник во III одд<br><br>в) одделенски наставник во IV одд |

**Забелешка: само еден избор во секоја колона*

*Дали во вашето училиште е вршена самоевалуација?*

*Доколку одговорот е позитивен на левата страна на скалите за процена обележете кои показатели **биле испитувани** и мерени во досегашната практика. На десната страна од скалата оценете со X колку според ваше мислење споменатите показатели **се значајни** и треба да бидат вклучени во процесот на самоевалуација.*

| ***воопшто не*** | ***делумно*** | ***да, во потполност*** | ***ИНДИКАТОР 2 Постигањата на учениците*** | ***не е значаен*** | ***значаен*** | ***многу е значаен*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | *1.ПОКАЗАТЕЛ - Евиденција на оценките и успехот* | | | |
| | | | *2. ПОКАЗАТЕЛ - Квалитетот на знаењата* | | | |
| | | | *3.ПОКАЗАТЕЛ - Приемни и квалификациони испити, натпревари* | | | |
| | | | *4.ПОКАЗАТЕЛ Мотивираноста на учениците* | | | |
| | | | *5.ПОКАЗАТЕЛ - Вредности кај учениците* | | | |

*Доколку сметате дека за индикаторот „постигањата на учениците" треба да се опфати уште некој показател (нема опфатено некој показател), наведете кој, или слободно дадете го вашето мислење или предлог во врска со овој индикатор.*
*Коментар:*

| ***воопшто не*** | ***делумно*** | ***да, во потполност*** | ***ИНДИКАТОР 3 Учење и настава*** | ***не е значаен*** | ***значаен*** | ***многу е значаен*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | *6.ПОКАЗАТЕЛ - Планирање и припремање* | | | |
| | | | *7.ПОКАЗАТЕЛ - Наставен процес* | | | |
| | | | *8.ПОКАЗАТЕЛ - Учење* | | | |
| | | | *9.ПОКАЗАТЕЛ - Следење на напредувањето на учениците* | | | |

*Доколку сметате дека индикаторот „учење и настава" нема опфатено некој показател, наведете кој, или слободно дадете го вашето мислење или предлог во врска со овој индикатор.*
*Коментар:*

| *воопшто не* | *делумно* | *да, во потполност* | ***ИНДИКАТОР 4 Поддршката / помошта на учениците*** | *не е значаен* | *значаен* | *многу е значаен* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | *10.ПОКАЗАТЕЛ - Грижа за учениците* | | | |
| | | | *11.ПОКАЗАТЕЛ - Поддршка на учењето* | | | |
| | | | *12.ПОКАЗАТЕЛ - Личен и социјален развој* | | | |
| | | | *13.ПОКАЗАТЕЛ - Професионална ориентација* | | | |

*Доколку сметате дека индикаторот „поддршката / помошта на учениците" нема опфатено некој показател, наведете кој, или слободно дадете го вашето мислење или предлог во врска со овој индикатор.*
*Коментар:*

| *воопшто не* | *делумно* | *да, во потполност* | ***ИНДИКАТОР 5 Училишна клима*** | *не е значаен* | *значаен* | *многу е значаен* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | *14.ПОКАЗАТЕЛ - Углед и промоција на училиштето* | | | |
| | | | *15.ПОКАЗАТЕЛ - Атмосфера и меѓучовечки односи* | | | |
| | | | *16.ПОКАЗАТЕЛ - Партнерство со родителите, училишниот одбор и локалната заедница* | | | |

*Доколку сметате дека индикаторот „училишна клима" нема опфатено некој показател, наведете кој, или слободно дадете го вашето мислење или предлог во врска со овој индикатор.*
*Коментар:*

| *воопшто не* | *делумно* | *да, во потполност* | ***ИНДИКАТОР 6 Ресурси*** | *не е значаен* | *значаен* | *многу е значаен* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | *17.ПОКАЗАТЕЛ - Човечки ресурси* | | | |
| | | | *18.ПОКАЗАТЕЛ - Материјално технички ресурси* | | | |
| | | | *19.ПОКАЗАТЕЛ - Финансиски ресурси* | | | |
| | | | *20.ПОКАЗАТЕЛ - Ресурси на локалната средина* | | | |

*Доколку сметате дека индикаторот „ресурси" нема опфатено некој показател, наведете кој, или слободно дадете го вашето мислење или предлог во врска со овој индикатор. Коментар:*

| *воопшто не* | *делумно* | *да, во потполност* | ***ИНДИКАТОР 7 Раководење, организација и обезбедување на квалитет*** | *не е значаен* | *значаен* | *многу е значаен* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | *21. ПОКАЗАТЕЛ - Раководење* | | | |
| | | | *22. ПОКАЗАТЕЛ - Организација на работата на училиштето* | | | |
| | | | *23. ПОКАЗАТЕЛ - Училишен развоен план* | | | |
| | | | *24. ПОКАЗАТЕЛ - Обезбедување на квалитет* | | | |

*Доколку сметате дека индикаторот „раководење, организација и обезбедување на квалитет" нема опфатено некој показател, наведете кој, или слободно дадете го вашето мислење или предлог во врска со овој индикатор.*
*Коментар:*

*Ви благодариме на поддршката!*

# *ПРАШАЛНИК ЗА ПЕДАГОШКО – ПСИХОЛОШКИТЕ СЛУЖБИ ИБ______*

*Почитувани,*

*Ве молиме да го дадете вашето мислење, со цел да помогнете во истражувањето за значајноста на показателите за одделните индикатори за самоевалуација. Прашалникот е анонимен, а со искреноста на вашите одговори ке помогнете во креирањето на индикаторите и показателите за самоевалуација што секако ке бидат од голема полза за основните училишта во нашата земја.*

*Во вашето училиште доставивме и придружен материјал кој ке ви помогне во пополнувањето на овој прашалник. Препорачуваме да го разгледате пред да ги дадете вашите одговори.*

*Однапред ви благодариме!*

**ИНФОРМАЦИИ ЗА ВАС**

**Основно училиште ______________________ општина ____________________**

| **Пол** | **Степен на образование** | **Работно искуство** | **Работно место** |
|---|---|---|---|
| а) женски<br><br>б) машки | а) ССС<br><br>б) ВПШ<br><br>в) ВСС<br><br>г) М-р | а) до 10 години<br><br>б) од 10 до 20 години<br><br>в) над 20 години | а) педагог<br><br>б) психолог |

**Забелешка: само еден избор во секоја колона*

*Дали во вашето училиште е вршена самоевалуација?*

*Доколку одговорот е позитивен на левата страна на скалите за процена обележете кои показатели **биле испитувани** и мерени во досегашната практика. На десната страна од скалата оценете со X колку според ваше мислење споменатите показатели **се значајни** и треба да бидат вклучени во процесот на самоевалуација.*

| ***воопшто не*** | ***делумно*** | ***да, во потполност*** | ***ИНДИКАТОР 4 Поддршката / помошта на учениците*** | ***не е значаен*** | ***значаен*** | ***многу е значаен*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | *1.ПОКАЗАТЕЛ - Грижа за учениците* | | | |
| | | | *2.ПОКАЗАТЕЛ - Поддршка на учењето* | | | |
| | | | *3.ПОКАЗАТЕЛ - Личен и социјален развој* | | | |
| | | | *4.ПОКАЗАТЕЛ - Професионална ориентација* | | | |

*Доколку сметате дека индикаторот „поддршката / помошта на учениците" нема опфатено некој показател, наведете кој, или слободно дадете го вашето мислење или предлог во врска со овој индикатор.*
*Коментар:*

| ***воопшто не*** | ***делумно*** | ***да, во потполност*** | ***ИНДИКАТОР 5 Училишна клима*** | ***не е значаен*** | ***значаен*** | ***многу е значаен*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | *5.ПОКАЗАТЕЛ - Углед и промоција на училиштето* | | | |
| | | | *6.ПОКАЗАТЕЛ - Атмосфера и меѓучовечки односи* | | | |
| | | | *7.ПОКАЗАТЕЛ - Партнерство со родителите, училишниот одбор и локалната заедница* | | | |

*Доколку сметате дека индикаторот „училишна клима" нема опфатено некој показател, наведете кој, или слободно дадете го вашето мислење или предлог во врска со овој индикатор.*
*Коментар:*

| **воопшто не** | **делумно** | **да, во потполност** | **ИНДИКАТОР 6 Ресурси** | **не е значаен** | **значаен** | **многу е значаен** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 8.ПОКАЗАТЕЛ - Човечки ресурси | | | |
| | | | 9.ПОКАЗАТЕЛ - Материјално технички ресурси | | | |
| | | | 10.ПОКАЗАТЕЛ - Финансиски ресурси | | | |
| | | | 11.ПОКАЗАТЕЛ - Ресурси на локалната средина | | | |

*Доколку сметате дека индикаторот „ресурси“ нема опфатено некој показател, наведете кој, или слободно дадете го вашето мислење или предлог во врска со овој индикатор. Коментар:*

| **воопшто не** | **делумно** | **да, во потполност** | **ИНДИКАТОР 7 Раководење, организација и обезбедување на квалитет** | **не е значаен** | **значаен** | **многу е значаен** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 12. ПОКАЗАТЕЛ - Раководење | | | |
| | | | 13. ПОКАЗАТЕЛ - Организација на работата на училиштето | | | |
| | | | 14. ПОКАЗАТЕЛ - Училишен развоен план | | | |
| | | | 15. ПОКАЗАТЕЛ - Обезбедување на квалитет | | | |

*Доколку сметате дека индикаторот „раководење, организација и обезбедување на квалитет“ нема опфатено некој показател, наведете кој, или слободно дадете го вашето мислење или предлог во врска со овој индикатор.*
*Коментар:*

*Ви благодариме на поддршката!*

***ПЕДАГОШКИ ИНДИКАТОРИ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ***

*Проценувањето на квалитетот на училиштето е несомнено потребно. Години наназад постојат инструменти за оценување на квалитетот кои го даваат потребниот бенчмарк за директорите, наставниците, родителите, учениците и за оние кои се занимаваат со мониторинг и ја проценуваат работата на училиштата.*

*Во последниве години најдобрите индикатори и стандарди за квалитет ги изработија оние кои се заслужни за дефинирањето и примената на самоевалуацијата во училиштата.*

*Во овој материјал предвидени се седум индикатори за сеопфатна самоевалуација на едно училиште кои се наменети за евалуацијата биде детална и аналитичка. Тие се:*

1. *Индикаторот -* ***„училишна програма и годишна програма на работа на училиштето";*** *(стр.3 во овој материјал)*
2. *Индикаторот -* ***„за постигањата на учениците";*** *(стр.3 во овој материјал)*
3. *Индикаторот -* ***„за учењето и наставата";*** *(стр.7 во овој материјал)*
4. *Индикаторот -* ***„за поддршката / помошта на учениците";*** *(стр.9 во овој материјал)*
5. *Индикаторот -* ***„за училишната клима";*** *(стр.12 во овој материјал)*
6. *Индикаторот -* ***„за ресурсите";*** *(стр. 15 во овој материјал)*
7. *Индикаторот -* ***„за раководењето, организацијата и обезбедувањето на квалитет".*** *(стр. 18 во овој материјал)*

*Почитувани!*

*Со цел полесно да го дадете вашето мислење за индикаторите за самоевалуација и нивните показатели Ве замолуваме да ги разгледате табелите што следуваат и да ја оцените нивната значајност за индикаторите за самоевалуација.*

*Од наставниците се бара да ги дадат своите мислења за индикаторите 2,3,4,5,6 и 7, директорите треба да дадат мислење за индикаторите 1,4,5,6, и 7 и педагошко - психолошките служби даваат мислења за индикаторите 4,5,6 и 7.*

*Однапред ви благодариме!*

## *1. Индикатор - Училишна програма и годишна програма на работа на училиштето*

### *1.1. Показател - Училишна програма*

| Тврдење | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Училишната програма има име, вид и траење | | |
| Училишната програма содржи задолжителни и изборни предмети | | |
| Училишната програма содржи факултативни предмети | | |
| Училишната програма содржи фонд на часови за секое одделение | | |
| Училишната програма содржи фонд на часови за секој предмет | | |
| Училишната програма содржи траење и основни форми на изведување на програмата | | |
| Училишната програма содржи постапки за остварување на пропишаните наставни планови и програми | | |
| Училишната програма обезбедува остварување на потребите на учениците и родителите | | |

### *1.2. Показател - Годишна програма*

| Тврдење | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Со годишната програма на работа се утврдува времето на остварување на училишната програма | | |
| Со годишната програма на работа се утврдува местото на остварување на училишната програма | | |
| Со годишната програма на работа се утврдува начинот на остварување на училишната програма | | |
| Со годишната програма на работа се утврдуваат носителите на остварување на училишната програма | | |
| Годишната програма на работа е во склад со програмата за воспитание и образование | | |
| Наставната програма предвидува знаења и способности со кои ученикот треба да се стекне по изучување на предметот | | |

## *2. Индикатор - За постигањата на учениците*

***Показатели:***
***2.1. Оценките и успехот***
***2.2. Квалитетот на знаењата***
***2.3. Приемни и квалификациони испити, натпревари***
***2.4. Мотивираноста на учениците***
***2.5. Вредности кај учениците***

***2.1.Показател - Оценките и успехот***

Успех (средна оценка) на учениците по одделенија и предмети

| одделение | средна оценка по одделение | наставни предмети | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

Успехот на учениците(средна оценка) на ниво на училиштето во изминатиот период

| Средна оценка 2007/08 | Средна оценка 2006/07 | Средна оценка 2005/06 | Средна оценка 2004/05 |
|---|---|---|---|
| | | | |

За евиденција на процентите на проодност по наставни периоди и тоа:
прво тромесечие, прво полугодие, второ тромесечие, второ полугодие

| одделение | процент на проодност по одделение | наставни предмети (% проодност) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

Проодност на учениците во изминатиот период

| % проодност 2007/08 | % проодност 2006/07 | % проодност 2005/06 | % проодност 2004/05 |
|---|---|---|---|
| | | | |

***2.2. Показател - Квалитетот на знаењата***

Прашалник за ученици

Ве молиме да одговорите на следните прашања проценувајќи ја точноста на тврдењето, односно степенот на присутноста, како и значајноста на дадениот исказ, по следната скала:

| ЗНАЧАЈНО | ТОЧНО/ПРИСУТНО |
|---|---|
| 1-незначајно | 1-неточно/не е присутно |
| 2-значајно | 2-делумно е точно/присутно |
| 3-многу значајно | 3 -точно/присутно во целост |

| ЗНАЧАЈНИ | | | ТВРДЕЊЕ/ИСКАЗ | ТОЧНО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | | 1 | 2 | 3 |
| | | | 1.Знаењата стекнати во училиштето ми овозможуваат подобро да се снаоѓам во сегашниот и идниот приватен и професионален живот | | | |
| | | | 2. Знаењата стекнати во училиштето ги користам во секојдневните животни ситуации | | | |
| | | | 3.Знаењата стекнати во училиштето ми помагаат во моето осамостојување и снаодливост | | | |
| | | | 4.Сум оспособен да ги поврзувам знаењата кои сум ги стекнал по еден предмет со знаењата кои сум ги стекнал по другите наставни предмети | | | |
| | | | 5.Знаењата стекнати во училиштето ми помагаат да се снаоѓам во нови и непознати ситуации | | | |
| | | | 6.Знаењата стекнати во училиштето ми овозможуваат да можам (без додатни часови) да одговорам на барањата на писмените работи, контролните задачи и усмените проверувања | | | |
| | | | 7.Знаењата стекнати на редовните часови и на часовите за додатна настава се доволни за да можам да се натпреварувам на училишно и општинско ниво | | | |
| | | | 8. Успехот што го постигнувам(оценките)се резултат од големиот поттик и помош што ги добивам од моите наставници | | | |

Прашалник за наставници

| ЗНАЧАЈНИ | | | ТВРДЕЊЕ/ИСКАЗ | ТОЧНО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | | 1 | 2 | 3 |
| | | | 1.Знаењата стекнати на моите часови им овозможуваат на учениците подобро да се снаоѓаат во сегашниот и идниот приватен и професионален живот | | | |
| | | | 2.Знаењата стекнати од моите предавања учениците ги користат во секојдневните животни ситуации | | | |
| | | | 3.Знаењата стекнати во училиштето им помагаат на учениците во нивното осамостојување и иницијативност | | | |
| | | | 4.Моите ученици се оспособени да ги поврзуваат знаењата кои ги стекнале по еден предмет со знаењата кои ги стекнале по другите наставни предмети | | | |
| | | | 5.Знаењата стекнати во училиштето им помагаат на учениците да се снаоѓаат во нови и непознати ситуации | | | |
| | | | 6.Знаењата стекнати во училиштето им овозможуваат на учениците да можат (без додатни часови) да одговорат на барањата на писмените работи, контролните задачи и усмените проверувања | | | |
| | | | 7.Знаењата стекнати на редовните часови и на часовите за додатна настава се доволни за да можат учениците да се натпреваруваат на училишно и општинско ниво | | | |
| | | | 8.Успехот на учениците(оценките) се резултат на мојата работа и залагање | | | |

Прашалник за родители

| ЗНАЧАЈНО | | | ТВРДЕЊЕ/ИСКАЗ | ТОЧНО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | | 1 | 2 | 3 |
